# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 мај 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 98-та седница на Собранието на Република Македонија , до одморите ќе стигнеме до стота.

Пратениците: Цветанка Иванова, Есад Рахиќ, Весна Борозан, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Славица Грковска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Орданчо Тасев, Блаже Стојановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Али Ахмети, Аднан Јашари и Назми Бекири ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да ја почнеме седницата со пратенички прашања,констатирам дека со поставувањето за вонреден и ополномошен амбасадор на Република Македонија и постојан претставник на Мисијата на Република Македонија при Советот на Европа на доктор Елеонора Петрова Митевска и престанува мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска беше избрана од листа на кандидати, потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидат од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Неждет Мустафа, Силвана Бонева, Назми Бекири и Драго Шајноски.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Фатмир Асани и Емилија Костадинова.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Силвана Бонева, Иван Анастасовски, Ѓорѓи Трендафилов, Зоран Томиќ и Илија Србиновски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање доставено од пратеникот Благородна Мингова-Крепиева.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Хисни Шаќири.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Наташа Биковска.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Каме Петров и Селвије Салиу.

Министерот за економија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Би сакал да ве известам дека имаме допис од МНР дека поради зафатеност не можат да присуствуваат ни министерот госпоѓа Илинка Митрева, ни заменикот господинот Фуад Хасановиќ, така што сите прашања доставени до нив ќе бидат пропратени и ќе добиете писмен одговор, освен ако премиерот не се пријави односно претседателот на Владата да одговори на тие прашања.

Ист таков допис добивме од министерот за економија, од Министерството за економија, бидејќи и двајцата претставници се отсутни.

Го молам пратеникот Неждет Мустафа да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Неждет Мустафа не е присутен.

Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволан од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги!

Моето прашање беше во врска со рестартирањето на рудникот "Злетово". Незадоволните рудари од рудникот "Злетово" деновиве излегоа пред Министерството за економија да протестираат против индолентниот однос на Владата и на ресорните министерства кон прашањето за ревставрирање на горе споменатиот рудник, каде новиот сопственик требаше да го стори тоа до март оваа година. До овој период новиот сопственик требаше да започне со реставрирање со производството во рудникот "Злетово" и да врати на работа 500 работници. Бидејќи досега ништо не е направено, се случија протестите на рударите и токму заради тоа моето дополнително прашање ќе биде, што планира ресорното министерство да преземе, за да се интензивира процесот на ревитализација на происводството во рудникот "Злетово", а воедно и да се реши статусот на работниците од овој рудник, кои подолго време не се на своите работни места.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање? (нема)

Не гледам пријавување од страна на Владата за да се одговори на ова прашање.

Писмено ќе бидете дополнително известени за ова ваше дополнително прашање.

Господинот Назми Бекири не е тука, и тоа значи дека неговкот одговор не можеме сега да го гледаме.

Господинот Драго Шејноски молам да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шејноски.

**Драго Шејноски:** Благодарам,

Јас го добив сега одговорот пред три минути и прочитав набрзина. Не сум задоволен и ќе поставам нови дополнителни прашања.

Одговорот го примив сега и незнам зошто после два месеци токму денес требаше да ми се предаде, но добро сум запознат со случајот и ќе се обидам да поставам други прашања.

Одговорот започнува со тоа дека е невообичаено пратеник јавно да обвинува јавен функционер, без при тоа да понуди било какви докази или аргументи за искажаниот став. Ќе го употребам истиот збор, невообичаено е што Владата се обидува преку одговорот да ми го одземе суверенoто право да прашувам и да размислувам различно од нејзе, обидувајќи се од самостоен мислечки субјект да ме претвори во послушник. Да го прарафразирам Фром, светот почнал со чинот на непослушноста, но не е неверојатно дека ќе исчезне со послушноста.

По однос на првото прашање давате некои аргументи во одговорот, меѓу другото и тој дека фирмата АРАРАТ се занимавала со трговија, со шеќер и со незнам што.

Штом е таа таква фирма, таа сигурно ќе тргува со нешто, дали е тоа шеќер или тикви не е проблемот на моето прашање. Велите дека во процесот на приватизацијата имало неправилност. АРАРАТ своите акции ги купи на берза од државата. АРАРАТ не е директор ниту на берзата, ниту претседател на Влада. Дошол човекот во берза, понудил цена која што се барала и ги купил акциите од берзата. Ако имало некои неправилности тоа требаше да го каже тогаш Комисијата за хартии од вредност, берзата да ја стопира трансакцијата или Владата да се откаже од продажбата. Според тоа, не ми е јасно која е вината на овој акционер што дошол на македонската берза и слободно под ничија присила купил акции во случајов од ЕМО. Тоа што вие мислите дека сте се сомневале во потеклото на неговите пари, требаше да го докажете. Тоа може да се изврши после израмнувањето, а не после три години.

За ваша информација ниту Агенцијата за приватизација потврди дека имало неправилности во трансакцијата, нити Народниот правобранител, а Комисијата за антикорупција потврди дека трансакцијата е во ред.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски поминаа вашите три минути за дополнително прашање.

Бидејќи, немавте дополнително прашање, одиме на следното прашање.

Господинот Фатмир Асани не е присутен.

Го молам пратеникот Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за правда или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова;

**Емилија Костадинова:** Сакам да се заблагодарам на Министерството за правда за брзиот одговор на моите пратенички прашања кои се однесуваат за текот на стечајните постапки на ЗИК-Брегалница-Виница и ДО село Трстија - Виница . Од одговорот донекаде сум задоволна, бидејќи хронолошки се опишува текот на стечајната постапка, но од одговорот не може да се види брзото завршување на тие стечајни постапки. Немам дополнително прашање.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Го молам пратеникот Силвана Бонева да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнителни прашања.

**Силвана Бонева:** До министерот за внатрешни работи во име на граѓаните од село Џепиште и Отишани од општина Дебар, кои живеат непосредно до границата со Република Албанија, бев замолена да го поставам пратеничкото прашање кое што се однесува на нивната лична безбедност, нивната загрозеност и физичка, меѓутоа и безбедноста не само по нивното здравје и живот, туку и по имотот од влегување на разни разбојнички банди од територијата на Република Албанија кои што поминуваат на територијата на Република Македонија. Луѓето, навистина, загрижени и уплашени за своето опстојување бараа од МВР повторно да ги врати полициските станици кои што ги имало во селата, за да може да ја гарантираат нивната безбедност.

Од одговорот на прашањето, нормално не сум задоволна, бидејќи не добив одговор дали ќе бидат вратени, туку во одговорот се вели дека функцијата полицијата ќе ја извршува преку зајакнати патроли се до преземањето на надлежноста на границата од страна на граничната полиција. Значи, проблемот останува отворен, нерешен, па ако смета МВР дека може селото Џепиште и Отишани, значи граѓаните од овој крај да им ја гарантира безбедноста полицијата од Дебар, јас мислам дека и тие се убедени дека тоа не е доволно и дека тоа полицијата неможе да го направи. Гледаме дека само пред два дена на 24-ти имаше еден, би кажала потежок инцидент, исто така од разбојнички банди кои си дозволија дури во градот Дебар да влезат, да ги нападнат полицајците. Во овој судир за среќа немаше човечки жртви, меѓутоа, видовме дека во самиот град Дебар не се гарантира безбедноста на граѓаните, дека си дозволија да пукаат на полицијата, а камо ли пак граѓаните од село Отишани и Џепиште да им се гарантира безбедноста.

Заради тоа, прашувам уште еднаш, дали ќе поставаат полициска станица за да ја гарантираат безбедноста на граѓаните таму и дали ќе овозможат на децата да имаат организиран превоз, се со цел да се гарантира нивната безбедност до училиштето во селото Џепиште.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи министерот е на пат, а заменикот не е тука, ќе добиете писмен одговор.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се признесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам претседателе, сега бидејќи имам два одговори од МВР, сумирано од едниот одговор сум задоволен, од другиот не, но сега нема претставник и неможеме да коментираме за тоа, а директно се работи во МВР, значи немам дополнително прашање и по однос на тоа што не сум задоволен.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Трендафилов не е присутен.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата,

Од одговорот на министерот за внатрешни работи мора да бидам искрен и да кажам дека не сум задоволен. А, не сум задоволен од следниве причини. Мислам дека МВР преку неговиот одговор, преку одговорот што е стигнат до нас пратениците само на законски начин ни укажува што е проблемот со статусот на резервистите, кои морам да признам дека повеќе од еден месец се наоѓаат надвор и од работниот однос при МВР, меѓутоа и го блокираат автопатот Тетово-Скопје.

Моето прашање конкретно се однесуваше не само околу нивниот статус, туку што се превзема. Веднаш да ви кажам дека остварив поголем број на средби со вработените, каде што истите ме информираа дека тие преземале најчувствителни акции, дека од страна на некои поранешни министри, не конкретно на новиот министер, им било ветувано дека на одреден начин ќе им биде регулиран нивниот статус. Па, јас повеќе би апелирал, не би имал дополнително прашање, сериозно да се разгледа статусот на овие лица. Станува збор за група од 45 вработени кои биле ангажирани навистина како што пишува во одговорот за повремени работни задачи, меѓутоа, факт е дека учествувале во најкомплицираните акции во Тетово и Тетовско. Од таа причина апелирам до Владата на Република Македонија сериозно да се разгледа нивниот статус, да се изнајдат можности овие лица да бидат згрижени и вработени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Томиќ.

Го молам пратеникот Илија Србиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе,

Со оглед на тоа што во прашањето се работеше за ЗИК Анска Река-Валандово, МВР презело активности за утврдување на евентуални злоупотреби и финансирање за малверзации во работењето на правните субјекти во однос на приватизација на ЗИК Анска Река, но сега добро е што како МВР презело мерки и вика за овие проверки јавено е до Основното јавно обвинителство во Гевгелија и со оглед на таа најава од МВР, ќе го чекаме одговорот од Јавниот обвинител.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски,

Го молам пратеникот Благородна Мингова-Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Има збор прартеникот Благородна Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам претседателе,

Институтот пратенички прашања има и контролна функција, но исто така ги поставуваме прашањата да укажемме понекогаш дека долго време не се разрешуваат одредени проблеми и токму е такво прашањето кое го поставив меѓу две седници, а тоа е користењето на солидарниот фонд на корисниците на инвалидски пензии. Прашање, кое веќе десет години не се разрешува од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, така што од 1995 година е идентичен одговорот, како што го добив и сега.

Дополнителното прашање може да биде само истото прашање што го поставив, но се надевам искрено дека ова само ќе поттикне можност да седнат сите три здруженија заедно со ПИОМ и Министерството за труд и социјална политика и конечно да го разрешат прашањето на користење на солидарниот фонд.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Хисни Шаќири не го гледам. Не е присутен.

Го молам пратеникот Наташа Биковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе.

Благодарам, најпрво за доставениот одговор на моето пратеничко прашање. Практично, добив потврда на она што го наведов во моето образложение, односно дека по барањето од Берово транс, за добивање на редовна меѓународна линија Берово-Благоевград, Комисијата изготвила записници меѓу кои стои и барањето за Берово транс. Како што стои во одговорот, очекуваме дека постапката во најскоро време ќе биде завршена.

Благодарам на одговорот, задоволна сум и се надевам дека предметот за Берово транс во најскоро време ќе биде затворен.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Биковска.

Го молам пратеникот Каме Петров да се произнесе дали е задоволен од одговорите, повеќе одговори се, од одговорите добиени од министерот за финансии и сака да постави дополнителни прашања?

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, еве, јас ќе си одберам едно, еден од одговорите што беа доставени од страна на Министерството за финансии.

Во суштина, задоволен сум од одговорот, но имам мал коментар.

Интенцијата на поставеното прашање беше, бидејќи претстои одново одлучување во прв степен за проблемите на Агрокомбинатот "Лозар" во Велес, веројатно и одлучување во втор степен по жалба, исто така би молел наводите од ова пратеничко прашање како факти да се имаат во предвид.

Ова, отколку повеќе што во самиот одговор наведена е една важна околност дека со спогодба правните следбеници го презеле долгот по однос на јавните давачки. Прашање за преиспитување е дали тие давачки се реални, реално се утврдени и дали се исплатени. Дури тогаш ќе има услови за донесување на мериторина одлука.

Значи, немам дополнително прашање, но можеби овие, накусо наброени факти ќе имаат мал придонес во донесувањето на законита и правична одлука.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Селвије Салиу,да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Селвије Салиу.

Повелете госпоѓо Салиу.

**Селвије Салиу:** Ви благодарам почитуван претседател.

Се извинувам, но јас одговорот не сум го добила дома и не сум имала можност и да го прочитам одговорот. Одговорот сеуште не сум го примила.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, малку подоцна ги ставив слушалките, колку што разбрав вие не сте го примиле, сега го примивте.

Мислам дека службите не грашат. Од мое досегашно искуство, можеби не сте го добиле таму, каде што сте мислеле, но еве давам можност да го прочитате и да кажете повторно, вашиот прв впечаток, дали сте задоволни или не сте задоволни.

Повелете.

**Селвије Салиу:** До Министертвото за финансии прашањето ќе го поставам писмено, значи барам и писмен одговор.

Ќе поставам писмено дополнително прашање. Прашањето ќе го поставам повторно на наредната седница.

**Љупчо Јордановски:** Добро, ќе имате време за наредната седница ова прашање што ви е дадено да го проанализирате и ако не сте задоволни, рековте дека писмено ќе поставите дополнително прашање.

Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Прашањето, како што стои во одговорот на Министерството за економија беше поставено по трет пат. На три пати добивам различни одговори. Токму тоа е прашањето.

Значи, се работи за 15-те милиони долари што беа предвидени за Електростопанство на Македонија, кокнкретно за РЕК Битола од рускиот долг. Сега, дефинитивно добивам одговор дека овие средства ќе се искористат, се планира да се искористат за вложување во гасоводниот систем во Република Македонија.

Јас би го замолил Министерството за економија, затоа што РЕК Битола не е само она што рековте рударска опрема, и дека тука добивте поголеми цени, мислам дека претстојат генерални ремонти во сите три термоелектрани, така што овие 15 милиони долари би биле добредојдени во искористувањето за продолжување на векот на овие термоелектрани.

Прашањето би било, дали може да се порача руска опрема за термоелектраните и за претстојните ремонти во преостанатите два. . .

**Љупчо Јордановски:** Господо пратеници,

Дали сакате да ви да дам пауза од еден час со министрите да направите муабет посебно? Можеме и тоа, пратеничките прашања да ги направиме да бидат после во владината сала.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Значи дополнителното прашање би било дали овие 15 милиони долари можат да се искористат за опрема во термоелектраните на РЕК Битола, затоа што претстојат генерални ремонти во овие термоелектрани, затоа што векот на термоелектраните се ближи кон својот крај. Таа опрема што е комплетно иста може да се порача и дали може да се добие од руските производители? Мислам дека долгот што беше наменет за РЕК Битола треба да го искористи РЕК Битола. За гасоводниот систем треба допрва да се разговара.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Како што најавив на почетокот, на ова ќе добиете писмен одговор, бидејќи не се тука претставниците од Министертвото за економија.

Со тоа завршивме со писмените одговори.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања, според списокот.

(Пратеникот Каме Петров бара збор).

Пријавете се господине Каме да кажете во што е проблемот.

**Каме Петров:** Имам одговор на две поставени пратенички прашања од страна на Министерството за финансии. Дадов одговор само за едното прашње, односно за едниот одговор. Сакам да кажам и за другиот одговор.

**Љупчо Јордановски:** Јас потенцирав дека одговорите се во множина. Реков "прашањата", вие требаше да се произнесете.

**Каме Петров:**Би сакал да се произнесам и во однос на второто значајно прашање. Значајно прашање е. Ве молам претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Каме Петров, јас реков, "прашањата". Можевте да одговорите дали сте задоволни од првото, вие рековте дека сте задоволни и немавте прашања, а елабориравте скоро три минути. Можевте и на второто да го потрошите времето.

**Каме Петров:** Мислам дека е коректно да се произнесам господине претседателе. За една минута, мислам дека ништо не менува.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, една минута.

**Каме Петров:** Благодарам. Еве, дури и ќе скратам.

Но, би сакал да истакнам, заради тоа што би сакал и една мала порака да пратам, повеќе тоа ми е тенденцијата.

Би сакал да го кажам следново, одговорот е многу коректен од страна на Министертвото за финансии, содржаен и покажува дека Министерството за финансии и другите ресорни министерства, значи Владата во целина се во добра насока и даваат целосна поддршка во заокружувањето и завршувањето на Хидросистемот "Лисиче" во Велес.

И второ, што е најзначајно, очигледно е дека во однос на финализирањето на изградбата на објектот во Владата нема проблем, во реализацијата на шпанскиот кредит исто така нема проблем, што значи дека инвеститорот и изведувачите треба добро да ги засукаат ракавите и да го заокружат на време овој Хидросистем "Лисиче". Од нив, очигледно завси се.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сакам да ги известам пратениците, кога ќе прочитаме "прашањата" имате секој право за секое прашање по три минути да се изјасните. Инаку, ако читаме посебно, нема да знаеме за кое прашање станува збор. Или да ги читаме прашањата, но тоа ќе ни одземе време.

Така беше, Министерството достави, на "прашањата" секое прашање си има три минути да кажете дали сте задоволни или не сте задоволни.

Сега одиме на усмено поставување на пратенички прашања.

Според листата е на ред господинот Спиро Мавровски.

Повелете, имате право на три прашања во рок од 10 минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Моето прво прашање е до Министерството за здравство:

Која е причината Хосписот "Сју Рајдер", кој со трилатирален договор во 1998 година меѓу Министерството за здравство, Медицинскиот центар Битола и Фондацијата "Сју Рајдер" Англија во кој што договор Медицинскиот центар Битола се обврзува Хосписот да се изгради на нејзиното земјиште во кругот на болницата и да учествува во изградбата во инфраструктурата, значи комуналии, одвод, довод, вода, електрична енергија, а подоцна и во одржувањето во објектот, со тоа што истиот ќе остане во трајна сопственост, за да во 2005 година, со Одлука на Владата се пренамени во сопственост и владение на Герентолошкиот завод Скопје. Јас мислам дека е позната и спрегата што учествуваше во ова дејание: секретарот за здравство госпоѓа Ратка Куљан која е сопруга на господинот Зографски кој пак е претседател на Управниот одбор на Сју Рајдер за Југоисточна Европа, а чиј директор е д-р Аџиќ,директор и на Герентолошки завод Скопје. Мислам дека во сето дејание на крајот е тука и министерот Димов.

Хосписот "Сју Рајдер" и денеска е прикрепен за Медицинскиот центар Битола и ги користи неговите услуги, како стручни, технички, лабораториски, кујна и се останато. Како е можно да им се наплаќа на пациентите по 200 евра месечно на име партиципација, а потоа ги примаат со упати и сини картони, т.е. за се се фактурира и од фондот за здравство, па се поставува прашање дали ова е јавна или приватна установа? Хисписот се води како за лекување на термонално болни, а таму си примаат и стари лица кои се за во старските

домови и сега се поставува прашањето дали треба истиот да е под Министерството за здравство или под Минситерството за труд и социјална политика?

Дали Министерството за здравство и Фондот доктор Аџиќ и "Сју Рајдер" или секретарот за здравство би дале дозвола да се рекламира по медиумите и да даваат телефонски броеви за контактирање и вршење на домашни бесплатни посети, засега само во Скопје, а наскоро и низ Репоубликата, додека сите служби за домашна посета се принудени да наплаќаат по сто денари партиципација, со што на овие екипи им се прави нелојална и непринципиелна конкуренција, а кај нивните пациенти се направи збунетост и револтот заради селективното ослободување од наплаќање на партиципација. Прашањата се директно до министерот за здравство.

Второто прашање е во врска со нашите сонародници од Бегалскиот камп во Царина. Морав ова прашање да го поставам директно до Владата.

Во нашето туристичко место, во Преспа, во Царина се примени наши сонародници, македонци уште пред 15 години од соседна Албанија и беа сместени во постоечките хотелски капацитети. Таму, како во камп за бегалци беа сместени повеќе од десетина години, се до големата несреќа што ги снајде, а тоа е пожарот. Тој ги избрка и од она што можеа да го наречат "втор дом", што не беше тоа, а ние како влади и луѓе не направивме ништо за овие луѓе и после 15 години во Република Македонија, да не се чувствуваат бегалци во држава што ја сметаат за своја.

Дали со нешата негрижа се обидуваме повторно да ги вратиме во Република Албанија каде ќе бидат недобредојдени или пак да дозволиме и нивните деца да бидат деца бегалци, како што и денеска се старците од Егејска Македонија кои во далечната 1948 година заминаа од своите огништа и од тогаш да го задржат тоа име за искорнување од родните огништа "деца бегалци".

Ќе ја замолам Владата, од името на овие страдалцници и оние кои се наоѓаат низ целата Република Македонија, бегалците од Царина, раселените лица од кризниот регион, за сите македонци, да поведе многу поголема грижа и за истите да обезбеди нормален живот и вклучување во нормалното живеење во Република Македонија.

Дали постои можност истите да бидат преселени во град Ресен, каде би продолжиле со нормален живот, да добијат земја што би ја обработувале според Законот за доделување на земјоделско земјиште од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство? Дали постои начин од тоа времено сместување да се изнајде начин на кој што овие луѓе ќе можат да работат, творат и ги задоволат своите и потребите на своите семејства? Мислам дека за вакви ситуации не треба да се гледа ниту партиска припадност ниту националност, туку, како што покажувавме кон секого кој доаѓал и барал помош во оваа држава, значи она што им беше ветено на овие луѓе, мислам дека ветувањата паѓаат многу лесно. Но, за да се завршат тие ветувања, ни оди малку потешко.

Затоа, би ја замолил комплетно Владата на Република Македонија да се ангажира во однос на овие луѓе, затоа што нивното чувство и припадноста кон оваа држава сигурно дека ја покажале во овие 15 години.

И последното прашање до Министерството за економија, а тука и директно до Владата, мислам дека со последните случувања околу приватизацијата на ЕСМ би сакал една информација во однос на текот и настаните што се случиле досега и до каде се наоѓа таа работа? А, прашањето до Министерот за економија, пред една година имавме можност да присуствуваме на отворањето, на почетокот на отворањето на рудникот "Брод" - Неотино. Би сакал да добијам директна информација колку е направено во оваа година, колку е ископано, кои се перспективно гледаните работи во однос на она што треба да се случи и до кога се предвидува завршувањето на ископот и почетокот на работа во рудникот "Брод" - Неотино?

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Првото прашање е поставено до Министерството за здравство.

Има збор господинот Ќамил, заменик министер.

**Ќамил Ќамили:** Ви благодарам претседателе,

Бидејќи прашањето беше поставено со повеќе потпрашања, мислам дека ќе биде подобро посуштински да се одговори, па ќе одговориме во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање беше упатено до Владата, за бегалците сместени во Царина.

Збор има претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** На последната Владина седница, разгледувајќи ја Информацијата за состојбите во колективните центри во "Куба" и во хотелот "Кристал" во Куманово, каде што се сместени внатрешно раселените лица, беше отворена расправата и за статусот и положбата што ја имаат бегалците македонци од Албанија кои, како што спомна пратеникот Спире Мавровски, веќе десетина години се во Република Македонија.

Нудејќи решенија за овие внатрешно раселени лица, заменувајќи го нивниот статус и обезбедувајќи само сместување, Владата донесе одлука да им се исплаќа паричен надоместок во износ од 4.600 денари по раселено лице. Беше задолжено Министерството за труд и социјална политика, во контакт со бегалците македонци од Албанија а се обиде на овој начин да го реши надоместокот за нивното сместување, а знајќи дека дел од нив имаат намера да останат овде

трајно да живеат, решавајќи го нивниот проблем со вработувањето, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се подготвува инфорамција за можноста во Преспанскиот регион да се види состојбата со земјоделското земјиште во државна сопственост, да им се понуди на овие наши бегалци од Албанија. На тој начин да ја обезбедат својата егзистенција.

Во секој случај, бегалците македонци од Албанија не се заборавени и мислам дека и несреќата што се случи со пожарот во Царина само ќе ја принуди Владата да ги забрза активностите што во претходниот период беа пропуштени да се реши нивниот статус, долготрајно, а не со импровизирани, краткотрајни мерки.

Така што сите дополнителни активности што ги презема Владата и во писмена форма ќе му бидат доставени на пратеникот кој, ако имал контакти со бегалците сместени во Царина, да може и тој да ги информира.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, дали сте задоволни од одговорот. Ако сте задоволни нема потреба од писмена форма. Ако не сте задоволни ќе добиете во писмена форма.

**Спиро Мавровски:** Во интерес на овие граѓани, мислам дека ќе биде добро да биде тоа во писмена форма. Јас ги поздравувам напорите на Владата и мислам нема политички апослутно ништо дали оваа Влада, или било која наредна, мислам дека мора да ги среди овие работи и декларативно, се е во ред, мислам дека треба да преминеме на дело и да ги завршиме овие работи кои што се надевам, искрено. Благодарам.

Го очекувам писмениот одговор.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Министерството за економија.

Повелете збор има претседателот на Владата.

**Владо Бучковски:** Значи во еден дел ќе има и писмен одговор, а во духот на транспарентноста, затоа што на секоја седница кога има пратенички прашања, пратеникот Спиро Мавровски го актуелизира прашањето со приватизацијата на Електростопанство на Македонија, должен сум во име на транспарентноста да одговорам во делот на прашањето кое беше дирекно насочено за процесот во кој сега се наоѓа, приватизацијата.

Значи на седницата на Владата пред две недели ние всушност, го реализиравме моделот за приватизација кој беше донесен на 26 јануари оваа година, каде што го задолживме АД Електростопанство на Македонија најдоцна до 13 септември да заврши во натамошното раздвојување на АД Електростопанство на Македонија на два нови правни субјекти. АД производство и АД дистрибуција.

Респектирајќи ги ставовите на домашната експертска јавност и респектирајќи ги препораките кои ги упати Светската банка, пред се, кои беа поврзани со делот на производството односно до хидропотенцијалот на Република Македонија и хидроцентралите, кои според првичниот модел беа дел од приватизациониот процес.

На последната средба за време на годишниот состанок на Европската банка за обнова и развој, кој беше последниот викенд во Белград, со минситерот за финансии имавме разговори со претставниците на Европската банка за обнов аи развој, кои се наши партнери во процесо тна претприватизацијата и приватизација, за термините и начинот на кој ќе го продолжиме овој процес.

Според одлуката на Владата, како прво, продолжува процесот на приватизација. Како второ, паралелно се одвива процес на понатамошно раздвојување на Електростопанство на Македонија и како трето, побаравме од претставниците на Европската банка за обнова и развој да дадат согласност Термоелектраната Неготино, која во овој момент не е дел од системот и нема суштествена функција за функционирањето на Електростопанство на Македонија, да ја продадеме по пат на јавен тендер, за што постои интерес на повеќе странски инвеститори, вклучувајки ја Термоелектраната Неготино во периодот кој претстои да ја претворат веројатно во гасна централа за другите капацитети кои ги има во тој регион. Така што, како што реков во духот на транспарентноста ќе продолжиме и на сите пратенички прашања поврзани со Електростопанство на Македонија да даваме одговори, а од друга страна за конкретните работи врзани со Брод-Неготино ќе има дополнителна писмена информација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Мавровски дали сте задоволни со дел од одговорот.

**Спиро Мавровски:** Со дел од одговорот, да. Мислам дека ревидирањето на она што беше донесено на 26.01.2005 година и врз основа на она што веќе донесовме неколку закони во меѓувреме, мислам дека Владата со поголемо внимание треба да ги испраќа до нас пратениците сите законски проекти, затоа што ќе дојдеме во ситуација ова што понатаму ќе го работи Владата да дојде во колизија со она што ние како пратеници, како законски проекти ги носиме. Мислам дека тоа внимание и координација е апсолутно неизбежно за да дојдеме во ситуација на транспарентност и понатамошно работење на она што значи приватизација на Електростопанство на Македонија. Значи, Владата мора потранспарентно, не кога ќе биде принудена, дали тоа е Светска банка, Европска банка за обнова и развој, мислам дека и во законските проекти не треба да ги донесеме, па после тоа да добиеме напатствија, со кои што ќе треба амандмански да реагираме и да ги променуваме и нив. Затоа, треба полека, чекор по чекор да стигнеме она што ќе биде најдобро во однос на она што значи понатамошно работење на Електростопанство на Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Мала корекција. Кога реков дел од одговорот, мислев она што премиерот го одговори, бидејќи делот требаше од Министерството за економија. Бидејки вие сте задоволни со дел од одговорот, сега може да се заклучи дека комплетно сте задоволни од одговорот на премиерот.

Завршивем со трите прашања, сега има збор по редоследот господинот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Првото прашање го упатувам до Министерството за труд и социјална политика, со цел да се потикне вработувањето на лица кои се евидентирани како невработени и се корисници на паричен надоместок. По член 14 од Законот за изменвуање и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, објавен во "Службен весник на Република Македонија " број 37од 2004 година, во членот 72, се додава нов член 72-а кој гласи: "неисплатениот дел од паричниот надоместок, може по барање на невработеното лице да се исплати во еднократен износ, или во месечни рати, но не подолго од 24 месеци, доколку средствата се користат за засновање на работен однос на неопределено време.

Меѓутоа, постои согледување, посебно во текстилната индустрија, каде се ангажирани голем број на работници, дека е можна злоупотреба на оваа одредба и тоа како масовна појава на начин што одредени работодавци доставуваат до центрите за вработување програма, одлука и известување за повеќе од 5% од вкупниот број вработени лица на кои ќе им престане работниот однос по основ на технолошки вишок, за кои отказниот рок е три месеци.

По престанокот на работниот однос, сите тие лица се евидентираат како невработени и со решение на центрите за вработување им се определува висината и периодот за кој ќе бидат корисници на паричен надомест.

Во меѓувреме, се регистрира друг правен субјект, друга фирма од истиот основач, или од негов роднина, пријател и слично, во која се вработуваат овие исти лица, сега невработени и корисници на паричен надоместок, кои заради вработување на неопределено време, наводно, кај друг работодавач, поднесуваат барање до Центарот за вработување за исплата на еднократен износ на неисплатениот дел од паричниот надоместок.

Значи, овдека не е постигната целта да се стимулираат работодавачите, да се вработуваат од Агенцијата на невработени лица, корисници на паричен надомест, туку едни исти лица кои се превземаат во наводници од друг работодавач, всушност, повторно ќе работат во истите работни простории, на истите машини, но кај друг правен субјект ќе се одлеваат големи средства од Буџетот по основ на, горе цитираниот член, а вистинската цел, стимулацијата на работодавачите како активна мерка за намалување на невработеноста, нема да биде постигната.

Прашањето е следно: Од причина што согледувањето е дека злоупотреба на оваа одредба е можна како масовна појава, како Министерството за труд и социјална политика, ќе ја спречи оваа можност за злоупотреба на средствата во Буџетот на Република Македонија.

За првото прашање барам писмен одговор, а исто и за второто прашање барам писмен одговор, прашањето го упатувам до Владата.

На 52-та седница на Собраниеот на Република Македонија на 29 јануари 2004 година поставив пратеничко прашање за доделувањето на станови во таканречената функционерска зграда кај Железничката станица во Скопје. Во одговорот што го добив ми беа доставени точни податоци за имињата на оние што добиле станови, површината, начинот на кој е станот добиен и се констатирани огромни нерпавилности при самото доделување, за што се водат постапки за поништување на склучените договори, за доделување на овие станови. Поради големиот интерес на јавноста за оваа афера, која тежи повеќе од 3 милиона евра, а особено, што често се појавуваат коментари во средствата за информирање, како во последно време што беше во весникот "Време", барам, писмено Владата да ми одговори до каде е постапката за секој доделен стан, со поименични податоци за секој стан, како што барав на седницата на 29 јануари 2004 година.

Третото прашање е упатено до Владата, барам исто така писмен одговор. Прашањето се однесува на два сериозни проблеми, кои сметам дека не им е посветено сериозно внимание, а кои го заслужуваат тоа. Проблеми кои сериозно го загрозуваат и македонскиот национален интерес.

Првиот е поврзан со македонските државјани кои одат да студираат во Бугарија и во тој поглед последниве неколку години во Македонија се појавува голем бран на млади луѓе, кои со високо образование сакаат да се стекнат на бугарските универзитети, притоа, користејки ги погодностите на специјалните концесии на бугарската Влада, кои се нудат на македонските државјани. Помеѓу 700 и 800 државјани на Република Македонија, секоја година одат да студираат во Бугарија, за да во Бугарија сега имаме околу 3,5 илјади македоснски студенти, што изнесува повеќе од една десетина од вкупниот број на студенти во Република Македонија.

Особено загрижувачки во овој одлив на македонски студенти во Бугарија, не е во тоа што тие ќе се стекнат со високо образование надвор од Република Македонија, туку во тоа што студентите кои сакаат да се запишат на бугарските универзитети мораат да демонстрираат познавање на онаа верзија на историјата која се нуди во бугарските учебници, верзија во која се оспорува постоењето на македонскиот народ и со што се загрозуваат и самите национални интереси на Република Македонија.

Во овој поглед загрижувачки се и стипендиите кои ги доделува Министерството за образование на Република Бугарија, а кои се наменети за оние македонски студенти кои се имаат изјаснето како етнички Бугари, а бројот на заинтересираните за овие стипендии постојано се зголемува од страна на македонските студенти.

Вториот проблем кој е опфатен во моето прашање, се однесува на фактот дека се погоелм број на Македонци се стекнуваат со бугарско државјанство.

Само во последните четири годиниоколу 15,5 илјади Македонци се имаат пријавено за бугарско државјанство.

Бројот на кандидатите двојно се зголемува секоја година. Така само 2004 година околу 7,5 илјади Македонци имаат поднесено барање за бугарско државјанство. Имајќи го во предвид, загрижувачките податоци што ги изнесов, моето прашање до Владата на Република Македонија е дали Владата има изготвено стратегија и превземено конкретни мерки за да се спречат овие две особено сериозни за македонските национални интереси тенденции кои постојат на релација меѓу Република Македонија и Бугарија. Благодарам.

(Со седницата продолжува да претседава потпретседателот на Собраниеот на Република Македонија господинот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски. Првото прашање до Министерството за труд и социјална политика. Ќе добиете писмен одговор како што баравте.

Второто е до Владата, баравте писмен одговор, Владата ќе одговори писмено и на второто. Третото прашање побаравте да добиете писмен одговор, меѓутоа, премиерот бара да одговори.

Повелете, има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуваниот пратеник, зборувајќи за сериозноста на проблемот по негово мислење, зборуваше за несериозен однос на Владата кон проблемите кон евентуално загрозување на националниот интерес со тоа што близу 3,5 илјади студенти родум од Македонија, студираат во Бугарија и податокот што го изнесе дека во последните неколку години 15 илјади и 500, дотогаш македонски државјани земале бугарско државјанство. Податоците се различни. Дел од нив се откажале, дел од нив имаат двојно државјанство, така што е илеревантно за поентата која сакаше да ја постигне пратеникот.

Значи Владата ги следи сите овие случувања и на последната моја средба минатиот месец во Бугарија, јас имав средба со претставници на Македонците кои студираат на бугарските универзитети. Сметам дека во духот на пријателството и досега условно речено на најдобро можната соработка што ја имаат двете држави, ваквите паушални оценки можат само да создадат повторно тензии кои не ни се потребни, што треба да бидеме свесни на фактот дека Бугарија на 1 јануари 2007 година ќе биде дел од Европската унија. И во делот на сето она што говоревме ние како интегративни процеси, не можеме да правиме селекција и да има подобни и неподобни европски дестинации на кои ќе посочуваме нашите млади средношколци да се запишуваат. Мислам дека во ова време кога во високото образование ние имаме и во Република Македонија силен интерес за студирање не само на државните и приватните универзитети, туку и на низа други приватни странски универзитети, не постои инструмент на кој би можеле да ги спречиме нашите малди средношколци да се запишуваат во европските држави, односно во државите на Европската унија, како што е Бугарија.

Посериозно е прашањето околу начино ти мотивите за добивање на бугарско државјанство, но и реално говорејќи, тука станува збор за индивидуално право на секој од граѓаните на Република Македонија, каде што ние не можеме да влијаеме никако директно. А индиректно, со зацврстувањето на односите и пријателството помеѓу двете држави, иако под импресија секогаш можеби кога ќе дојде прославата на Свети Кирил и Медодиј робувајќи на минатото секогаш ќе сметаме дека ќе постои еден дел од нашата, условно наречена историја, која ние ќе тврдиме дека се присвојува од друга страна. Нашите бугарски пријатели ќе го тврдат спротивното, но во секој случај начинот на кој ќе се обидуваме да ги решиме актуелните пробелми, мислам дека ќе придонесе и понатаму да се развиваат во вистинска насока македонско-бугарските односи, гледајќи во заедничката европска перспектива. Ако се навраќаме во минатото и проблемите, мислам дека повторно ќе бидеме во оној период кога односите помеѓу двете соседни држави беа толку заладени што претставуваа еден од негативните примери како две држави од Балконот не соработуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Дали пратеникот Апостоловски е задоволен од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе. Ме радува фактот што од прва рака, од премиерот добивме таква информација. Иницијативата за поставување на ваквото прашање беше една инфорамција објавена од Лондонскиот Институт за воено и мirodобско известување и само една исправка немаат добиено 15 илјади Македонци државјанство од Бугарија, туку толку има пријавено. Ме радува фактот за податоците што ги изнесе господинот премиер околу ова прашање. Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски. Следен за поставување на

пратенички прашања е господинот Илија Србиновски. Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе, ќе гоискористам моментот за три прашања. Едното е до Министерството за надворешни работи, другото е до Министерството за транспорт и врски и третото е до премиерот на Владата.

Првото прашање до Министерството за надворешни работи се работи за следното: И покрај најавувањето за конечно затворање на пробелмот со одбележувањето на границата со Косово, ова прашање продолжува да биде неразрешено.

Доколку се погледне проблемот од аспект најавите за скорешно решавање на статусот на Косово, како и можните насилства и нереди кои би се јавиле при таа разрешница, логично се наметнува заклучокот дека во интерес на Република Македонија е да ги затвори сите отворени прашања со северниот сосед, зашто во спротивно тие отворени прашања би можеле да се искористат како основ за вовлекување на Република Македонија по идното потенцијално кризно жариште.

Овој процес се влече со години, а од Министерството не може да се забележи никаква засилена дипломатска активност за неговото решавање. Ваквиот пасивен однос на Министерството во однос на ова прашање резултира и со почетните најави од УНМНИК за приоритет во решавањето на статусот на Покраината, а дури потоа на проблемот на одбележувањето на границата.

Ваквиот пресврт на настаните е несоменено штетен по интересите на Република Македонија.

Според тоа, прашањето гласи: Дали Министерството за надворешни работи во координација со Министерството за одбрана може да достави прецизен план и методологија докаде е процесот на решавање на ова прашање и кој е рокот нанеговото завршување, доколку воопшто поседува таков.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски. Со кредит на Светската банка во овие години се врши ревитализација на шестте поголеми хидроцентрали во Република Македонија. Сите тие договори се склучени по системот клуч на рака и тоа по правилото првата демонтажа на старата опрема е обврска на Електростопанство на Македонија, а инсталацијата на новата опрема со пуштање во погон е обврска на изведувачот на работите. Во некои договори дури и демонтажата на старата опрема е во обем на работите на изведувачите. Сите предвидени активнсоти, според договорот требаше да бидат завршени до 31 декември 2004 година, за што Електростопанство на Македонија одржа церемонија во чес на завршувањето на проектот за ревитализација на ХЕЦ. До ден денес, работите не се завршени. Имено, сеуште се врши ревитализација на ХЕЦ-Вруток, на ХЕЦ-Равен, на ХЕЦ-Врбен, на ХЕЦ-Тиквеш, ХЕЦ-Глобочица и ХЕЦ-Шпиље.

Голем број од работите не се изведуваат во склад со договорот. Истите работи поради лошите припреми и монтажи се повторуваат по неколку пати, при што вонајголем дел се агажирани работници и средства од Електростопанство на Македонија. Пир што се направени штети поради нестручното планирање на застоите на поедини ХЕЦ појави. Незафаќање на вода во ХЕЦ-Тиквеш има Мавровскиот хидроенергетски систем, како и траен губиток од непроизведена електрична енергија и итно непланирано купување на струја кое е многу поскапо од редовното.

Ваквата сервилност на раководството на Електростопанство на Македонија спрема изведувачите, која се гледа во непреземање на мерки за денализирање на штетите, во давање дозвола да се менува квалитетот на опремата, понатаму ангажирање на работници и опрема од АД Електростопанство на Македонија без никаков надомест и продавање на старата демонтирана опрема од страна на изведувачите, зборува за голем личен интерес на раководството кое реагира несоодветно, практично Електростопанство на Македонија плаќа за работа која потоа сама ја изведува.

Прашањето гласи, зошто се доцни со завршување на проектот и колкави ќе бидат штетите во поглед на финансиската загуба по Електростопанство на Македонија од лошата имплементација на проектот, како и кои се загубите во трајното непроизводство на електрична енергија.

Третото прашање е до премиерот на Владата на Република Македонија.

На прагот е отпочнување на жетвата на пченицата. Имено, за 20-25 дена треба да отпочне жетвата и треба да се откупи пченицата. Оваа реколта е стратешка култура во Република Македонија а до ден денес нема најавено ниту откуп, ниту некој аранжман од мелничките претпријатија, ниту пак има формирано некоја цена во Република Македонија за оваа стратешка култура.

Ако Република Македонија треба да има некаде околу 300 илјади пченица, а може да произведе 200 илјади тони пченица, зошто не се дадат некои аванси или некој стимул за оваа култура, да не се доведеме во некое догледно време ние да купуваме пченица и по 16 денари по килограм.

Прашањето до премиерот гласи: дали мисли со одлука на Влада да донесе некоја заштитна цена, барем од 12 денари за откуп на пченицата, бидејќи за 20-25 дена треба да отпочне жетвата на пченицата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Првото прашање беше упатено до Министерството за надворешни работи. Ќе одговори претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Ќе одговорам од име на Владата, затоа што изрекувајќи тешки квалификации за пасивниот однос на Министерството за надворешни работи, извлече и погрешен заклучок пратеникот Србиновски.

Прво, сите анализи и сите информации се различни од она што му е напишано на пратеникот Србиновски и го прочита овде како прашање. Значи, се влегува во еден процес каде ќе се бара заеднички прифатливо решение за евентуалниот привремен статус на Косово кој, во краен случај, со подготовките што се прават ги исклучува насилствата и повторно разбувтување на старите екстремистички страсти во овој дел од Европа. Така што, таквите лоши сценарија со заплашување на македонската јавност, не треба да бидат дополнителен аргумент за да се констатира дека Министерството и Владата не прават ништо. Напротив се бараат начини и верувам дека до отпочнувањето на разговорите за евентуалниот привремен статус на Косово, ќе биде затворено ова прашање кое е еден од приоритетите на Република Македонија, уште повеќе што станува јасно дека тоа станува приоритет и за самите косовари, за привремената косовска влада која за да може да влезе со посилни адути во разговорите за евентуалниот привремен статус, треба да не создава неприлики во регионот, а пред се на своите соседи. Тоа им е јасно порачано и тоа го знаат. Но, заради различните толкувања на Резолуцијата 1244 Министерството за надворешни работи подготви информација до Владата, која денес ќе ја гледаме, каде што според експертските мислења на нашите експерти кои се консултирани од Министерството за надворешни работи, УНМИК го има мандатот да биде нашиот партнер во одбележувањето на границата помеѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора, на делот кон Косово.

Проблемот околу легитимитетот не наведе на тоа, во нашата официјална политика ова прашање да го третираме како повеќе политичко, бидејќи во даден момент требаше да се афирмира нашиот став и нашиот интерес, што е можно побрзо, за да се обезбедиме од евентуално финално решение за статусот на Косово, кое би го загрозило територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава.

Откако стана јасно дека било какво решение нема да значи промена на границите во регионот, ќе биде компромисно решение кое ќе го постигнат заедно Белград и Приштина, со посредство на Меѓународната заедница, ние по сугестии, кои мислам дека беа добронамерни, ова прашање веќе почнавме да го третираме како техничко и се бара технички да биде одбележана административната граница помеѓу Македонија и Србија и Црна Гора на делот кон Косово, која не е спорна.

Во еден спорен дел кој е на потезот кај Дебалде, ќе се изнајдат решенија и согласно меѓународните стандарди да бидат понудени повеќе решенија за приватниот сопственик кој има земјиште кое ја преминува граничната линија на терироројата на Република Македонија. Значи сите напори кои се прават и сето она што се прави како координација може да го направи спокоен пратеникот Србиновски дека нема да дојде до дестабилизација на Македонија при евентуално заеднички прифатливо решение што ќе го прифатат Белград и Приштина, заради тоа што до овој момент не е извршена демаркација на границата.

Сите други активности за кои бараше информации што ги прави Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана, ќе може да бидат дадени во писмена форма, но дел од нив ќе бидат од таков карактер што веројатно на следната седница не ќе може пратеникот Србиновски да поставува дополнителни прашања. Но за да биде поспокоен, сме подготвени да му дадеме во писмена форма и дополнителни информации за сите активности кои во изминатите шест месеци ги правеше Владата за да се затвори ова прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот на поставеното прашање, или имате дополнително прашање.

**Илија Србиновски:** Благодарам на одговорот, задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Одиме на второто прашање поставено до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ, заменик министер за транспорт и врски.

**Дејан Кошутиќ:** Само ако може пратеникот Србиновски да дообјасни зошто бара од нас одговор, бидејќи Електростопанство на Македонија е под ресорот на Министерството за економија. Ако може да ми го појасни прашањето.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски ќе добиете писмен одговор на второто прашање.

Третото прашање е поставено до Владата на Република Македонија.

По овластување на претседателот на Владата, ќе одговори заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Пченицата е важна култура и точно е дека за еден краток период ќе отпочне прибирањето на оваа култура. Меѓутоа, мораме да напомeнеме дека пченицата е важна култура во однос на застапеноста. Таа е најзастапена култура по однос на површините. Меѓутоа, по однос на остварениот приход од неа, по однос на ангажирање на број на вработени за производство на пченица и други параметри, таа

не е најважната култура во Република Македонија. Има многу други исто така важни култури. Меѓутоа како и да е.

Прашањето беше дали оваа година ќе има заштитна цена за откупот на пченицата.

На вас ви е познато дека пченицата во претходниот период имаше заштитна цена и не само пченицата туку и повеќе производи имаа заштитна цена.

Со потпишувањето на договорот за членство во Светската трговска организација, таа можност е исклучена односно формирање на заштитна цена на било кој производ во Република Македонија е исклучено и се води европска политика каде што нема заштитни цени, туку ќе има поддршка за поттикување на производството на одредени земјоделски култури.

Со оглед на малите средства што ги имаме во Програмата за поттикнување и развој на земјоделството, ние за 2005 година ќе поддржиме повеќе производи, како што се сточарски производи, јачменот односно сточната храна, шеќерна репа, сончоглед итн. Пченицата во овој пакет не е опфатена. Така што со оглед на тоа што секоја година се носи програма за поддршка на земјоделството, за 2006 година при донесувањето на програмата ќе направиме посебна економска анализа за оправданоста на оние производи кои ќе ги поддржуваме со програмата за 2006 година.

Значи, оваа година пченицата ќе нема заштитна цена, немаше ни минатата година, меѓутоа ние тоа го правевме во разговор заедно со Министерството за економија и со откупните претпријатија на пченица и оваа година ќе го правиме и ќе разговараме за да не се намали цената на пченицата.

Меѓутоа, морам да потенцирам и тоа дека Владата прави одредени чекори во однос на тоа да го ограничи увозот на недостаток на пченица со врзување на количините на откупената пченица, бидејќи Македонија не произведува доволно за сопствени потреби. Таа произведува некаде околу 50% од сопствената потрошувачка, што значи дека останатите 50% се увезуваат од други земји.

За да се увезе пченица од квотите без царина, Владата прави напори да ги ограничи односно да ги поттикне домашните откупуважи да откупат поголема количина на домашно производство, бидејќи од тоа ќе зависи количината која ќе може да ја увезуваат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Србиновски дали сте задоволен од одговорот, или имате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Почитуван потпретседателе, од прашањето не сум задоволен затоа што оваа Влада нема слух за оваа стратешка култура да се донесе една цена, што ја кажав, од 12 денари. Значи упорна е Владата, односно нема слух да се донесе една заштитна цена за пченицата. А тоа нека не ми кажува заменикот министер. Јас знам во соседна Грција за еден хектар засеан под пченица се даваат 900 марки неповратни средства, а да не зборувам тоа што тие таму имаат и заштитни цени. Значи сите култури се земени предвид за некоја заштитна цена, но за пченицата оваа Влада како да нема слух и не сака да преземе никакви мерки за некаков стимуланс за оваа култура.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Семијал Хасани.

**Семијал Хасани:** Благодарам господине потпретседателе.

Имам три прашања.

Првото прашање се однесува на многу министерства. Поради карактерот на прашањето би сакала писмено да ми се одговори.

Му се обраќам на премиерот, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за локална самоуправа.

Прашањето е, колку пати во овие министерства се користи дискреционо право и во кои случаи, од 1994 година.

Второто прашање го упатувам до Министерството за образование. Бидејќи министерот за образование не е присутен, би сакала да ми се даде писмен одговор.

Прашањето е што презема Министерството за образование во врска со регулирање на статусот на вработените во Министерството за образование, кои имаат повеќе од три години работно искуство, во континуитет на исто работно место а и натаму се на работа на определено време.

Третото прашање го упатувам до Министерството за финансии и би сакала писмен одговор.

Прашањето е, колку е остварен Охридскиот рамковен договор во Министерството за финансии од аспект на пропорционалната застапеност на етничките заедници.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Владата и до повеќе министерства.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Пратеничката инсистираше на писмен одговор и само таков може да биде, бидејќи бараше статистички податоци, колку пати од 1994 година до сега, посочените 4 министерства ги користеле подзаконските акти и дискреционите права при носењето на одлуките. Така што ќе го подготвиме писмениот одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Ќе добиете писмен одговор на поставеното прашање.

Второто прашање е упатено до министерот за образование.

Има збор министерот за образование, господинот Положани.

**Азис Положани:** Поради тоа што не бев во салата, бев во ходникот, ако е можно да се повтори прашањето односно главната поента на прашањето.

**Слободан Најдовски:** Прашањето е за статусот на вработените кои повеќе од три години работат во Министерството за образование на определено време, дали тие ќе преминат на неопределено работно време.

**Азис Положани:** Тоа прашање мислам дека беше поставено на претходната седница и мислам дека одговорив, но ќе повторам.

Точно е тоа дека со Законот за основно образование за вршење дејноста наставник, ќе треба да конкурираат само тие што имаат високо образование, значи факултетско образование.

Поради фактот што еден голем број на наставници кои се со вишо образование и кои веќе подолго време се во изведување на наставата, а да не се соочат со оваа законска, да кажеме, на некој начин, измена ние работиме и многу брзо ќе предложиме до Владата, тоа е ставено во процедура, овие наставници кои се со вишо образование и немаат шанса повеќе да конкурираат, поради законските измени, да бидат земени предвид при регулирање на нивниот статус и преминување од работен на определено работно време, како наставник, вработен на неопределено работно време. Се надевам дека до крајот на август додека на нив им трае работното време по основ на претходно веќе пријавениот конкурс, мислам дека таа работа, барем за овој дел на наставници, а има и повеќе кои се и со високо образование, а имаат повеќе од три години стаж, се надевам дека ќе ја завршиме работата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Госпоѓа Семијал Хасани дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или имате да поставите дополнително прашање.

**Семијал Хасани:** Делумно сум задоволна од одговорот. Но зборот ми е и за тие работници кои не се само со више образование, кои имаат и завршено факултет, а се вработени на определено време. Значи прашањето беше поставено во однос на тие вработени. .

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за образование, господинот Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Во обработка на нашиот материјал кој сме го ставиле во процедура до Влада, опфатени се и тие наставници и со високо образование, и во средното, не само во основното образование кои работат повеќе од три години и според Законот за работни односи, да им се преиначи работниот однос на неопределено работно време. Мислам дека со тоа и се заокружува одговорт. Да, во процедура се и тие кои имаат повеќе од три години. Но, велам, и првите и вторите се во процедура, тоа да се соодветно реализира во склоп на буџетските можности и во склоп на политиката на Владата што ќе треба да биде сигурно и во функција на подобрување на состојбите во овој сегмент на образованието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Третото прашање е упатено до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Во врска со конкретното прашање би сакал само да го прецизирам.

Министерството за финансии не го спроведува Рамковниот договор, се надевам дека тоа на сите им е јасно, туку ги спроведува уставните и законски одредби, иако меѓу нив може да се стави знак на еднаквост.

Согласно законот и Уставот, Министерството за финансии, со оглед на тоа што беше конкретно поставено прашањето, ја спроведува политиката на рамноправна и праведна застапеност.

Ако се интересира пратеничката за бројки, тогаш можам да соопштам дека врз основа на програмата, таканаречена ПАЦЕ која Владата ја спроведуваше во текот на 2004 и почетокот на 2005 година, се преземени од припадниците на заедниците 25 многу вработени со соодветна етничка структура, соодветна на стварноста во Република Македонија и тие во текот на 2004 и почетокот на 2005 година се реализирани, дополнително на тоа се преземени во текот на 2004 година уште 17 со високо образование припадници на заедниците и за оваа година планот е 22 кое до сега делумно е реализирано и до крајот на годината целосно ќе се реализира.

Како ќе заврши процесот ќе биде многу битно, како впрочем и за другите ресори што се во процес на децентрализација после 1 јули оваа година со префрлање на над стотина вработени од Министерството за финансии во локалните заедници ќе се смени дополнително структурата на вработените затоа што само со преземање од општините ќе биде практично намалување на бројот на вработените во Министерството за финансии по тој основ. Кога тоа ќе се случи, со оглед дека ги имаме точните бројки, дополнително ќе се подобри структурата со тие преземања кои одат кон општините и 2005 година ќе го оствариме планот како што е зацртан.

Се разбира дека процесот, согласно проекциите на Владата, ќе треба да продолжи 2006, 2007 година и понатаму. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Госпоѓо Семијал дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате да поставите дополнително прашање?

Има збор госпоѓа Семијал Хасани.

**Семијал Хасани:** Делумно сум задоволна од одговорот, но би сакала односно би инсистирала одговорот да го добијам написмено и тоа би сакала да ги изедначите процентуално вработените за да имаме поточен преглед на вработените. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Пред да му дадам збор на министерот за финансии, госпоѓа Семијал само да ве известам, право е на Владата, на министерствата да одговараат писмено или усмено. Ако тие ви одговорат усмено, тоа е нивно право.

Има збор министерот за финансии господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Министерството за финансии на редовна месечна основа ги објавува податоците не само за Министерството за финансии, туку за сите државни органи, вклучувајќи ги сите државни органи во буџетот на Република Македонија и таму се гледа движењето и во апсолутни и во релативни бројки по однос на сите етнички заедници, не само по однос на поставеното прашање. Редовно го доставуваме, а во оваа прилика може и дополнително да го доставиме, меѓутоа, одговорот го давам на оваа седница. Со тоа завршуваме, а фактот податокот кој го бараше ќе го доставиме до госпоѓата пратеник дополнително иако тоа на редовна месечна основа го публикуваме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Продолжуваме со поставување на прашања.

Процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам потпретседателе, мислам дека не е добро да се злоупотребува Деловникот на Собранието и да се дава одговор на пратеникот дека е право на министерот дали ќе одговори писмено или усно е право на пратеникот каков одговор бара. Дали ќе побара писмен или усмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Господине Алити јас најдобронамерно ве сваќам, но по Деловникот е напротив, пратеникот поставува прашање, а од министерот или од Владата зависи дали ќе одговори писмено или усмено. Момент, само да разјасниме, мислам дека нема потреба да го губиме времето, министерот одлучува како ќе одговори, а доколку пратеникот сака поширoки информации по однос на тоа прашање, може дополнително писмено да постави прашање или да побара информација. Деловникот е таков. Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Јас мислам дека пратеникот беше јасен одговорот го побара написмено. Не случајно пратеникот се произнесува дали бара писмен или усмен одговор од страна на министрите. Мислам дека не е добро да се манипулира по однос на ова прашање. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Можеме да се убедуваме или не, но Деловникот е таков и вашата процедурална забелешка не е на место.

Да не го читам Деловникот ова е усно поставено прашање од страна на пратеникот и министерот или Владата одлучуваат како ќе одговорат. Ако пратеникот постави писмено прашање, тогаш ќе мора да се одговори на таков начин.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Првото прашање ми е до министерот за финансии.

На 20 октомври 2004 година ова Собрание изгласа Закон за финансирање на политички партии и според завршните одредби на тој закон тој почна да се применува од 1 јануари 2005 година. Значи овој закон создаде обврска за финансирање на политичките партии во делот на јавни извори на финансирање на политичките партии, а тоа се буџетски средства. Во Буџетот не се предвидени средства за политичките партии кое претставува обврска од овој закон и јас би го замолила министерот за финансии да ми објасни зошто во Буџетот нема ставка за финансирање на политички партии иако имаме законски основ за тоа. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи, меѓутоа, министерот не го гледам присутен, тогаш директно би го насочила кон премиерот, бидејќи тој е одговорен за целата Влада.

Пред неколку дена се одржа финале на Фудбалскиот куп на Република Македонија Башкими Куманово - Маџари Солидарност Скопје. За жал на очиглед на македонската јавност тоа беше пренесувано на медиумите, на источната трибина која беше закупена од навивачите на Башкими беше симнато знамето на Република Македонија од јарболот и ставено знаме на Република Албанија.

Исто така за време на интонирање на државната химна на Република Македонија имаше недоличен однос на голема група на навивачи на Башкими.

Јас би прашала што е преземено со овој немил настан, бидејќи настанот ги крши и законските одредби и духот на Уставот и духот на Рамковниот договор, ако сакате, бидејќи доверба не можеме да градиме со вакви немили настани.

Молам, објаснување што е преземено за овој настан? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Првото прашање е до министерот за финансии.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Одговорот ќе биде многу краток, средства се предвидени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Ристана Лалчевска:** Имам дополнително прашање да каже каде се тие средства, бидејќи политички партии после пет месеци не добиле пари од Буџетот на Република Македонија. Каде се тие средства?

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор министерот за финансии. Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Не треба госпоѓа Лалчевска да е толку загрижена за парите што треба да се добијат на партиите. Парите се предвидени во Буџетот, нормално, во функции на државата. Ако госпоѓата Лалчевска очекува за секој поединечен закон поединечна ставка во Буџетот, тогаш нека не го гласа Буџетот што го предлагаме таков каков што е, туку да баравте промени, меѓутоа тоа е работа која нема да се случи. Значи, средствата се предвидени, а кога ќе се реализираат во Законот не е напишано и ќе се реализираат тогаш кога Министерството за финансии ќе донесе одлука и Владата на Република Македонија затоа што во Законот не пишува дека треба да се реализираат до 26 мај, туку во 2005 година. Тогаш и ќе се реализираат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Второто прашање е до Владата.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Министерството за внатрешни работи писмено ќе ја извести јавноста не само пратеничката кога ќе ги пронајде сторителите на немилиот настан кој ги вознемири граѓаните на Република Македонија.

Вообичаено е на вакви спортски настани од висок ризик како што беше овој ни се случуваат слични проблеми.

За потсетување, не само истакнувањето на знамето на албанската држава или на етничкиот симбол на албанците во Република Македонија по проблематичен настан, туку и истакнувањето минатата година на симболите на нацистичка Германија предизвика интервенција на Министерството за внатрешни работи при откривање на сторителите.

Во овој случај исто така ќе биде постапено независно од спомнувањето, незнам во кој контекст беше спомнат Рамковниот договор, нема никаква допирна точка ова случување со Рамковниот договор, туку насилството и ваквите настани ќе морат да се сузбијат енергично и на тоа работи Министерството за внатрешни работи.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, дали значи дека ќе има писмен одговор.

**Владо Бучковски:** Писмен одговор кога ќе ги откриеме сторителите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Продолжуваме понатаму со поставување на прашања.

Следен за поставување пратеничко прашање е Благој Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседател, почитуван премиер, господа министри.

Јас имам три прашања.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија. Би сакал да знам кога Владата планира да го стави на дневен ред и дали позитивно ќе се произнесе по однос на проектот односно елаборатот за дисперзија на студиски програми во високото образование во Источниот дел од Република Македонија поточно во Штип доставен од страна на Ректоратот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Се работи за проект кој е поддржан еднодушно од скоро сите градоначалници во регионот, бидејќи се работи за регион од околу 500 илјади жители во кој секоја година завршуваат преку 6000 средношколци и сметам дека со реализација на еден ваков проект ќе претставува една добра основа за подинамичен економски развој пред се на регионот од една страна. Од друга страна поради неможност да се запишат на нашите универзитети голем дел од овие млади одат и струдираат во странство, но уште е потрагично што поради сложената социјално-економска ситуација во државата, голем дел од младите не можат да го продолжат натамошното школување, што имајќи ја во предвид структурата на невработените во Република Македонија претставува многу негативна импликација за позабрзан, подинамичен економски развој на Република Македонија.

Затоа би апелирал, доколку е можно, овој проект час поскоро да почне да се реализира, бидејќи ќе биде навистина во функција на развој на еден поширок регион во кој подолго време нема реализирана позначајни, посуштествени проекти.

Второто прашање го упатувам до Министерството за труд и социјална полилтика, тоа е врз основа на иницијатива на поголема група граѓани од Штип, поранешни вработени во Текстилниот комбинат "Македонка" и "Астибо" кои своето право по основ на стечај го остварија во текот на 2002 година, меѓутоа, пред настапувањето на измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност сите тие имаат наполнето 55 години старост и во целиот овој период се наоѓаат на евиденција на Бирото за невработени на Агенцијата за вработување во

Штип и истите сметаат дека им следува право на паричен надоместок до ново вработување или пензионирање.

Би барал одговор, иако нема претставник од Министерството, тоа можат да го дадат и писмено дали овие наши граѓани имаат право и ако имаат право на кој начин треба тоа право да го остварат.

Третото прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски. Имено, се работи за следното. Од 26 декември 2003 година во Штип не е распишана лицитација на урбанизирани парцели. Тоа е скоро две години. Има подготвено околу 150 урбанизирани парцели. Има интерес од бизнис секторот и навистина не можам да сватам во ситуација кога се бориме за да ги поттикнеме инвестициите, да ја поттикнеме економската активност да не се распишуваат лицитации кои им се неопходни на луѓето од бизнисот, има и такви случаи од бизнисмени кои сакаат да го заокружат технолошкиот процес, меѓутоа, не се во состојба, бидејќи не можат по легален пат едноставно да дојдат до соодветен простор, до соодветна парцела.

Повторувам има преку 150 урбанизирани парцели и мислам дека час поскоро Министерството за транспорт и врски треба да преземе поголема активност, можеби ова треба да се направи на ниво на Република Македонија многу подинамично да го следи трендот и интересот на луѓето за вложување и навистина да излегува во пресрет и да создава предуслови за динамизирање на економските активности. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Првото прашање е до Владата и Министерството за образование и наука.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** На денешната седница на Владата, разгледувајќи ги конкурсите за запишување на државните универзитети, Министерството за образование и наука има подготвено информација за барањето на градоначалниците на локалните самоуправи од Источниот дел на Република Македонија за дисперзирање на дел од факултетите и отварање паралелни паралелки кои би биле со седишта во овој дел од Македонија.

Пратеникот Голомеов ќе дознае по денешната седница за одлуката на Владата која, условно речено, прифаќајќи го дијалогот со Универзитетот позитивно гледа на сето ова, но треба да се направат сериозни анализи пред се за финансиските аспекти и за просторните можности да се реализира од новата учебна година оваа идеја.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Голомеов дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Повелете.

**Благој Голомеов:** Задоволен сум од одговорот и би сакал само да посочам дека постои голема подготвеност од страна на локалните самоуправи да ги исполнат сите технички предуслови за отпочнување од оваа есен на дел од овие студиски програми.

Со надеж дека позитивен ќе биде одговорот од Владата, се заблагодарувам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Второто прашање беше до Министерството за труд и социјална политика, ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Одговорот би бил следен:

Во најскоро време ќе бидат завршени работите околу подготовка на нова лицитација за локации, согласно намените на урбанистичките планови и тоа на просторот на Република Македонија. Ист принцип на лицитација кој беше во декември 2003 година, тоа е една работа.

Втора работа со 7 мај 2005 година заврши фазата на процесот на денационализација така што ќе биде малку полесно да определиме локации, им се знае точната природа на сопственост.

Трето, околу интересот на бизнис секторот, поточно од Штип, бидејќи конкретно беше поставено прашањето.

Господине Голомеов 2003 година кога ја оствариме лицитацијата, Министерството за транспорт и врски се консултираше со својата подрачна единица во Штип во кој сегмент би евентуално граѓаните дали од бизнис секторот или од делот на изградба на индивидуални објекти и слично би покажале интерес за да лицитацијата има успех. За жал, во тој момент не беше покажан интерес, дали од природата, бидејќи оди преку лицитација или можеби интересот би бил преку непосредна спогодба, во секој случај тие проблеми се расчистени, ние ќе одиме со лицитација каде ќе биде транспарентно и можно сите да лицитираат така што многу брзо можете да очекувате одредени активности.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Господине Голомеов, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

**Благој Голомеов:** Задоволен сум од одговорот, се надевам дека ќе се динамизира оваа работа, бидејќи е навистина суштинска и сметам дека Министерството за транспорт и врски треба во текот на една година неколку пати одново да му пристапува на овој проблем и да бара начин тие лицитации да бидат малку почести, односно да го

следат интересот и за индивидуална градба секако и на бизнис секторот, бидејќи и едното и другото е во функција на економски развој на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата.

Дозволете ми да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Деновиве бевме фрапирани од ударната вест во средствата за информирање дека Институтот за политички студии во Лондон предлага прекројување на Балканот, а што е важно за нас припојување на Западна Македонија кон Албанија.

Што значи, се заговара уште една делба на Македонија. Веста е драматична, ако се има во предвид дека доаѓа од Лондон каде што во голема мера се креира и крои српската политика.

Прашањето гласи: Зошто Владата на Република Македонија  преку ресорното министерство за надворешни работи досега во јавноста не реагираше со никаков коментар, или протест.Ѓ? Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Познато е дека земјоделието во Македонија е главна стратешка стопанска гранка со чиј брз развој треба да се овозможи влез во ЕУ. И покрај тие сознанија, сепак за развој на земјоделието ништо не се работи, па дури интензинвно се работи за негово уништување и уназадување. Дека тоа е така државата со Закон ја укина помошта за производителите на пченица и тутун, двете стратешки земјоделски култури. Во исто време средствата што треба да се даваат како помош за подршка на развојот на земјоделците за одредени култури по хектар одвај стигнуваат за набавка на семе, а за друго и да не зборуваме. Со таквата несовесна аграрна политика земјоделието се уништува, а земјоделците се принудени да бараат друг излез, а тоа е напуштање на земјата и државата и барање егзистенција во Нов Зеланд, Австралија и други земји во туѓина.

Прашањето гласи, дали Владата преку ресорното министерство предвидува стратегија за развој на земјоделието и ако предвидува кога конечно ќе ја видиме таа стратегија?

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за култруа.

Секоја година Радио дифузијата на Република Македонија распишува конкурс за финансирање на проекти од областа на културата и др. кај независните продуцентски куќи во државата. Така и оваа година конкурсот одамна заврши, прифатени се проекти за финансирање, но еве, се наоѓаме во средината на годината, а средствата не се доделени на продуцентските куќи.

Прашањето гласи, кога ќе се даваат средствата на продуцентските куќи за реализирање на своите проекти, затоа што времето минува и ќе нема време за нивно реализирање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи. Ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Земјоделството е значајна стопанска гранка бидејќи учествува со висок процент како во домашниот бруто домашен производ, така во бројот на вработените и бројот на жителите кои што живеат во руралните средини итн. Република Македонија води посебна грижа за развојот на земјоделството. Грижата не се состои само во директна финансиска подршка, бидејќи финансиската моќност на државата е таа која што е и од тоа ќе зависи колку ќе се издвојат за директна подршка во земјоделството. Јас подршката ја гледам малку и пошироко од она што се однесува до директната подршка. Само да кажам дека и пченицата и тутунот и сите други производи кои што имаат заштитна цена сега ние не ги сметаме за стратешки култури, туку ги сметаме за многу чувствителни производи и при секое договарање со други земји за трговските односи со другите земји, овие производи и не само овие, туку и градинарски и други производи ги сметавме за многу високо чувствителни производи каде што ги штитиме со одредени царински давачки, односно со спречување на увозот, или пак со несимнување на царинските давачки за увоз во Република Македонија кои што можат да бидат конкурентни на домашниот пазар. Што значи дека помошта не е само во директна финансиска помош, туку и во барање на одреден амбиент каде што ќе можеме да запазиме да нема нелојална конкуренција во Република Македонија.

Што се однесува до стратегија, дали Република Македонија има стратегија за развој на земјоделството. Само да кажам дека во Република Македонија има изработено повеќе стратегии од кои едната од стратегиите е изработена од МАНУ за развој на земјоделството и последната стратегија која е изработена од Светска банка , или најпоследната стратегија која е изготвена со помош на сите вклучени научни кадри во Република Македонија заедно со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, тоа е стратегија за приближување на земјоделското стопанство кон заедничката европска земјоделска политика . Во таа стратегија не само што се опфатени точно со рокови кои се мерки треба да се преземат за да земјоделството во Република Македонија се

приближи поблиску до земјоделството на ЕУ, бидејќи нашата ориентација е таа.Ние сите преговори кои што ќе ги водиме со ЕУ најголема цел од тие преговори ќе бидат во однос на земјоделството и ние интензивно се подготвуваме. Реков, стратегијата е донесена на Влада на Република Македонија и по неа се работат повеќе проекти и повеќе задачи кои што произлегуваат од самата стратегија, бидејќи таа стратегија е ограничена и со рокови.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.
Господине Георгиевски, дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Од одговорот не сум задоволен, бидејќи кажа заменик министерот дека досега имало некакви стратегии. Јас немам никаде видено публикувани, објавени, национална стратегија за земјоделието, како што има национална програма и стратегија за култура, за образование која е сега во фаза на донесување. Национална стратегија нема донесено и пред јавноста прикажано. Ако има национална стратегија а вака земјоделието ни пропаѓа, навистина таа стратегија била неуспешна. Значи, успешна национална стратегија досега не сме виделе. И затоа се наложува како потпрашање, кога ќе се донесе национална стратегија за развој на земјоделието, успешна национална стратегија. Можеби досега имало некакви стратегии. Но, имало донесено стратегија од МАНУ, таква стратегија досега не е публикувана и не е обелоденета пред јавноста. Барам усно да ми се каже, каде е публикувана таа национална стратегија за развој на земјоделието?

**Слободан Најдовски:**Благодарам господине Георгиевски,

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Националните стратегии, посебно стратегијата изработена од МАНУ е публикувана, меѓутоа претпоставувам дека не била на Парламент. Стратегијата од Светска банка исто така не била на Парламент, тоа е стратегија која се прави во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. И последната стратегија за приближување на македонското земјоделство кон земјоделството на ЕУ е помината на Влада, меѓутоа не беше предвидено барем во тој момент да оди на Парламент. Ако тоа така се одлучи, тогаш може да оди на Парламент. Инаку тие се публикувани, односно ги има, незнам, претпоставувам не се во книжарите, не се ни во нашите институции итн. и во сите оние институции кои се заинтересирани да ги читаат, да ги гледаат итн.

**Слободан Најдвоски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за култура.

**Дејан Кошутиќ:** За жал, повторно погрешно поставено прашање. Меѓутоа, пратеникот ќе добие писмен одговор. Ќе се консултираме со колегите од Советот за Радио Дифузија.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине потпретседателе, јас имам само едно прашање упатено до Министерството за транспорт и врски кое треба да биде иницијатор и реализатор на она што е содржина на моето прашање. Во Република Македонија има околу 6 илјади лица со оштетен слух и говор. Тие живеат во светот на тишината, но плаќаат телефонски такси. Живеат изолирано од секојдневието, користејќи ги само пишаните медиуми, додека телевизијата им останува само како храна за очите.

Дали не е време Министерството за транспорт и врски да направи чекор за подобрување на статусот на овие лица. Сите тие се и со ниски примања, бидејќи работат во друштва со ограничени способности. Олеснувањето би се состоело во воведување на бенефиции во претплатата на телефонската такса како што е во Република Словенија, Република Хрватска, Србија и Црна Гора, соседна Бугарија, дури во Република Србија и Црна Гора имаат право на 300 бесплатни пораки на мобилната телефонија. Парламентарното Собрание на Европа ги признава јазиците на знаци како израз на европското културно богатство и како целосни и природни средства за комуникација на глувите лица. Затоа треба да се емитуваат телевизиски програми на јазиците на знаци, како и титлување на програмите кои што се емитуваат на говорен јазик, титлување на јазиците на знаци. Кај нас овие програми се минимално застапени. Уште би кажала дека парламентарното собрание се повикува на неговата препорака 1492 од 2001 година за правата на националните малцинства, а посебно на став 12 во врска со јазиците на знаци.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Госпоѓата пратеник ќе добие одговор во писмена форма за активностите на Министерството за транспорт и врски во делот на развојот не само на телекомуникација на технологија, меѓутоа генерално на областа која е покриена од тој аспект кои се евентуалните можности за прилагодување кон тие текови за кои пратеничката тука укажа.

**Слободан Најдвоски:** На прашањето ќе добиете писмен одговор.

Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, јас во принцип многу пратенички прашања не поставувам, но сметам дека овие прашања се актуелни, а тука се компетентните луѓе кои можат да одговорат, од едноставна причина што се

предмет на интерес на целокупната јавност. Според тоа ред е и за сопствено сознание и сознание на целокупната јавност некои работи овде да се расчистат.

Првото прашање е до премиерот.

Се работи за една суптилна работа која за мене не е суптилна, но бидејќи премиерот ја прифати оваа работа, морам лично да го прашам. Што со диво поставените споменици на Јосип Броз Тито, што мислите да преземете, затоа што се диво поставени и слични споменици кои секојдневно како печурки никнуваат низ Македонија како симбол на војната од 2001 година? Значи, тоа е првото прашање.

Второто прашање кое исто така се шири низ државава и претставува непознаница за мене, слушајќи едни и други страни, но мислам дека Владата т.е. премиерот е релевантен фактор кој може да каже. Лично ме интересира следното,

Кога ќе почнете со првата транша на исплатување на парите за нашите двајца бранители кои се во Хаг, за братот Љубе и Јохан Тарчуловски, затоа што од една страна слушаме дека е донесена одлука, од друга страна некој ни говори дека сета таа работа се кочи. Значи, барам релевантен одговор и овде пред македонската јавност, а гледам дека ова ќе стигне и до луѓето кои за жал се затворени горе, а вашиот збор верувам и јавно кажувам дека ќе има доволно тежина, дали тоа ќе се спроведе, или не. И во тој контекст колку е спремна Владата не само декларативно и практично да ги отвори архивите кои ќе помогнат на двајцата наши бранители кои се наоѓаат во Шевенинген.

Третото прашање исто така е многу битно кое можеме да го слушнеме преку медиумите како електронски така и пишани со статусот на Градската болница. Мене верувајте сеуште не ми е јасно што се случува таму и која е намерата еден таков центар кој во сите нормални држави во големите градски центри се наоѓа во центарот на градот. Впрочем и ќе ве потсетам дека после атентатот на господинот Глигоров првата реанимација е дадена во Градската болница која се наоѓа во строгиот центар на градот Скопје, а сега се има намера да се дислоцира во Воената болница. И се слушаат после тоа разни муабети, ќе се градела турска болница, па ќе била ставена на располагање на Собранието, затоа што Собранието е основач на Градската болница итн.

И уште едно битно прашање кое ми падна во очи.

Ова е во контекст на третото прашање.

**Слободан Најдовски:**Во ред. Само да ви укажам на едно. Веќе поставивте четири прашања.

**Александар Флоровски:** Јас поставив три прашања. Еве, сега ќе ви кажам дека се три прашања. Значи, поставив едно прашање за Градска болница, за парите за Хаг и поставив прашање за споменикот на Јосип Броз Тито.

**Слободан Најдовски:** И за архивите.

**Александар Флоровски:** Ама во контекст на прашањето е тоа за првата транша, или траншите кои ќе следуваат за нашите бранители во Хаг. Тоа е истото прашање, во истиот контекст е.

И до министерот за финансии, битно прашање, сакам да верувам дека е точно, колку е точна бројката дека од јануари, ако добро разбрав оваа година, терминот може и да го погрешам, не е битно, дека вработувањето е зголемено за 10,5% во државата што значи од 400 илјади невработени 10,5% доаѓа некаде околу 42 илјади. И од каде тие параментри, дали ви се од Државниот завод за статистика, или од Заводот за вработување?

Четвртото прашање е за вработувањето. Претходно се работеше за три прашања.

**Слободан Најдвоски:** Благодарам господине Флоровски,

Прво ќе одговориме на трите прашања. Четвртото прашање е надвор од Деловникот.

Првото прашање е до Владата, односно до премиерот.

Има збор господинот Владо Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија.

**Владо Бучковски:** Јас не сакам да го кршам деловникот. Вие рековте да избереме од четирите прашања на три прашања да одговориме.

**Слободан Најдовски:** Поврзете го тоа со одговорот, одговорете.

**Владо Бучковски:** Јас ќе се обидам да одговорам на две ипол прашања, половината ќе оставиме Поповски да одговори, за да биде во склад со Деловникот.

Значи, околу суптилното прашање за суптилните работи за воопшто диво поставените споменици, има само еден одговор, мора да се почитува законот. Надлежните министерства и надлежните служби треба да си ја вршат својата работа. Она што беше во јавноста како официјална информација, условно речено нема табу теми и непродуктивна некој пат може да биде и јалова расправата. Се знае, институциите даваат, или не даваат согласност да се поставаат нечии споменици. Затоа некој од предлагачите така институционално и ги водат своите предмети. За сето ова што сакаше суптилно да одговориме, се надевам дека суптилниот мој одговор е доволно јасен што сакам да одговорам на пратеникот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Флоровски дали сте задоволен од одговорот на прашањето, или сакате да поставите дополнително прашање?

**Александар Флоровски:** Не сум задоволен од одговорот, затоа што ми е одговорено само на едно прашање од поставени четири.

**Слободан Најдовски:** Претседателот на Владата ќе ви одговара на прашање по прашање како што се поставени. После секој одговор на поставеното прашање, ве прашувам дали сте задоволни, или имате по однос на тоа прашање да поставите дополнително прашање.

**Александар Флоровски:** За првото прашање, значи одиме како она вчера што се случуваше, еден шутира пенал, па другиот шутира пенал. Само да ве потсетам, можеби не е ваша вина, но во 1991 година овде во овој ист Парламент значи и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ донесоа Закон за престанок на името и важност на ликот на Јосип Броз Тито. Тоа очигледно некој го заборавил. Но сакам да ве потсетам, не е ваша вина, претпоставувам дека стручните служби или заборавиле, или не сакале да ви кажат, значи ние веќе Закон имаме, а тој закон никој не го почитува завршувам со ова прашање и го чекам одговорот на следното прашање.

**Слободан Најдовски:** Значи немате дополнително прашање.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Законот кој тогаш го укинавте беше за постоечкото одбележување и заштита на ликот и делото на тогашниот претседател Јосип Броз Тито. Тоа значи дека требаше да се тргне симболот кој стоеше овде, неговата фотографија и од сите простории и согласно тој закон кој требаше да биде спроведуван да се отстранат неговите слики. Сето она за кое говориме сега нема врска со 1991 година и со новите иницијативи кои можат да стигнат за сите видни историски личности, така што проблемот не е вака како што го поставивте несуптилно, туку не се решава проблемот на сегашните иницијативи или на сега, како што вие велите, дивопоставени споменици со тој закон, туку со регулативата која е предвидена, каде што имаат ингеренции Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, и дел од инспекциските служби. Дури за дел од обележјата и собраниската комисија за култура треба да го изнесе своето мислење за оние обележја и монументи кои се од Републичко значење.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Второто прашање е упатено исто така до Владата. Во состав на ова прашање имате две прашања во врска со траншата за исплата на помош на лицата во Хаг и второто прашање е дали ќе се отворат архивите. Изберете едно прашање за да одговорите, или ако сакате одговорете на двете.

Повелете. Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

(Реакција на пратеникот Флоровски)

Господине Флоровски, вие кога имавте збор зборувавте, сега ќе ве молам да го слушнеме претседателот.

**Владо Бучковски:** Ќе ги подведам двете потпрашања под едно генерално прашање, за соработката на Владата на Република Македонија со Хашкиот трибунал и ќе одговорам Владата како соработува со Хашкиот трибунал.

Соработката со Хашкиот трибунал ќе беше многу поедноставна ако имавме закон. Но, бидејќи немаме закон, а имаме практика како ја пополнуваме правната празнина, сметам дека беше непотребно собирањето поени минатата недела, и сега условно кажано, народски "после свадба тапани" да се решаваат некои релации кои веќе Владата успешно, според мислењата на сите претставници на меѓународната заедница и досега ги спроведува иако нема закон и е една од ретките држави од поранешна Југославија која соработува со Хашкиот трибунал и досега немаше проблеми, па заради тоа нема импликации на нашите стратешки терени.

Од друга страна, тоа ни создава проблеми кои не можат да се решаваат преку ноќ, а досега според мое мислење ги решаваме крајно коректно, применувајќи некој стандард. Значи делот од помошта која тргнувајќи од тоа дека се тоа наши државјани, независно од која етничка припадност, независно каде се наоѓале и на која функција се наоѓале должност е на државата уште повеќе што еден од нив бил министер во една од Владите, другиот бил државен службеник во едно од министерствата и се додека не се докаже спротивното, да ја нуди помошта прво парична и тоа го правиме и второ, со поткрепа на нивната одбрана. Тоа значи со користење на дел од документите кои имаат доверлив карактер. Ние и досега во соработката со Хашкиот трибунал со посебни одлуки на Владата, дел од материјалите кои имаат таков карактер ги дававме на увид на истражителите. Ако тоа сме го правеле во еден ист процес, истата методологија ќе биде применувана и за одбраната на двајцата посочени државјани на Република Македонија. Тоа значи дека нема никаква дилема и нема потреба на еден случај кој е со исклучителна политичка тежина, а не само политичка тежина, да се собираат ситни политички проблеми и да се кажува нешто што можеби заради карактерот на случајот Владата намерно не сака да биде докрај транспарентна, туку сака во соработката да биде крајно коректна и на крајот да се дојде до вистината и евентуалната пресуда да биде реален одраз на вистинската состојба. Така што достапноста на материјалите и неопходната помош ќе бидат дел од соработката што ќе ја има Владата на Република Македонија со Хашкиот трибунал и сите други шпекулации околу проширување на обвиненија или барање на нови сведоци се само дел од шпекулациите за создавањето на атмосфера каде што некој сака да собира на ситно политички проблеми.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Флоровски, дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Закон незнам зошто не е донесен, нема да навлегувам во тоа, но има уште една македонска изрека "после смрт

болест", "после свадба тапани" не оди. Јас се повикувам на одлуката која ја донесовте и од она што го кажавте можам да разберам дека ќе бидете максимално кооперативни и јавно дадениот збор ќе го испочитувате. Значи и за парите и за отворањето на архивите, тоа е едно прашање, а потпретседателот има намера да ги подели. Тоа е прашање во истиот конктекст. Значи ќе се има максимална соработка за да се помогне на двајцата луѓе кои се затворени таму.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Сега пак имаме уште два прашања, статусот на Градска болница и прашањето во врска со вработувањето. На кое прашање сакате да одговориме.

**Александар Флоровски:** Одговорете на кое сака Владата.

**Слободан Најдовски:** Статусот на Градската болница е прашање упатено до Владата Министерството за здравство.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Ќе се обидам под прашањето на пратеникот Флоровски и од двете прашања да најдам заедничка нишка, а тоа е невработеноста.

Значи дел од реформите кои ги правиме е да создадеме простор за отворање нови работни места, а и трансформациите што ги имаме во државната администрација да не продуцираат нови невработени или технолошки вишок. Дел од трансформациите се во Армијата на Република Македонија. Правејќи го проектот на кој начин вработените во Воената болница да не ги напуштат своите работни места, туку да станат дел од јавното здравство, се отвори можност да се спои интересот на јавното здравство со интересот на военото здравство и тогаш се отвори една од варијантите за дислоцирање на Градската болница односно за прераснување на досегашната воена болница во еден нов ургентен медицински центар кој би ги задоволувал потребите на Скопје онака како што е сега Градот со над 650 илјади жители. Тоа е само една варијанта која до крај не е финализирана, а имаше за цел пред се да го реши проблемот со евентуалното прогласување на технолошки вишок, затоа што на начинот на кој се врши трансформација на одбраната се опфаќа и делот на военото здравство. Оваа идеја треба да придонесе бројот на невработените да не се зголемува туку да ги покаже бројките што сега ќе ги каже министерот за финансии, која е тенденцијата на намалувањето на бројот на невработените.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Господине Поповски, доколку сакате можете да одговорите. ќе го прекршиме Деловникот, еве, повелете.

**Никола Поповски:** На Владата не и пречи ако веќе вие цените дека можеме да одговориме.

Јас дадов изјава дека бројот на невработени е намален за 10 илјади, а не за 10% и тоа е точната бројка во времето кога ја дадовме изјавата. Имено, бројот на невработени во Република Македонија од 1 јануари до 1 мај е намален за 10 илјади и е некаде 383 илјади, а очекуваме во текот на мај да се намали за дополнителни три илјади, што значи за првите пет месеци 13 - 14 илјади невработени ќе има помалку. Тоа се податоци од Агенцијата за вработување, бидејќи бројот на невработени го води Агенцијата за вработување, а државниот завод за статистика го презема од Агенцијата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господоодине Поповски.

Господине Флоровски, дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Не е битно дали сум јас задоволен или незадоволен, ова се пратенички прашања и како такви сфатете ги.

Има една нелогичност во сета оваа работа. Јас не сум експерт, не сум лекар, но разговарам и комуницирам со луѓе од  таа фела. Градската болница се наоѓа во Центарот на Скопје и сите патишта на Скопје водат тука. Во големите градски центри ширум Европа секаде постојат објекти од таков карактер од едноставна причина, пациентот што побрзо да стигне и да му се укаже прва помош, а после тоа да се дислоцира во Клиничкиот центар или незнам каде. Да ви посочам накратко само некои параметри. Од 1.01 до 1 05.о.г. градската болница има примено 22 илјади пациенти од едноставна причина што повторно ќе кажам сите патишта водат тука. Значи локацијата е многу битна. Со самото преместување на тие вработени во Воената болница ќе опадне и бројот на пациентите. Тоа е првата работа.

Втора работа: Ако говориме за реформи постои едно логично потпрашање, се прави реформа во примарното или првостепено здравство, значи кај општите лекарти или се прави реформа во секундарното здравство, каде што се прават оперативни зафати како што е Градската болница. Не мора да ми одговорите, одговорот го знам кој е, барем за себе, но што ќе се случи со тој објект. Прашањето е круцијално што со тој објект, каква намена ќе има, дали е точно она што се говори дека ќе подпадне под Собранинето, дали е точно дека тука ќе се лоцира некоја турска болница, која првобитно требаше да се гради кај Панорама. Јас говорам врз основа на она што можам да го слушнам, а Владини сознанија немам ниту некој ми кажал. Меѓутоа, сето она што го сублимирав го сублимирав во ова прашање и ако не можете да ни дадете усмен одговор, добро би било да ми одговорите и писмено, бидејќи едноставно утре ќе можеме да се повикаме и да поразговараме полноважно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Значи говориме хипотетички, евентуалната дислокација единствено ќе биде мотивирана од подигање на нивото на здравствените услуги, но не со загрозување на интересот на потенцијалните пациенти кои заради оддалеченоста во новиот ургентен центар, а тоа е сегашната Воена болница би можело да имаат фатални последици по нивното здравје.

Како второ, ако до тоа дојде, говориме хипотетички, Градската болница ќе остане деловен простор во сопственост на државата Република Македонија. Дали ќе го користи Собранието или Владата, која исто така кубури со деловен простор, односно со простор за сместување ќе видиме.

И трето, ова никако не е мотивирано, може за тоа и стенограмот да го користите, тоа и писмено ќе ви го кажам, евентуалната трансформација и дислокација на Градската болница не е поврзана со издавање на свој простор на сегашниот простор на било каков евентуален странски инвеститор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Има збор пратеникот Ана Андова.

Повелете госпоѓо Андова.

**Ана Андова:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван господине премиер и претставници на Владата, јас имам две прашања.

Моето прво прашање е многу конкретно и истото произлегува од контактите со граѓаните во канцеларијата на пратеникот.

Прашањето го упатувам до две министерства, прво, до Министерството за труд и социјална политика односно Агенцијата за вработување.

Познато е дека на нашите универзитети нема студиум за санитарни инспектори, а на евиденцијата на Агенцијата за вработување има регистрирано таков профил на кадри. Претпоставувам дека таков студиум завршиле на странски унвиерзитети. Бидејќи извесен период наназад не добиваме прегледи за структурата на пријавени кадри на евиденцијата на оваа Агенција, моето прашање е колкав е бројот на кандидатите инспектори.

Вториот дел од прашањето го упатувам до Министерството за здравство. Без разлика на тоа дали тој број на санитарни инспектори е на статистички значајно ниво или не во однос на вкупната борјка на невработени, упатувам прашање дали во Министерството има размислување во актот за систематизација на работните задачи да се додаде и овој профил на кадри, бидејќи согласно член 7 од Законот за здравствена и санитарна инспекција тоа е во надлежност на министерот, се разбира дококу обемот и содржината на нивниот студиум соодветствува на пропишаните акти и на нашите законски прописи. Претпоставувам бидејќи нема претставници од овие министерства дека одговорот ќе го добијам во писмена форма.

Второто прашање го упатувам до Министерството за надворешни работи. Во ноември 2003 година поставив прашање до Владата на Република Македонија во врска со отворање на граничен премин на нашата јужна граница на територијата на тогашната општина Конопиште, на местото наречено Полерец. Според новата територијална организација, сега е во новата општина Кавадарци. Ми беше одговорено дека Владата во својата годишна програма за изработка на урбанистички планови предвидува средства за изработка на урбанистички проекти за гранични премини. Овој граничен премин е влезен во таа програма, меѓутоа, изработката на урбанистички проекти за овој конкретен граничен премин може да отпочне дури откако ќе биде одредена пресечната точка на граничната линија со заеднички протокол меѓу Репбулика Грција и Република Македонија.

Оттука и произлегува моето прашање, земајќи ги предвид севкупните билатерални односи со Република Грција, но исто така и новите програми на ЕУ од 2004 година за погранична соработка на земјите, така и на Република Грција како земја членка кон соседите, како и во контекст на најавените инвеситиции на планината Кожув, дали има позитивен исчекор кон потпишување на таков протокол меѓу двете страни.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Андова.

Првото прашање беше упатено до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за здравство. Од Министерството за труд и социјална политика немаме претставник па во тој дел ќе добиете писмен одговор, а доколку заменикот министер за здравство сака да одговори - еве, ќе добиете и од Министерството за здравство одговор во писмена форма.

Второто прашање е упатено до Министерството за надворешни работи и бидејќи немаме претставник и на ова Министертсво и од нив ќе добиете одговор во писмена форма.

Следен за поставување пратеничко прашање е госпоѓа Силвана Бонева, но не е присутна.

Потоа на ред е господинот Џезаир Шаќири.

Повелете господине Шаќири.

**Џезаир Шаќири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Сакам да поставам три прашања, двете прашања се упатени до Министерството за образование и наука а третото до Министерството за внатрешни работи.

Би сакал да го прашам министерот за образование до каде се работите во врска со

објектот на гимназијата "Зеф Љуш Марку", бидејќи знаеме дека пред неколку години тој објект го започна претходната Влада, со некои реклами од страна на ДПА на Телевизија дека набрзо ќе се изгради тој објект. Истата работа се случува откако дојде на власт партијата на која припаѓа министерот, што ја критикуваше партијата што беше пред тоа на власт. Веќе две години на тоа место ништо не е работено, па прашувам до каде се работите односно кога ќе почнат тие работи, или имаат намера кога ќе дојдат парламентарните избори да поставуваат бетон како политички маркетинг, и покрај тоа што знаеме дека во Скопје има над 25 средни училишта ова е единствен центар за средно образование каде што има повеќе албанци во средното образование.

Второто прашање е упатено исто така до Министерот за образование. Имено, да ни каже министерот за образование за реалноста за започнување на средно образование во Битола, за тие албанци што се останати таму на тие простори и да им се даде можност да се образуваат на свој мајчин јазик во средно образование. Веќе две години се зборува за оваа проблематика и сакаме да знаеме која е причината што Министерството за образование не го започнува тој проект за започнување на тоа средно училиште во Битола.

Третото прашање е упатено до Министерот за внатрешни работи. Бидејќи министерот не е присутен, можеби премиерот може да одговори.

Во последно време коалиционите партнери донесоа закон за правата на граѓаните на Република Македонија за добивање државјанство.

Да каже еден пример што во последно време се соочува со тој проблем.

Во наштa политичка партија имаме 16 случаи, барања за државјанство кои што се одбинеи од страна на Владата, Министерството. Сите тие се на возраст најмалку 49 години. Единствена причина што е одбиено државјанството е поради тоа што не го знаат македонскиот јазик. Знаеме дека во Македонија втор службен јазик е албанскиот јазик, или тоа што го зборуваат повеќе од 20% од граѓаните што го зборуваат во Република Македонија, тоа е албанскиот јазик. Што сега ќе се случи? Дали на овие граѓани треба да им се одржи курс за возрасни за да го научат македонскиот јазик за да го добијат државјанството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шакири.

Да укажам дека законите ги носи Собранието на Република Македонија,не ги носат коалициони партнери, а друго е како ќе гласаат пратениците.

И околу службеноста на јазикот да ве исправам, точно е дефинирано како е и ве молам да употребувате онака како што е уредено во законите.

Првото прашање е упатено до Министерството за образование и наука.

Има збор министерот за образование и наука. Повелете господине минситре.

**Азис Положани:** Благодарам.

Без да навлегувам во историјата на пробелмот поврзан со изградбата на средното училиште "Зефљуш Марку" во Скопје, не сакам да навлегувам во историјата затоа што тоа е познато и има елементи и на нешто што е за жалење. Значи, поради таквиот тек на процесите сепак ќе одговорам на почитуваниот господин пратеник конкретно за тоа што се прави и како се прави.

Имајки предвид дека се знае зошто дојде до оваа состојба и во правец на расчистување на сите нерасчистениодноси, административни и т.н за да се започне изградбата ние направивме и сеуште правиме напори навистина оваа зграда да се изгради како што е предвидено.

Прво,сите вие знаете дека имаотно-правните односи кои што беа главна пречка уште се проблематизираат преку одредени судски постапки за кои што судот, ќе кажам отворено и најодговорно дека неажурно постапува и на некој начин ја одолговлечува реализацијата на овој проект во правец на ефективно работење и извршување на оваа работа.

Втора работа беше тоа што извршителот на работите, на кој што иако му беше дадено неколку пати шанса тоа да го направи, и уште од отпочнувањето на работата тој веќе излезе над земја, што значи се работи изнад земја, едната фаза условно да кажам веќе е завршена, но и оваа пак има проблеми и поради несоодветното извршување на работи во согласност со договорот ние пристапивме кон прекин на тој договор за да изнајдеме решение за побрзо реализирање. Нормално и оваа работа се проблематизира во судска постапка и сето тоа на некој начин одсликува понекогаш една жалосна состојба каде што минситерот за образование и наука прави се што треба да се направи за да го реализира процесот, но за жал работите уште не одат со потребната и очекувана динамика за да се реализира ова.

Се надевам дека со извршување и довршување на постапките кои што се предвидени по разни основи, веројатно и по разни мотивации ќе пристапиме оваа година минимум кон реализација на оваа фаза, затоа што иако е четврта година од предвидувањето на средствата што треба да се трошат, од Телеком, ние со разбирање на Влада успеавме и оваа година да ги одржуваме барем средствата кои беа предвидени и од тој контекс објектот не е ставен во опасност. Затоа велам бидејки средствата се обезбедени и после рокот што беше предвиден за искористување на средствата од Телекомот и поради очекувањето постапките кои што се покренати по разни основи, тие се две, едното е имотно-правни односи и друго по однос на прекинување на договор поради неизвршување на обврските од договорот на извршителот да завршат што побрзо. Се надевам

дека ќе успееме оваа година тоа што е предвидено да го завршиме, и се согласувам со степенот на загриженост и на пратеникот и на учениците и на јавноста во однос на динамиката за реализација на истото прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Господине Шакири дали сте задоволен од одговорот на прашањето, или сакате дополнително да прашате.

Има збор пратеникот Џевдет Шакири.

**Џевдет Шакири:** Донекаде министерот одговори на реалноста, меѓутоа би сакал јавноста да ја информирам дека проблемот што го знаеме јас и минситерот, зошто го велам тоа, затоа што објектот каде што се гради има воздушна линија 200 метри од местото каде што јас живеам веќе 7 години. Пробелмот не би требало да се однесе до судот и да се задоцни со овој процес затоа што знаеме дека нашето судство со години го одолговлекува овој случај. Кој најмногу ги трпи последиците? Се знае, учениците кои што шетаат од еден до друг крај на градот.

Всушност, тука се говори за едно населено место каде што веќе 39 години живеат тие лица таму и работата останала за 5 илајди евра да му се исплати земјиштето на тој човек, или пак да се премести до Визбегово, каде што живеат.

Доколку јас бев на ваше место господине минситер би ги дал од партијата тие 5 илјади евра и би го регулирал тој проблем колку што е можно побрзо, затоа што се знае дека вие не сте без пари. За последните локални избори сте имале стотици илјади евра...

**Слободан Најдовски:** Ве молам, господине Шакири.

**Азис Положани:** Со сета почит кон пратеникот имав чувство дека прашањето се поставува во правец на тоа што е предмет на едно заедничко загрижување на состојбите. Не со намера да се прошири размислувањето на одредени аспекти кои што немаат врска со оваа работа, но пак јас ќе одговорам на начин кој што ќе оди во правец на надминување на состојбите.

Ако веќе господинот пратеник има такви конкретни сознанија за одредени состојби таму за изнаоѓање начин и надминување и во врска со судските процеси јас ќе кажам пак дека јас не сум тој кој што предлага или биле мои ангажмани во правец на судско решавање. Јас јавно ќе кажам дека на господинот кој што мисли дека му е ускратено некое право од аспект на имотно-правниодноси му беше понудено токму тоа што господинот пратеник го кажува. Ги одби сите можности. Во две-три варијанти имаме понудено можности за да го исполни тоа свое право што му припаѓа. Ние не сакаме ништо туѓо, ниту како држава да придобиваме. Затоа најдобронамерно пак, бидејки се работи за едно многу важно и јавно прашање, тоа не е ниту партиско ниту само моментално владино прашање, па и госпдинот пратеник нека се вклучи во овој процес. Навистина отворен сум за подршка за изнаоѓање на можности за надминвуање на оваа состојба. Значи го подржувам степенот на загриженост затоа што е и таков, јавна свест и кај нас.

**Слободан Најдовски:** И второто прашање е упатено до минситерот за образование и наука.

Има збор господинот Положани.

**Азис Положани:** Ова прашање е поврзано со можноста во Битола да се организира настава и на албански јазик во средното образование, кое што сигурно законски е обработено во Законот за средно образование, и во Уставот соодветно е третирано, а Министерството е спремно секогаш да презема конструктивни и конкретни чекори за реализација на едно право во согласност со законот.

Во тој дух ние направивме напори заедно со мештаните и со заинтересираните родители тоа да го направиме, но климата за промоција на една таква можност и состојбата која не секогаш е поврзана директно со образованието е предмет кој треба да се има предвид кога се работи за едно така чувствително прашање поврзано со можноста каде што имаме распреплетени чувства на родители, деца и т.н.

Јас се надевам дека во Битола реализацијата на било кое право не го загрозува правото на другиот и во тој дух Битола како традиционално отворен град на некој начин е на добар пат во целост и тој пристап да го брани на некој начин, но за да се реализира тоа ќе треба да се видат одредени аспекти од законска норма, посебно на бројот на учениците, бројот на наставниците поврзано со законската потреба, како и другите услови кои ние во тек ги следиме. И основното образование има одредени моменти кои се подобруваат и пристапивме кон тоа базно пристапување за подобрување на состојбите во образованието и во овој дел со што мислам дека ќе си дојде постепено и само по себе до потребата и заедничката одлука и на Битолчани и на нас како централна власт, а сега и на локалната власт овој проблем навистина да го елиминираме од дневен ред.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Господине Шакири дали сте задоволен од одговорот на поставеното прашање.

**Џевдет Шакири:** Да, задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, третото прашање е до Владата односно до Министерството за внатрешни работи.

Дали некој ќе одговори на ова прашање.

(Претседателот Бучковски го извести председавачот дека Владата ќе одговори писмено),

Ќе добиете писмен одговор на третото поставено прашање.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Ристо Пејовски.

Повелете господине Пејовски.

**Ристо Пејовски:** Благодарам господине претседателе.

Пред да го поставам прашањето сакам да го запознам минситерот за животна средина и просторно планирање дека црната еколошка точка градот Велес има неискористена опрема со следната оперативна моќ.

Го анализирав сулфурдиоксидот, јаглеamoксидот, јагленхлородот, озон, рестирабилната прашина до 10 микрони, онаа која се внесува во белите дробови.

Тешките метали кои ги колектира, а потоа можат да се анализираат на атомски апсорбер.

Метереолошки параметри на оваа апаратура се брзина и правец на ветерот, воден талог, температура, воздушен притисок, соларна радијација, влажност.

Сите овие еколошки и метереолошки податоци се следат континуирано 24 часа. Податоците кон централниот компјутер се спроведуваат како збирна сума од мерења во рамки на 30 минути, на секои 10 секунди и 30 минутниот податок кон компјутерот ги регистрира како плус или минус пикови на максимално дозволените концентрации.

Оваа опрема е во специјални пластични контијнери поставени на две локации избрани од Републичкиот хидрометереолошки завод. Локалните компјутери сместени во станиците со специјална софтферска програма вршат техничка достава на податоците на посебни фрекфенции дадени од Министерството за транспорт и врски. Овој систем функционира од 1996 година без технички пробелми.

Податоците од овој тип се користат во светот во многу апликации како анализа на емисионите вредности во урбани средини, во стационарни и мобилни извори преку моќта да реагираат во реално време, веднаш доколку има оператор да ги следи податоците или ако нема во рок од 30 минути и доколку е поврзан со алармантен уред за концентрациите на максимално дозволените концентрации.

Исто така во метереолошки апликации и со разни намени во агрономија, климатологија, хидрологија, но и во урбаните планирања. Со овие апаратури овозможени се медицинско-еколошки иследувања на загадена и незагадена референтна средина.

Вкупната инвестиција МХК Злетово ја чинеше некаде околу 200 илјади евра. Заради амортизацијата вредноста е преполовена. За жал никој не оперира со нив, иако вкупните расходи за калибрирање хемикалии и филтри, одржување на станиците би чинеле не повеќе од 5 илјади евра годишно.

Користа на повторно активирање е повеќе наменска.

Прво, новиот сопственик на МХК ќе биде информиран за некогашните емисиони вредности, сегашните, кога фабриката не работи и очекуваните ако продолжи да работи со истата технологија.

Овие податоци се многу важни за граѓаните на кои може да им се овозможи контрола на фабриката и на тој начин да врши јавен притисок.

Овозможуваат и компаративно здравствено-еколошки студии. Исто така се патоказ за избор на нови технологии, но и влијаат на изборот на материјалите кои често пати се причина за поголема елиминација или емисија на поголеми количини на токсични елементи.

Од сето претходно следи дека податоците од овие станици треба да бидат искористени во фазата на договарање со стратешките партнери на кои ќе им бидат презентирани познатите податоци и може да се изврши притисок во еколошки инвестиции во текот на рестартот на Топилницата.

Затоа прашувам што ќе направите господине минситре да се стават во функција овие станици во интерес на општото добро на граѓаните на градот Велес.

Второто прашање ќе го доставам писмено преку службата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејовски.

Има збор заменик министерот за животна средина и екологија.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Пратеникот укажува на една состојба за постоење на апаратура за која што доста прецизно ги елаборираше можностите на апаратурата и нејзиното користење и можносттие што таа ги пружа. Добро насочи дека тие апаратури се наоѓаат во Хидрометереолошкио тинститут и ние во Министерството за животна средина и екологија имаме информативен центар каде што доаѓаат сите податоци за состојбата со загадувањето на водата и воздухот, во последно време дури и почвите во Македонија, кои се првични, пионерски, но во делот на мориторингот, пред се на состојбата со воздухот и водите е навистина на едно задоволително ниво. Не говорам дека е тоа идеално бидејки сепак тоа е еден процес кој последниве две години е во една офанзива на негово комплетирање. Дури се прават напори сите инструменти и апаратури кои постојат во државата, бидејки сепак сме една мала држава и препораката што ја укажува уважениот пратеник апсолутно ја поздравувам, сите инструменти треба да бидат во функција на државата не само за Велес туку и пошироко на сите простори во Републиката доколку имаме вакви апаратури.

Според тоа нашите напори за заокружување на мориторинг системот сеуште не се крајно дефинирани. Секако со општо согледување истите тие ќе се комплетираат со можност се она што е апаратура во делот на идентификацијата, на медиумите да биде апсолутно искористено.

Што се однесува до можноста за идниот сопственик, бидејќи веќе постојат потенцијални купувачи на Топилницата во Велес, во преговорите Министерството за животна средина

настапува согласно стандардите и европските директиви во однос на максимално дозволените концентрации во делот на воздухот и во водата. Според тоа, тоа се параметрите кои што идниот купувач, инвеститор од сега се запознава што се треба да направи и што ќе го чека во идниот период, согласно законската регулатива и спрочем законот кој верувам на една од наредните седници законот за животна средина ќе биде донесен. Бидејќи, денес, колку што сум информиран, завршува во владина процедура и ние навистина во наредниот период со сите релевантни можни купци ќе ги информираме за она што се обврските согласно законот, прописите и директивите, кои сме должни да ги испоштуваме. А, инструментите секако ни даваат можност да укажеме во која состојба се наоѓаме. Сега, пошто знаете дека Топилницата Велес не работи, состојбата е таа која што е.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам.

Господине Пејовски дали сте задоволни од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристо Пејовски.

Повелете.

**Ристо Пејовски:** Би сакал, наместо да одговорам дали сум задоволен или не, да изложам една сугестија која не би морала да биде прифатена, но заради тоа што граѓаните на Велес најмотивирани и ценејќи ги квалитетите на градоначалникот, би сугерирал доколку е можно, затоа што овие податоци на овие две станици одеа во Централниот компјутер во Топилница, доколку е можно да се замрежат или да се прошират, тие информации да стасуваат и во локалната заедница, со тоа што можеби ќе се овозможи и транспарентност и да се отстрани онаа калкулација дека секогаш се сокриваат тие податоци и на тој начин на најмотивираните, на најзагрижените граѓаните и градоначалникот да им се овозможи повратно да влијаат и тие да ги следат тие податоци. Дури и опцијата во овие машини, во овие апаратури каде што е оставена можноста со аларм да се вклучува, би било пожелно и таа да биде вклучена.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејовски.

Има збор заменик министерот за животна средина, господинот Матовски.

Повелете.

**Драгољуб Матовски:** Што се однесува до идејата да биде информирано локалното население, поготово ова што вие го говорите локалната управа, мислам дека навистина ќе нема потреба. Зошто? Затоа што сите податоци кои што ќе бидат собирани, ќе одат во централната станица во информативниот центар, кој во овој момент се наоѓа во Министерството за животна средина, но со неговото севкупно пуштање во работа, со опфаќање на целата република, зависи каде и како ќе биде. Се надеваме дека локацијата ќе биде највероjатно во Скопје. Се прават напори со сите можности од Хидрометеоролошкиот завод да се искористат потенцијалите што ги имаме и нашите потенцијали, впрочем, сите ресурси треба да бидат искорестени максимално, како техника и како луѓе, така што со влегувањето и станувањето на кандидат членка и со усвојувањето на законот за животна средина, со усвојувањето на сите оние декларации кои што ги имаме и конвенции, ние сме должни не само кај нас, туку и во Европа за 24 часа да имаат тотален преглед на состојбата од еко состојба, прво, во Будимпешта, а потоа во Брисел. Ќе се добива и повратна информација, така што за 48 часа ќе мора да дадеме информација за преземените активности. Според тоа, обврските на ова поле навистина ќе станат многу тешки и многу големи за државата и токму затоа Министерството прави напори, сите можни ресурси што ги има, како човечки, така и технички да бидат ставени во функција, бидејќи обврските на државата на овој план ќе бидат многу големи. Така, информацијата ќе биде многу брзо достапна до сите граѓани.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Матовски.

Имаме уште 12 минути до паузата за поставување на пратенички прашања.

Повелете госпоѓо Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Моето прво прашање мислам е до Владата, меѓутоа, тука е ресорниот министер господинот Владо Поповски и мислам дека тој ќе може да одговори, а, за тоа што беше задолжен за отстранување на последиците од поплавите кои се случија во струмичкиот, гевгелискиот и валандовскиот регион.

Моето прашање до господинот Поповски се однесува на прашањето на Браната Турја во Струмица и Моноспитскиот канал кои се тесно поврзани со отстранување на последиците од поплавите. Иако, на дневен ред на седница на Собрание беше поставена таа информација, не знам кога ќе дојде и затоа го поставувам ова прашање, а се однесува за санацијата на Браната Турја, затоа што оваа санација на оваа брана е важен и од безбедносен аспект на населението во поширокиот регион, затоа што таа санација според искажувањата на стручњаците претставува и едно опасно зло од идни силни врнежи во Струмица.

Додека Моноспитскиот канал од аспект на земјоделското производство кое е во тек и идните есенски посеви е многу важно за регионот во Струмица, кој што носи голем девизен прилив во републиката од земјоделското производство и е од големо земјоделско значење за жителите во струмичкиот регион, особено овој канал, меѓутоа, претставуваат еден значителен број на средства кој што Владата верувам дека на седницата кога ќе се дискутира по таа информација ќе даде

одговор, меѓутоа бара и од вас одговор околу тие два прашања поврзани со поплавите.

Второто мое прашање го поставувам до министерот господинот Положани околу училиштето во Моноспитово. Со господинот Положани бевме во посета на тоа училиште и таму им ветивте на жителите дека ќе биде завршено тоа училиште до завршна фаза, меѓутоа, тоа училиште не е завршено. Знам дека средствата од Владата се ограничени, меѓутоа зборот даден на жителите и на покојниот Трајковски мислам дека би требало да го одржите до следната учебна година и кои се вашите планови до наредната училишна година.

Третото прашање е до премиерот господинот Владо Бучковски, она што го слушнавме од медиумите еврообврзниците, повеќе не е толку колку прашање, отколку како иницијатива. Слушнавме дека за еврообврзниците доколку се вложат во развојни проекти, пред се, за побрз економски развој, ова сватетe го како иницијатива, доколку Владата размислува за предлагања за такви проекти, парниот правец Струмица-Штип-Свети Николе, за кој што расправавме во посебна информација и иницијатива на пратениците од Југоисточниот дел на Македонија за решавање на тоа прашање за кое што се потребни огромни финансиски средства кои што не можат да се решат преку Буџетот, па размислувањата во тој правец сватете ги како иницијатива и во делот на развоен проект на Југоисточниот регион Каргоавионот во Струмица и патниот правец кон Бугарската граница од аспект на приоритетот на европските политики за регионална соработка. Значи, инфраструктурни проекти за поврзување на струмичкиот регион како најголем производител на раноградинарски производи кои носат голем девизен прилив и тој патен правец, изместувањето на таа траса што минува низ сите струмички села, кои што претставуваат опасност за безбедноста на жителите. Знаете дека е голем бројот на селата по патот од Струмица кон Бугарија, така што еден таков голем проект мислам дека ќе има една ексонономска оправданост за финансирање од идните еврообврзници.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

На првото прашање ќе одговори министерот Владо Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Како што е познато Браната Турја е од посебно значење за Република Македонија. Состојбата со неа е следна. Неодамна со средства од Владата на Република Македонија е изготвен проектот Заводот за водостопанство на Република Македонија ревидиран од Градежниот факултет во Скопје. Имено, познато е во 2004 година за време на поплавите, беше оштетен преминиот орган на браната и според проектот санацијата на овој објект ќе чини некаде околу 22 милиони денари. Моноспитовскиот канал е во должина од нешто повеќе од 14 километри, нечистен повеќе години и со сета своја сериозност, се разбира, притиска. Постое елаборат што е изготвен од страна на вработените во Јавното водостопанско претпријатие "Струмички слив", меѓутоа, се разбира тоа е само доволен за почетокот на работите. Во иднина од познати причини ќе мора да се вклучи и Министерството за животна средина и просторно планирање. Но и за таа цел ќе бидат потребни околу 33 милиони денари. Барем според стручњаците за надминување на целосната состојба на проблемите кои што досега се присутни кога е во прашање Моноспитовскиот канал, потребно е во исто време да се чисти и реката Струмица, регулираното речно корито на реката Струмица во која што се влива каналот. Понатаму, да се поправат оштетените делови на речното корито во должина некаде од два и пол километри, но во исто време да се регулира и да се исчисти нерегулираниот дел на реката Струмица, посебно на потегот до границата или посебно таму каде што има наноси од чакал, песок и вегетација. За двете овие активности, за двете овие работи се потребни некаде околу 40 милиони денари. Значи, вкупно за санирање на состојбите поврзани со последиците од поплавите во струмичкиот регион или поточно на Браната Турја и чистење на Моноспитовскиот канал се потребни некаде повеќе од милион евра.

Владата на Република Македонија во текот на минатиот месец ја разгледа состојбата со речните корита, браните и каналите во Република Македонија, посебно по поплавите во 2004 година и во февруари 2005 година, притоа утврди и приоритети. Меѓу важните приоритети, се разбира, се и чистењето на Моноспитовскиот канал и санацијата на браната Турја. Во таа смисла Владата на Република Македонија донесе и конкретен заклучок, со што го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Јавното водостопанско претпријатие на Република Македонија да стапи во контакт со Армијата на Република Македонија во смисла на изнаоѓање на можности за евентуално вклучување на градежната оператива на Армијата за надминување на овие состојби.

Исто така, Владата го задолжи и надлежносто Министерство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ги продолжи активностите во смисла на изнаоѓање на средства за надминување на овие проблеми.

За информација на пратеникот, на пратениците и на јавноста се разбира, да кажам дека Владата на Република Македонија согласно конкретната програма донесена во текот на минатата година во струмичкиот регион во поранешните и сегашни општини обезбеди финансиски средства кои што се реализирани за санација на одредени комунални објекти. Во таа смисла останува да започне изградбата деновиве на мостот на реката Турја кај селото Доброшинци во општина Василево, за што се обезбедени финансиски

средства. Останува за реализација и изградбата на мостот исто така на реката Турја, локален пат број 15 Струмица-Стара Егечелија, тоа се средства на Владата. Изработен е проект, но во овој момент недостасуваат финансиски средства за таа цел, се разбира, единствено локалната самоуправа и градоначалникот на Василево ќе мора да вложат посебни напори и активности за обезбедување на истите. Значи, да се надеваме, да се вратам на прашањето на пратеникот дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со поддршка на Владата ќе ги изнајде потребните средства и дека во скоро време овие два проекти или два важни објекти ќе треба да се санираат, едниот браната на реката Турја, и вториот чистење на Моноспитовскиот канал, ќе може да биде започната реализацијата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Ивановска дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам на обемниот одговор на прашањето и јас како вас се надевам дека брзо ќе почне реализацијата на овие два важни проекти, иако средствата се толку.

Дополнително прашање би било дали Владата размислува фазна реализација, затоа што Моноспитскиот канал дозволува фазна реализација на овој брег во недостаток на средства на целокупна реализација, затоа што должината на чистењето е голема и огромни средства, како што кажав 33 милиони се потребни за тој проект. Дали размислувате во фазно реализирање, особено почнувајќи од вливот на каналот во река Струмица.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот Владо Поповски на дополнителното прашање да одговори.

**Владо Поповски:** Се разбира, јас кажав дека овие проекти и посебно проектот Моноспитово, чистење на Моноспитовскиот канал и браната на реката Турја оштетениот преминен орган се подолго време предмет на интерес на Владата на Република Македонија од познати причини. Во чистењето на Моноспитовскиот канал, се разбира, можен е и фазен пристап, но за нас сега е најважно да се утврдат овие приоритети во смисла на почеток на градбата и токму во таа смисла Министерството заедно со Јавното водостопанско претпријатие на Македонија веќе почнати се тие подготовки и во смисла на евентуалното вклучување на градежната оператива на Армијата на Република Македонија што би значело прва фаза на чистење на каналот. А, за втората фаза во која што пред малку истакнав дека ќе треба да биде вклучено и Министерството за животна средина и просторно планирање, бидејќи ова е и од еколошки аспект, неговото присуство ќе биде многу важно. Тоа би било некоја втора фаза, но сега би било многу важно да се обезбедат овие средства кои што според проектот треба да изнесуваат толку, меѓутоа, евентуално можна е и некоја помала сума да биде потребна. Меѓутоа, велам во овој момент можам само тоа да го кажам дека се отпочнати сите активности и од страна на Министерството се прават интензивни подготовки да се изнајдат потребните средства за евентуален старт на овие два проекти.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господинот Азис Положани, министер за образование и наука.

Повелете господине министре.

**Азис Положани:** Без да се проширувам, се сложувам со сите констатации кои што госпоѓата пратеник ги кажа. Поради познатите финансиски можности и процедури што треба да се водат, јас само ќе кажам дека овие денови ќе продолжи. Завршени се процедурите и со продолжување на оваа втора фаза, така што ќе направиме се, навистина ова училиште да го завршиме така како што и беше предвидено и не само да го одржиме зборот, туку и да овозможиме на тие деца навистина да имаат подобри услови за образование.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Госпоѓо Ивановска дали сте задоволна од одговорот на прашањето и за да одиме на пауза, ве молам, бидете пократики.

**Лилјана Ивановска:** Моето дополнително прашање е дали овие средства од вториот тендер за доршување на училиштето со обемот на тој тендер, ќе бидат доволни за целосно завршување на реконструкцијата и доградбата на училиштето во село Моноспитово.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор господинот Азис Положани, мисністер за образование и наука.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Средствата од овој тендер, значи од оваа процедура што е завршена не се доволни. Но, тоа не значи дека ние не можеме поради потребите што се таму меѓувреме да се вклучиме со други можности и тоа да го реализираме. Мислам дека има простор и за таа работа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Третото прашање ви беше до Владата, а на тоа ќе добиете одговор или во писмена форма или после паузата.

Сега, објавувам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците тие што имаат прашања барем тие да влезат во Парламентот.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Госпоѓа Ивановска, информиран сум дека на третото прашање не е одговорено? Може. Тоа беше прашање за еврообврзниците?

Уклучете ја госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, вие не бевте тука.

Прашањето се однесуваше за идните активности за издавање на еврообврзници и мојата иницијатива за инициање на проектите за патниот правец Струмица-Штип-Свети Николе-Велес, да влезе во тие развојни проекти од аспект на економски развој.Другата иницијатива беше Струмница - граничен премин Ново Село прена Бугарија и Карго-аеродромот во Струмица. Тие беа трите развојни проекти кои, јас како иницијатива во контекст на тоа прашање сакав да го иницирам. Така да не е потребен одговор на тоа прашање.

**Љупчо Јордановски:** Барате одговор или може писмено, евентуално.

**Лилјана Ивановска:** Не, не барам одговор на тоа прашање, само иницирам иницијатива.

**Љупчо Јордановски:** Добро, значи може да продолжиме.

**Лилјана Ивановска:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Господине Паљошковски, како што гледате на дисплејот, вие сте на ред и имате 10 минути, 3 прашања.

**Ѓорге Паљошковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Моето прво прашање е до заменикот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Овој пат, господин заменик министер, само да ве потсетам на случајот со целосното измрзнување на градинарското производство во април 2003 година,како и на обилните врнежи од град и дожд во месец јули 2003 година што го зафати северозападниот дел на Струмичка котлина, поточно општина Босилово, со населените места и тоа:Петралинци,Гечерлија, Нова Маала, Чанаклија, Стрвош и други населени места од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Струмица, во соработка со општина Босилово беа на лице место со свои комисии. Изготвија записници за настанастите штети. Истите беа доставени до Владата на Република Македонија за настанатите штети и донесоа заклучоци за обештетување на граѓаните во тие населени места од општина Босилово.

Моето прашање гласи, кога ќе бидат обештетени граѓаните, односно земјоделците од населените места Петралинци,Гечерлија Чанаклија, Сарај, Нова Маала и други населени места што се наоѓаат во општина Босилово, што им беше нанесена огромна штета од страна на временските неприлики во 2003 година.

Моето второ прашање пак е упатено до заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Кратко ќе ве прашам и кратко ќе сакам да ми дадете одговор. Точно кога ќе се отпочне со чистење на речните корита во Струмичкиот регион? Веќе водостојот на речните корита знатно е намален. Од тие причини сметам дека нема пречки за чистење за да нема пак последици врз земјоделското производство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Паљошковски.

Првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете господине заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Направените штети од мразот и градот во 2003 година беа евидентни. Меѓутоа, се плашам дека прашањето е на погрешно место поставено, бидејќи за прогласување на елементарни непогоди постои Закон, кои услови треба да се исполнат за да се прогласи елементарна непогода на одреден регион што ќе биде зафатен од природни непогоди: град, поплави и тн. Тој закон надлежен да го спроведува локалната самоуправа, се разбира, заедно со Владата, Министерството за финансии и тн. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во својот буџет нема предвидено средства за такви елементарни непогоди, туку тоа се решава со закон за елементарни непогоди.

Затоа сметам дека е подобро ова прашање господинот пратеник да го постави до локална самоуправа или евентуално до Владата на Република Македонија. Ако сака ние писмено ќе одговориме, меѓутоа, тоа нема да биде соодветен одговор на тоа што тој го бара како одговор.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За разлика од вас кој рековте "благодарам потпретседателе", јас ќе речам министре.

Повелете господине Паљошковски, дали сте задоволни од одговорот?

**Ѓорѓе Паљошковски:** Јас не сум задоволен од одговорот од стана на заменикот министер, бидејќи беа направени проценки од страна на локалните самоправи и беше на локалните самоуправи на разгледување ветено дека отштета ќе им биде исплатена на сите луѓе кои претрпеа во тоа време. Се до денеска нема никаков одговор, ниту платено отштета на тие луѓе, без разлика на непрогласена елементарна непогода. Од страна на Владата им беше ветено.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање и исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за чистење на речните корита.

Повелете господине замениче.

**Санде Џамбазовски:** Се извинувам, пред паузата беше потпретседателот, па по инерција реков "потпретседателе", инаку не мислев да ја намалам функцијата.

**Љупчо Јордановски:** Мала шега не е на одмет.

**Санде Џамбазовски:** Пред паузата имаше едно прашање до министерот Владо Поповски кој детално одговори за преземените активности во однос на чистењето на каналите во Струмичко, посебно Моноспитовскиот канал и речните текови во Струмица. Мојот одговор нема да биде различен од одговорот даден од министерот Влада Поповски, бидејќи се прават активности, се бараат начини и средства да се обезбедат. По обезбедувањето на средствата,што верувам дека ке бидат скоро,ќе почнат со активности.

Ако бара точна дата да му кажам, нема да можам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Паљошковски дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање?

**Ѓорге Паљошковски:** Исто така и од овој одговор од заменикот министер не сум задоволен бидејќи веќе три години се чека на чистење на речните корита во Струмичкиот регион. Сметам дека тој проблем не само Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, туку и Владата треба сериозно да го земе во свои раце, за после да не ни биде доцна. Откако ќе биде доцна, пак ќе распишуваме дневници од сите вработени во Република Македонија да ги исплаќаме штетите на земјоделските производители.

Ги замолувам сериозно да ја сфатат работата. Во претходното излагање од страна на министерот беше опширно кажано, меѓутоа не беше кажано кога ќе се отпочни со работа. Сите одговори до сега се кажуваат на начин, од порано и од сега такаречено огругло на ќоше. Мислам дека треба еднаш засекогаш да бидеме конкретни и да се завршуваат работите, да нема последици во земјоделското производство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Имате коментар, повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Апсолутно не се разликуваме во однос на поскоро почнување со активностите. Меѓутоа, само да го корегирам пратеникот, не е пет години тоа да се чека, 20 години не се чистени каналите.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Сулејмановски, 10 минути, 3 прашања.

**Тасим Сулејмановски:** Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници.

Првото прашање го упатувам до министерот за труд и социјална политика, но за жал од лева страна не го гледам ни министерот, ни заменикот министер.

**Љупчо Јордановски:** Поставете го вие прашањето па писмено ќе одговорат.

**Тасим Сулејмановски:** Група граѓани, односно пензионери од Жировница користат право на сразмерен дел старосна пензија остварена заради нивната работа и осигурување во Република Германија. Висината на овој дел од пензијата поединечно за секој граѓанин, пензионер е различен заради тоа што истите имаат поминато различно време на осигурување. Оваа група пензионери од Жировница имаат остварено работен стаж и во Република Македонија. По завршувањето на 65 годишна старост и покрај поднесените барања, според кој се гледа дека ја исполнуваат старосната граница во Република Македонија не можат да остварат дел од старосната пензија во Република Македонија заради навршен одреден период работен стаж.

Прашањето е: И покрај постојани исполнети законски услови го прашувам министерот за труд и социјална политика да одговори зашто оваа група граѓани од Жировница не можат да остварат дел од пензијата заради навршен работен и пензиски стаж во Република Македонија. Или да биде уште појасно оваа група на граѓани барат да остварат дел од пензијата заради нивно работење во Република Македонија.

Одговорот може да биде во писмен дел.

Второто прашање го упатувам до министерот за транспорт и врски, односно до заменикот.

Голем е револтот на жителите од Реканскиот регион, сите оние кои го користат патниот правец по долината на реката Радика поради направените штети на нивните возила, затоа што месец дена на овој патен правец направени се дупки со машина, со цел да се санира состојбата на патот, но за жал тоа многу споро се прави.

Прашањето е: Зашто толку споро се санира состојбата на овој патен правец, господин заменик министер.

Третото прашање исто така го упатувам до министерот за транспорт и врски, односно до заменикот.

На патниот правец Маврово-Струга преку Дебар, на делницата од Жировница до Браната Глобочица ширината на коловозната лента е 5 метри. Сето тоа ја загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот. Па затоа прашувам. Кога ќе започне проширувањето на делницата Жировница-Хидроцентрала Глобочица.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Како што побаравте, првото прашање ќе ви биде одговорено писмено. На второто прашање, еве тука е заменикот министер нека одговори во врска со нивната бавност. Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Добро, дали се работи за бавноста, тоа ќе видиме, меѓутоа во секој случај, бидејќи пратеникот побара мислење од наша страна, ние преку Фондот за патишта, сега овде ќе го добиеме точниот одговор со состојбите на овие две делници. Така да овој одговор за двете

прашања и пратеникот ќе добие во писмен облик, комплетен преглед за двете делници.

**Љупчо Јордановски:** За да не бидете бавни како што рековте, за месец дена го очекувам одговорот.

Второто прашање е упатено исто до вас во врска со 5 метри пат.

**Дејан Кошутиќ:** Одговорот ќе биде многу побрз, иако и денеска немавме неодговорени прашања.

Пратеникот ќе добие одговор во најскоро време за двете прашања.

**Љупчо Јордановски:** Иако деловнички не е дозволено да реагирате, но еве, три писмени одговори ќе имате, но еве, дали сте задоволни од одговорот.

**Тасим Сулејмановски:** Од одговотот не сум задоволен, посебно за второто прашање. Не можам да сфатам за месец дена отворените дупки да не може да се санираат. Не сум јас инженер, но тука не би требало повеќе од пет,шест тури асфалт. И сега, да не можете сега за месец дена, ве молам.

(Дофрлање од место).

Не можам да одам во општина Ростуше.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е толку што можев да дозволам надвор од Деловникот.

Господине Стаменков, имате 10 минути да поставите три прашања.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претсдателе.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија, до премиерот.

(Дофрлање од место).

**Љупчо Јордановски:** Поставете го вие прашањето, јас ќе го проследам.Јавноста ќе го слушне, а јас ќе го проследам писмено.

(Дофрлање и реакции од место).

**Ванчо Стаменков:** Или пак до Министеството за економија да го поставам? Има ли претставник од таму?

**Љупчо Јордановски:** Не, реков на почетокот дека не се присутни.

**Ванчо Стаменков:** Што да правиме?

**Љупчо Јордановски:** Па немојте да поставувате прашања. Што да правите!?

**Ванчо Стаменков:** Јас ќе ги поставам а може писмено да одговорат.

**Љупчо Јордановски:** Писмено, повелете.

(Реакција од место).

**Ванчо Стаменков:** Значи, до Владата на Република Македонија.

Прашањето се однесува за АД "Шампињони" од Кочани.

АД "Шампињони" е ликвидирано во стечајна постапка. Не знам до каде е се завршено, немам информација, околу таа информација и дали стопостотно е завршено, што е направено со парите и како се распределени. Прашањето се однесува за вработените, односно работниците кои работеле во ова АД и после ликвидацијата се сега со статус на невработени лица. Се на Заводот за вработување. Овие работници, од оваа ликвидација, од оваа продажба на нивната фирма излегуваат како лица со неплатен стаж, неплатени придонеси и со неисплатени плати. Што е најлошо и лица кои сега не добиваат никаков надомест што обично го добиваат работници прогласени како технолошки вишок откако ќе се ликвидира фирмата.

Прашањето е, да се одговори што со работниците, однсоно сега невработените лица кои се останати при  ликвидацијата на АД "Шампињони" - Кочани?

Второто прашање е до министерот за образование. Се однесува за Медицинскиот факултет. Се прашува, луѓето прашуваат бидејќи имало иницијатива за отворање на нова катедра за логопедија и аудиологија од пред две години и сега прашуваат дали оваа година ќе се реализира отворањето на таква катедра, бидејќи сега за сега нашите студенти кои сакаат да студираат на овие насоки студираат во Белград и Софија, а државата дава одредени надоместоци како стипендии за нивно студирање. Троши пари. А, има сознанија дека во државава постојат такви кадри, доктори на науки кои ќе можат успешно да предаваат по овие предмети.

Прашањето е конкретно, дали оваа година, 2005 година ќе се реализира оваа иницијатива.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски. Во Просторниот план на Република Македонија од 2005 година требаше да се отпочне со реализација на проектот акумулација на Оризарска Река. Така беше зацртано уште во 2002 година, па потоа влезе и во Просторниот план на Република Македонија изградба на една акумулција односно брана на Оризарска Река.

Пршањето е конкретно, знаејќи ја состојбата со водоснабдувањето, во целиот кочански крај и винички, дека, ако не се изгради таа брана, многу брзо ќе се доведеме во состојба да ја доведеме во прашање егзистенцијата на 50 до 60 илјади луѓе по прашањето на водоснабдување.

Знаеме дека сега Градот Кочани со сите населени места се смабдуваа со вода за пиење од бунари кои што се наоѓаат во оризното поле на Кочани и показателите кажуваат дека тие ќе бидат со многу краток век, односно и сега веќе имаме големи рестрикции во текот на летниот период.

Првата фаза се заврши со изградбата на фабриката за вода и е пуштена во функција. Имаше некои проблеми, најверојатно, се решени.

Втората фаза требаше да биде  реализација на оваа брана. Дали оваа година, или кога мислиме да отпочнеме со реализација на овој проект: Изградба на брана на Оризарска река.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, значи вие сте тука најповикани и најодговорни. Како претседател на Собранието сте должни да го обезбедите присуството на Владата кога се пратенички прашања. Независно колку во салата седат пратеници кои што поставуваат прашања седат тука. Знаете вие дека деловнички не е врзано за кворум. Меѓутоа, сликата на левата страна, значи кај Владата и сами можете да видите два реда празни, нема претставник од Владата, немате министер за финансии, немате за внатрешни работи, немате за одбрана

(во салата влегува министерот за финансии и реагира од местото)

Добро, седете тук. Ние не знаеме дали сте тука.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре кога ќе добиете збор ќе кажете.

**Жарко Караџоски:** Јас се обраќам до претседателот на Собранието господине. Апелирам до вас претседателе да обезбедите присуство на претставниците на Владата. Ова наликува на институт пратенички прашања да се сведува на муабети, ќе ви одговорам писмено, или јавноста нека слуша ќе ви одговорам писмено.

Значи, ако сакаме денеска да имаме седница пратенички прашања, согласно Деловникот и согласно на тоа како е замислена, треба да обезбедите присуство на Владата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски јас знам дека и вие знаете дека се е деловнички направено, освен со тоа што јас немам деловничка можност на некој начин да го реализирам, освен да ги известам дека денес има пратенички прашања. Факт е дека сега влезе министерот за финансии. Факт е дека се надвор и ве слушаат, како што беше факт вчера кога вие бевте надвор и нормално не слушавте преку мониторите и не влеговте внатре. Затоа мислам дека процедуралното беше повеќе да се каже нешто, отколку дека е прекршена процедурата. Немам намера да водиме полемика околу тоа. По Деловник Владата е известена, Владата си сноси одговорност за нивното присуство. Вие ако сакате да поставувате пратенички прашања поставувајте, ако не сакате, не морате да поставувате. Затоа продолжуваме со одговорите на господинот Стаменков. Бидејќи тука не е претставникот од Министерството за економија, а Министерството за економија писмено не извести дека не се во состојба да бидат тука денеска. Тоа ќе биде писмено. Она што можам да го направам како претседател да го испратиме прашањето и да добиеме писмен одговор. Одговорноста за неприсуство и присуство на Владата е нивна, не е наша.

Повелете господине Герамитчиоски имате второ прашање.

**Тале Герамитчиоски:** Точно е дека до Одборот за акредитација е поднесено барање за отворање на студиска програма на студии по логопедија и аудиологија по долг временски период и во новиот Предлог на конкрусот од страна на Универзитетот беше предложено одредена квота на студенти да се запишат на таа студиска програма, но неможеше за оваа учебна година да се пристапи кон таа фаза, бидејќи Одборот за акредитација се нема изјаснето по однос на барањето од страна на Медицинскиот факултет. Согласно со процедурата на нормативите и стандардите, потребно е Одборот за акредитација да достави свое мислење, односно Предлог решение до министерот, за даможе таа студиска програма да добие решение за работа.

Исто така, сметам дека оваа студиска програма е неопходно потребна за Република Македонија, но од тие процедурални причини за оваа учебна година, тешко дека ќе може да биде остварена таа цел. Има и објективни околности, бидејќи на Одборот за акредитација му беше истечен мандатот, така да, подолг временски период шест месеци не работеа, бидејќи се чека измени во Закнот за високо образование, во кој што Одборот за акредитација и Агенцијата за евоулација би требало да се спојат, како што се во поголемиот дел европски земји. Бидејќи се натрупаа барањата ние се решивме на варијанта на Владата да се предложи и да се усвои нов состав на Одборот за акредитација, па додека не пристигнат измените на Законот за високо образование со кои што тие две тела ќе се спојат, засега ќе работи во ваков состав. Тие се објективните причини зошто Одборот за акредитација во еден подолг временски период активно не работеше и не се одговори на ова барање.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволни господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Задоволен сум, исцрпен беше одговорот, само да ја потуркаме работата ако може, да се реализира.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кошутиќ ако може да одговорите на прашањето за Оризарска Река.

**Деан Кошутиќ:** Пратеникот ќе добие писмен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Дајте ве молам да го смениме Деловникот, па вакви работи нема да се случуваат. И со Деловникот можеме тоа да го направиме.

Бидејќи сите прашања се завршени, господине Михајловски имате 10 минути за три прашања.

Повелете.

**Јордан Михајловски:** Јас максимално ќе го искористам моето деловничко право да поставам три пратенички прашања насловени првото до МНР, второто до Министерството за финансии и третото за Министерството за транспорт и врски, под чија надлежност се наоѓа Републичкиот фонд за регионални и магистрални патишта.

Првото прашање до МНР не е ново прашање кое го поставувам. Со оглед на тоа дека Владата веќе

има меѓудржавен договор со Србија и Црна Гора донесена е заедничка одлука за отворање на два гранични премина од општината Крива Паланка кон Трговиште, Србија и Црна Гора и од Крива Паланка кон Босиле Град. Знам дека отворањето на гранични премини е сложен процес, кој трае малку подолго време, дека е потребна координација на МНР, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и Министерството за транспорт и врски. Знам дека активностите се во тек, меѓутоа, од интерес на граѓаните е да се одговори кога конечно ќе бидат отворени овие два гранични премина кон Трговиште и кон Босиле Град.

Второто прашање исто така не е ново, што го упатувам до Министерството за финансии. Се работи за проблемот на стоково царинење на граничниот премин Деве Баир. Има позитивен одговор дека е потребно да се остварат одредени стандарди на граничниот премин Деве Баир, знам дека тие стандарди се веќе задоволени, знам дека остануваат некои отворени прашања што треба да ги изработи Јавното претпријатие, меѓутоа, со оглед на тоа дека имам позитивен одговор, а работата на овој граничен премин се девалвира, со оглед на тоа дека ги имаат стандардите, а исто така, е доведено во прашање рационалното работење на осумте шпедиции кои што ги има на Деве Баир.

Прашувам кога конечно ќе биде воведено стоково царинење на граничниот премин Деве Баир и третото прашање до Министерството за транспорт и вркси во чија надлежност се наоѓа Републичкиот фонд за регионални и магистрални патишта. Знам дека стратегија на оваа Влада е автопатско, железничко и енергетско поврзување со Република Бугарија во делот коридорот осум. Конечно, моето прашање се однесува на автопатското поврзување, со оглед на тоа дека нормалное нашата земја да се поврзе со Софија, со Бугарија која станува земја членка на ЕУ од повеќе аспекти. Видов во 2001 година од Министерството за транспорт и врски, односно Фондот за магистрални патишта, генерален проект за изградба на афтопат Скопје Совија. Се прашувам дали нешто се движи во овој правец .

Второто потпрашање, логички е врзано со првиот дел од прашањето. Автопатското поврзување, вакво какво што е од Куманово до Крива Паланка, поточно од делницата Раннковци и Крива Паланка не задоволува на зголемената фреквенција на овој пат, така да во последните 10-тина години, ние имаме повеќе од 10 жртви во кој гинат недолжни граѓани од Република Македонија , особено на црната точка меѓу двете села Глабочица и Псача, во месноста Просешино. Пред неколку дена имав непријатен случај да видам тешка сообраќајка со смртни последици.

Знам дека реконструкцијата на овој патен правец,каков што е , нема да ги подобри условите на патот, меѓутоа, може да ги ублажи.

Сакам да прашам што се превзема во однос на генералното автопатско поврзување со Софија и што се превзема на планот на реконструкција на овој патен правец и црната точка за која зборувам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Од Министерството за внатрешни рабори ве известив дека не се тука. Псмено ќе го добиете одговорот.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

На ова прашање ќе дадам одговор кој е единствено можен, а тоа е дека кога ќе се задоволат сите услови, кога Царинската управа ќе оцени дека има потреба од тоа, тогаш ќе биде тоа направено. Ако пратеникот од мене бара тоа да го детерминирам со дата и со рок во овој момент, тоа неможам да го направам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михајловски дали сте задоволни или имате дополнително прашање.

**Јордан Михајловски:** Благодарам на одговорот. Мислам дека од ова што го кажа министерот за финансии, одговорот е сосема рационален, со тоа се задоволуваат сите стандарди дека тоа ќе биде сработено во најскоро време и дека е од интерес овој граничен премин со колку целини ќе биде воведено.

**Љупчо Јордановски:** Господине Кошутиќ има до вас прашање.

**Дејан Кошутиќ:** Врз основа на денешните прашања кои се однесуваат на Фондот на регионални и магистрални патишта, посебно во делот кој се однесува на регионалните патишта,а знаеме дека тие се дел на динамична годишна програма за магистрални и регионални патишта, значи до наредната седница за пратенички прашања, пратениците ќе ги добијат одговорите на сите денешни прашања од Фондот за патишта, односно Македонија-пат и Министерството за транспорт и врски, затоа што е невозможно, апропо на барањето да дадеме одговор за поедини делници на регионални патишта усмено на самата седница. Меѓутоа, она што можеме, можеме до следниот рок да ги обезбедиме сите потребни информации за пратениците.

**Љупчо Јордановски:** Господине Михајловски дали сте задоволни од одговорот.

**Јордан Михајловски:** Задоволен сум.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајновски вашите три прашања и десетте минути, повелете.

**Драго Шајноски:** Моите прашања се до премиерот.

Пред два месеца поставив три прашања во врска АД ЕМО-Охрид и дадов кратко образложение за состојбата во ЕМО во 2002 година и состојбата после тоа. При тоа нагласив дека спрема прогитот и инвестиционите вложувања до 2002 година ЕМО го имаше своето најсилно раководство, потоа дека СИМЕНС нема да го купи

ЕМО, дека приватизацијата на ЕМО не е криминална и дека Владата ќе одговара на нотите од Србија и Црна Гора. Но вие во вашиот усмен говор пред два месеци кажавте, како и до денеска доставениот писмен одговор после два месеци, во ваш стил, на ништо конкретно не одговоривте, туку продолживте со тврдењето дека вие се сомневате во потеклото на парите на фирмата АРАРАТ. Тоа е се. Тоа е единствениот аргумент , вашиот сомнеж. При тоа, не се обидувате, тоа да го докажете преку редовен суд, туку во управна постапка, противзаконски му ги одвте акциите на Црногорскиот инвеститор. Вашата управна постапка беше оспорена од Народниот правобранител, од Хелшинскиот комитет и од Комисијата за спречување на корупцијата.

Сите овие институции тврдат дека само врз основа на сомненија неможе да се одземаат акции купени на берза. Тоа мора да се докаже на редовен суд. Што е уште посимтоматично, вие во немање докази , вашето сомневање го ставате на највисок пијадестал и спрема него вие сами неовластено пресудувате.

Не одговоривте зошто СИМЕНС сеуште го нема купено ЕМО, иако пред три месеци тврдевте дека СИМЕНС ја чека само одлуката на Врховниот суд и веднаш ќе дојде. Одлуката на Врховниот суд е донесена пред скоро три месеци. Каде е СИМЕНС. Зошто не одговорите на нотите од Српско-Црногорската Влада по однос на нивниот граѓанин Марковиќ. Ако е се така чисто и законски спроведено при одземањето на акциите од АРАРАТ, тогаш ве прашувам следното:

Прво, зошто моравте да го унштите ЕМО, па потоа да го превземете од АРАРАТ, кога можевте уште во 2002 година , кога ЕМО беше силна компанија, да го направите истото што го направивте во 2004 година, значи да го одземете по управна постапка.

Второ прашање зошто моравте да ја чекате смената на министерот за екномија Филиповски, да ја промените Комисијата за хартии од вредност и да ја промените второстепената владина комисија на два дена пред одлучувањето по предметот за ЕМО.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи премиерот не е тука, во негово име не верувам дека некој од овде би можел да одговори. Ќе добиете писмен одговор. Целта да се чуе господинот Шејновски веќе е остварена.

( се слуша дофрлање од место)

Мислам дека беа повеќе од три прашања, затоа јас и аудиостенограмот и писмениот стенограм ќе го пратам до премиерот и ќе добиете одговор.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Моето прво прашање е до Министерството за култура , тука е заменик министерот, а се однесува на Рекреативниот центар во село Пелинце, т.е. локацијата каде сеуште е во изградба Меморијалниот комплекс АСНОМ. Бидејќи самиот Рекреативен центар долго време е место за излет на граѓаните на Куманово и пошироко и со оглед на фактот дека поголем дел од слободните површини кои беа наменети за сместување на излетниците, е зафатено со изградбата на објектите од Меморијалниот центар. Мене ме интересира дали во проектот за комплетно уредување на Меморијалниот центар АСНОМ е предвидено и хортикултурно уредување на останатиот дел од парцелата, каде што би се надокнадила намалената површина за излетниците.

Второто потпрашање во таа област е, дали по завршувањето на изградбата на целиот комплекс, бидејќи објектите ќе ги преземе, како што слушаме музејот на град Куманово, кој ќе биде задолжен за уредувањето и одржувањето на чистоќата во целиот комплекс.

Второто прашање е до Министерството за економија, а се однесува за Проектот за помош на малите и средни претпријатија со кофинансирање на проекти за рекламирање на малите и средните претпријатија во странски земји, за рекламирање на фирма, производ, или така наречен бренд. Имено, имаше конкурс каде што заинтересираните мали и средни претпријатија можеа да се јават и да аплицираат, со документација, во Министерството за економија.

Ме интересира, по тој проект за оваа година, колку средства се наменети и колку средства досега се реализирани.

Благгодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ви одговори заменик министерот за култура госпоѓа Мелпомени Корнети.

Госпоѓа Корнети имате едно прашања и едно потпрашање. Ако сакате одговорете на двете, или само на едното.

Повелете.

**Мелпомени Корнети:** Толку коку што можам ќе кажам сега, а останатото, секако во писмена форма ќе го доставиме.

Господин претседателе, почитувани пратеници, меморијалниот центар Пелинце се реализира во фази, што значи дека покрај оној дел кој беше предаден во употреба минатата година, останува да се доврши втората фаза од овој меморијален комплекс и таа треба да следува во текот и на оваа година. Значи, во овој период што претстои ќе продолжи уредувањето на околниот простор. Што се однесува до одржувањето односно до холтикултурно уредување и на тој начин компензација на просторот од површините кои ги користеа излетници преку овој дел наменет за рекреација во околината на Меморијалниот комплекс. Тоа ќе биде, се разбира во договор и соработка меѓу локалната самоуправа, музејот на Куманово и се разбира, бидејќи станува збор за Меморијален комплекс кој го изгради државата, ќе има поддршка и од Буџетот на државата, преку Министерството за култура. Велам, тоа е малку покомплексно прашање и дозволете во писмена

форма до следната седница да Ви одговориме подетално.

**Љупчо Јордановски:** Господине Глигоријевски, задоволни ли сте од одговорот или имате дополнително прашање.

**Тома Гллигоријевски:** Задоволен сум од одговорот, но да не биде после, бидејќи ние лесно направиме, а потоа одржувањето оди тешко. Да не биде после да се тоа префрла од државата на локалната самоуправа, потоа на општината таму Старо Негоричане и да се запусти објектот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

На второто прашање ќе добиете писмен одговор, бидејќи нема претставник од Министерството за економија.

Повелете господине Ефтим Манев, имате 10 минути да ги поставите Вашите три прашања.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе,

Место три јас ќе поставам две прашања.

Првото прашање се однесува на младата, бидејќи одговорот би требало да произлезе од две министерства, а тоа е една долга и тешка хронична болест во Република Македонија по однос на шверцување на цигари кое нешто трае уште од 1991 година, уште од осамостојувањето на Република Македонија. Јас и во тој прв парламент поставив едно такво прашање и тогаш ми беше одговорено дека Република Македонија годишно губи некаде околу 30 милиони долари од цигарите кои се увезуваат незаконски, шверцувани, без да се плаќа данок на истите.

Во последно време, овие неколку денови или недели наназад, истото прашање се актуелизира во Република Македонија преку печатот дека во Република Македонија голема количина на цигари се увезуваат од Бугарија, влегуваат во Македонија, пак излегуваат, што укажува на едно перење на пари. Исто така пишуваше и за тројца наши граѓани, од Република Македонија кои се фатени во Република Грција со нелегален увоз на цигари. Место цигари товарот го прикажувале како платно, па таквите граѓани се задржани таму. Сето тоа укажува на еден висок криминал, организиран криминал, бидејќи тоа минува преку нашите граници каде што има и царина и полиција и веројатно се гледа преку прсти на таквото нешто, бидејќи позади таквите увози најверојатно стојат големи луѓе и големи пари се во игра. Во тој дел би сакал да се изготви и следното прашање:

Дали има евиденција во Република Македонија, колкави количини на цигари на таков начин, на незаконски начин, по пат на шверцување влегле во Републиката, за оваа година, да не се враќаме назад.

Исто така, бидејќи јас сум свесен дека тоа го знае Владата, колкави се количините и колку средства се губат по тој основ, би сакал Министерството за финансии да дадат една блиска оценка, колку парични средства губи Република Македонија во Буџетот, од таквиот нелегален увоз на цигари во Република Македонија. Тоа е едното прашање.

Второто прашање, бидејќи Владата не е многу комплетирана пак би било до Владата, бидејќи мислам дека тоа би требало да биде до министерот за економија, но нека биде до Владата.

Прашањето е следното:

Некаде во претходниот месец на еден повторен тендерн се продадоа рудниците "Саса" - Македонска каменица, за што ние имавме големо задоволство дека овие рудници ќе отпочнат со работа и тамошното население кое скоро нема никаква егзистенција од други извори на работење, освен рудниците, слушам и гледам преку ТВ и читам преку весници дека веројатно и од таквата продажба на тие рудници, нема ништо. Тие граѓани, тие работници се запрепастени за нивната судбина, а мислам за таквото нешто и те како Владата треба да води сметка. Ако тоа претходно продавање било непаметно направено, со валкани пари, што со ова.

Прашањето ми е, кога ќе отпочнт да работат рудниците "Саса" и кога работниците ќе се вратат на работа, тој број кој ќе биде потребен за да обавуваат една нормална работа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање е упатено до Владата, во врска со цигарите.

Кој ќе одговори на тоа прашање?

На прашањето ќе одговори министерот за финансии господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Мислам дека и самиот пратеник постави едно прилично контраверзно прашање, а тоа е колкав е обемот на шверцувани цигари, колку пари во Буџетот се губат од тој процес. Тоа е невозможно да се одговори, затоа што и самото прашање е за шверцувани цигари. Значи, тоа се цигари кои државата не успеала да ги исконтролира на легитимен начин да влезат во Македонија и од самиот тој факт е невозможно тоа да се квантифицира. Кога би се кфантифицирало би влегло во системот на легална трговија и не би била шверцувана. Така што Владата не може да има проценка колку е тоа и колку буџетски средства, односно не само буџетски средства, по таа основа се шверцуваат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев дали сте задоволни од одговорот.

**Ефтим Манев:** Како што гледа министерот од негов агол, можеби е така. Јас го поставив така прашањето и дадов едно контраверзие, но барав нешто друго.

Дали оваа Влада има преглед колкава е таа количина на цигари, што смсетам дека има. Сметам дека има преглед. Не може да пролетаат тие цигари преку планини и од Бугарија да влегуваат огромни шлепери, да знаат нашите новински агенции, може да ги кажат и кои се луѓето и вчера пишуваат од Грција кој е човекот. Ако владата не го знае тоа, значи Владата не сака да знае. Значи Владата треба малку да се занимава самата со себе, со своите сллужбеници

кои работат на граница, а може и надвор од граница, кои командуваат надвор од границата. Затоа не сум задоволен од таквиот одговор. Тоа е сега мене да ме прашаат дали има шверц на цигари во Русија или во Бугарија, не знам. Ние да незнаеме во нашата земја што се прави е смешна работа. Знам дека знаат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи дообјаснувањето го сметам како дополнително прашање, повелете министре имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Сега веќе е намерата на господинот Манев е појасна. Тој сака пред македонската јавност да каже дека Владлата шверцува и дека знае. Веднаш тоа да го демантирам и да кажам дека Владата нема никакви информации ниту активности во таа насока. Владата не може да негира дека некое време имало такви работи. Јас како министер за финансии, знам дека постоеле времиња во кои сум бил и пратеник во овој парламент, во кои некоја Влада имала точна информација колку цигари излегуваат шверцувани и колку буџетски средства се губат, затоа што тоа го организирала. Како што рече и господинот Манев, дел од тие луѓе се и зад граница. Јас колку што знам уште се со потерница за до граница, токму од овие причини.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа се пратенички прашања. Тоа не се полемики, Ве молам, за така да се однесуваме.

На второто прашање треба да одговори Владата.Ќе одговори писмено бидејќи е упатено прашањето до Министерството за економија.

Повелете господине Ќахил имате 10 минути да ги поставите вашите три прашања.

**Аднан Ќахил:** Благодарам претседателе,

Јас би поставил едно прашање во форма на две потпрашања или две прашања до Министерот за транспорт и врски.

Моето прашање би се состоело во следново:

Врз основа на реакции на одредена група граѓани, би го поставил првиот дел од прашањето што е упатено до Министерството за транспорт и врски, а се работи за она што во последно време е актуелно, за социјалните станови.

Социјалните станови кои своевремено беа доделувани на определен начин, во текот на минатата Влада, беа оспорувани и се изнесуваше дека 90% од тие станови биле правилно распоредени, а 10% неправилно распределени. И тие луѓе кои на некој начин добија станови, после 15 септември 2002 година, Министерството за транспорт и врски и оваа Влада им го укина нивното решение да може да се вселуваат, а некои и се вселија, и не им даде можност да бидат станари или сопственици на тие станови со образложение дека неправилно се доделени. Ја видовме и ситуацијата со Уставниот суд кој ги укина тие решенија, тоа е ситуација во Гостивар и други делови во Македонија, поготово Скопје.

Се поставува прашањето, што се случува со тие социјални станови. Ако се тие неправилно распределени, јавноста треба да знае кои се тие кои неправилно добиле стан, на кој начин а што со тие останатите 90% за кои впрочем и самата Влада рече дека направиле начин ги добиле тие станови. Дали е на повидок решение, дали ќе има решение и на кој начин ќе се решат тие проблеми, или пак ќе се чека уште година ипол да има реперкусии таа друга Влада или ќе се чека рекламна кампања за наредните избори 2006 година. Тоа е една работа.

Второто прашање се однесува на тие Владини станови, таа фамозна Владина зграда која често пати се користи за докусурување на некои функционери од минатото кои добиле станови таму на користење или со можност за откуп и тие се предметна хајка, дали сега треба да се иселат, не треба да се иселат, на кој начин да се иселат итн.

Јас не сакам да амнестирам никого, дали е правилно или не е правилно направена распределба, но би требало Владата а поготово Министерството за транспорт и врски, ако има сознание дека се неправилно доделени, неправилно продадени или како што се вика по пазарна цена, да кажат кои се тие и на кој начин.

Моето прашање, првиот дел од прашањето е, што мисли Министерот за транспорт и врски, а со тоа и Владата, да прави со тие социјални станови за да се реши проблемот на таа категорија граѓани.

Второто прашање, што мисли да прави, дали мисли да даде извештај за ситуацијата со тие владини станови што впрочем се предмет на кулоарски разговори, предмет на новинарско оговарање и пишување, а ние апсолутно немаме никаков увид, или јавноста нема никаков увид што се случува со нив и со тие луѓе.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кошутиќ, првото прашање социјални станови.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Во секој случај Министерството за транспорт и врски не ја донесе одлуката за поништување на Конкурсот туку Одлуката ја донесе Владата на Република Македонија 2003 година. Така што ние во писмена форма ќе го известиме пратеникот за развојот на настаните и за плановите со реализација на тие 457 стана. Во секој случај нема да се чека изборната 2006 година, туку ќе се решат во најскор можен рок. Покрај самото тоа што одредените згради кои беа предмет на конкурсот во 2002 година и каде е извршена распределба на становите, а во тој момент зградите не беа доизградени, некои не беа ни започнати со градба, а беа поделени станови. Во овој момент на добар дел од зградите веќе е извршен технички прием, значи завршена е

таа завршна процедура околу подготвувањето на зградите за предавање на корисниците.

За конкретната постапка и за сллучајот околу гостивар, пратеникот ќе добие одговор во писмена форма.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Аднан задоволни ли сте од одговорот или имате дополнително прашање.

**Аднан Ќахил:** Задоволен сум од одговорот.

Ќе се обидам да образложам и да поставам прашање можеби ќе добијам одговор.

Јас поставив две прашања. На првото прашање на некој начин има веќе воведен одговор.

Рековте господине заменик министер дека Владата донесе одлука, а не Министерството. Колку што знам Министерството за транспорт и врски е дел од Владата и мора да ги спроведува одлуките на Владата. Не може да очекувате вие да работите по свое а Владата по свое.

Точно е дека 2002 година некои станови не беа изградени. Но поминаа две ипол години, Владата и Нинистерството за транспорт и врски имаше обврска и право да ги реализира сите тие решенија, без разлика на кој начин ќе се реши тоа. Но, очигледно две ипол години се чека се тапка на место, а што се случува со тие луѓе, какви судбини се тие луѓе факт е дека никој тоа не го интересира.

Би сакал, не само за Гостивар, туку многу поширoко да имам извештај т.е. сите ние да имаме извештај во врска со оваа ситуација. Затоа би ве замолил, ако е можно не само за Гостивар туку и за другите ситуации да дадете писмен одговор во врска со ова прашање.

Што се однесува до вториот дел, односно не ми одговоривте за функционерите кои имаат станови земено. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Ќахил тоа е второто прашање кое јас ќе го псотавам сега.

Сега на првото прашање, јас ве прашувам дали сте задоволни.

**Аднан Ќахил:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Второто прашање до господинот Кошутиќ, Владина зграда, така ја нарекоа, службени станови.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Јас побарав пред малку збор, да се дообјасниме, бидејќи не се добро разбравме со пратеникот.

Јас пред малку кога реков дека ќе добие одговор во писмена форма, не мислев дека ќе добие во писмена форма одговор за Гостивар, туку едноставно ќе добие преглед до каде се тие 457 станови, значи нивна доизградба и што се планира околу разрешување на тој проблем. Тоа од проста причина што ние Парламентот на неколку наврати го известувавме и во 2003 и во 2004 година. Значи јас добро го разбрав прашањето на пратеникот и пратеникот во писмена форма ќе го добие одговорот, заправо во правец на прашањето кое го постави. Тоа е една работа.

Второ, бидејќи го отворивте второто прашање, за жал, веќе трет пат денеска е на погрешна адреса. Министерот Владо Поповски ќе даде одговор, бидејќи тој е од Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија, а не Министерството за транспорт и врски.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Само неколку реченици како одговор на поставеното прашање на пратеникот, бидејќи, ако добро се сеќаваме, а се сеќаваме еден друг пратеник постави слично прашање или исто, па во таа смисла Владата на Република Македонија зеде обврска за наредната седница да одговори во писмена форма.

Она што можам да му кажам на пратеникот е дека не е точно дека не се знае што се случува со таа зграда. Не верувам дека се води некаква хајка против некој од тие луѓе што се сместени таму. Ако се водеше хајка веројатно состојбата ќе беше малку поинаква, туку и Владата на Република Македонија односно нејзината Комисија во соработка со Јавното правобранителство на Република Македонија и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија ги води постапките, согласно законските прописи.

Значи, да се потсетиме, на два наврати Владата на Република Македонија писмено го известуваше Парламентот на Република Македонија, не е точно дека не сте добиле до сега никакви инфорамции и во таа смисла и тогаш ви кажавме дека зградата на улица "Стале Попов" број 9 брои 118 стана од кои добар дел од нив 50-тина, ако не се лажам, беа продадени според Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, одржување на станови во Република Македонија.

Владата на Република Македонија преку својата Комисија го оспори ова право со Програма за изменување на непостоечка програма односно на програма која не постоела за продажба на становите, бидејки сметаше дека таа не е во согласност со членот 34 од Законот за домување односно 33 и 34 каде е децидно утврдено на каков начин, под кои услови државните станови на Република Македонија или становите со кои располага Република Македонија можат да бидат доделувани.

Значи, во таа смисла соодветната Комисија во соработка со Јавното правобранителство се водат 11 расправи пред надлежниот суд во Република Македонија, да ви кажам дека се донесени две првостепени пресуди во корист на Владата на Република Македонија, но се разбира, ние ќе ги сочекаме останатите судски постапки.

Во таа смисла да истакнам дека е постигната една вонсудска спогодба, на пат е да се постигне уште една, а за седум луѓе имаме покренато тужби за иселување. Уште за неколку станови деновиве ќе биде направено, значи се што

сметаме дека е спротивно на членот 34 не само во поглед на овие станови, бидејки Комисијата на Владата на Република Македонија откри други недоследности, кога е во прашање користењето и располагањето со станбениот фонд на Република Македонија во тој случај таа ќе постапи со прогласување на ништавност на соодветните решенија .

Да прецизирам, ќе добиете целосна слика со име и презиме на сите станови на улицата "Стале Попов", меѓутоа, морам да ви кажам дека е вратена службеноста на околу 20-тина станови кои беа во првата фаза, заедно со Програмата, дадени на користење односно беше дозволена купопродажба на становите.

За сите 11 случаи кои становите ги купија според таа програма каде беа склучени купо-продажни договори реков се водат судски спорови, две првостепени пресуди се позитивни и се во корист на Владата на Република Македонија, а останатите продолжуваат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Аднан дали сте задоволен?

**Аднан Ќахил:** Не. Би сакал да кажам неколку работи и да поставам дополнително прашање.

Господине министре, дали други поставувале прашање, тоа се прашања на други пратеници, јас поставувам во мое име и она што мене ми сугерирале граѓани да поставам прашања во врска со ова. И тоа го правам. А, вие дали сте дале или не, вие што сте дале информации сметам дека не се доволни за да имам целосен преглед во оваа ситуација. На крај ми објаснивте дека е во постапка, терате веќе 11 предмети, тоа е веќе одговор дека во иднина ќе добиеме одговор за целосната ситуација.

Велите дека минатата Влада врз основа на непостоечка програма што ја измислила, по вас, ги продала овие станови и ги оспорувате по членот 34, што сметам дека не е така затоа што ако сте ревносни и ако сакате да ја истерате правдата на чистина би требало да видите дека и во изминатиот период, а ќе ви кажам периодот од 1998 година кога ние дојдовме на власт, три месеци пред тоа беа продадени 78 стана исто така по измислена програма по 300 марки метар квадратен, па би требало и за тие да направите ревизија да видите кој како добил станови и да покренете постапка. Ако на тој начин направите и видите кој не добил по пазарна цена или услови по кои не би требало да ги добијат становите, тогаш би требало да ги оспорите сите и да одите по тој терк и по тој систем. Не може да имате селективен пристап само кон определени луѓе и да кажете дека тие добивале станови или купувале станови по непостоечка програма кога јас, одговорно ви тврдам, и пред 1998 година има луѓе кои добивале станови или купувале станови по непостоечка програма и по непостоечки пазарни цени. Тоа е реалноста.

Затоа ве молам во вашиот одговор би требало да ги опфатите и тие ситуации пред 1998 година. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Претседателе, уште еден коментар, изгледа со пратеникот не се разбравме околу Програмата. Да прецизирам. Во оваа држава секоја година се носи Програма за изградба и одржување на станови. Новата Програма што е донесена за дополнување, значи мора да имате нешто за да дополните. Претходната Програма не била Програма за продажба на становите. Од тој аспект зборувам дека не постоела таква програма, но нека, ние ја оспоруваме целосно, сметаме дека е спротивна на членот 34 од Законот и ги водиме тие постапки кои со закон се дозволени.

Она што можам да ве уверам е дека максимално се псотапувало и ќе се псотапува според законските прописи. Во таа смисла не можам да ви ветам и да се вратам од 1964 година наваму, но она што е достапно на Комисијата и она што таа по укажување го работи во смисла од Јавното претпријатие, максимално можам да ве уверам дека постапуваме согласно законските прописи. Воопшто не ме интересира кој е човекот и за кое време, а дека е така можам да ве уверам еве и сега има двајца пратеници кои, според функцијата, ги оставивме тие станови, не сме оделе од некој друг аспект за кој претпоставувам дека сакате да ме имплицирате дека работиме по други теркови. Сега тие ги задржуваат становите, бидејќи сметаме согласно Законот тие можат да живеат во тие станови. Инаку, се друго што ќе најдеме дека не е во согласност со прописите решението ќе биде огласено за ништавно и воопшто тука немам никаква дилема по цена на се. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Поповска 10 минути, три прашања.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе, почитувани минситри, колеги пратеници,

Очигледно становите и станбената политика се интересно прашање така што ќе ми дозволите да псотавам едно прашање во врска со станбената политика.

Имено, до сега беа поставувани конкретни прашања за некои поединечни случаи, меѓутоа, јас сакам да поставам едно генерално прашање. Сметам дека станбеното прашање во Македонија претставува сериозен проблем особено за две категории граѓани млади брачни парови и социјално загрозени лица.

Во втората категорија особено во тешка ситуација се самохраните родители кои се многу често жртва на немање на некоја подолгорочна стратегија на овој план.

Моето прашање е конкретно. Дали Владата доби осмислена станбена политика гледано од неколку аспекти.

Прво, од аспект на анализа за потребите од станови.

Второ, од аспект на стратегија за задоволување на потребите и

Трето, од аспект на начинот на финансирање за реализација на оваа стратегија.

Притоа особено ме интересира моменталната состојба со државните станови, тоа би биле моите потпрашања значи колку ги има, кој ги користи и под какви услови и тука се допирам до некаде со прашањата на мојот претходник, но тој беше конкретно насочен и јас сакам една генерална инфорамција.

Ова го прашувам затоа што имам информации дека дел од овие државни станови се користат не наменски.

Инаку, до мене се имаат обратено повеќе граѓани кои имаат многу сериозни станбени пробелми и во овој случај само ќе спомнам еден, тоа е случајот со име Доста Матовска кој во повеќе медиуми беше актуелизиран повеќе пати, таа со години живее во метларникот на едно основно училиште на периферијата на Скопје, таа е самохрана мајка со две деца од кои едното е инвалид.

Вакви случаи има многу, ова е едно само како жална илустрација на состојбата каде очигледно имаме доста проблеми.

Прашањето го упатувам општо до Владата дали ќе одговори господинот Кошутиќ или господинот Поповски не знам, нека се договорат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Прашањата, не е прашањето, вкупно се шест.

Повелете господине Кошутиќ ако можете да одговорите.

**Дејан Кошутиќ:** Ова беше конкретно за станбената политика коај во ресорното Министерство за транспорт и врски, ние сме во можност на госпоѓата пратеник да и доставиме во писмена форма не одговор, туку аналитички преглед на активностите кои ги спроведува Владата и Министерството за транспорт и врски во изминатите две години околу изготвувањето и околу поставувањето на постабилни нозе на станбената политика.

Второ, аналитичкиот преглед на состојбите во станбениот сектор на ниво на Република Македонија. Значи, во можност сме во детална писмена форма да доставиме одговор на госпоѓата пратеник.

**Љупчо Јордановски:** Дали госпоѓата Поповска е задоволна или има дополнително прашање.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, му благодарам на заменикот министер за најавата на аналитичкиот преглед кој ќе го очекувам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски вашите десет минути за три прашања.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе го искористам своето деловничко право и ќе поставам три прашања.

Моето прво прашање, почитуван претседателе, јас ќе го упатам до Владата, па претставникот на Владата нека одлучи кому ќе го препрати. Инаку, би сакал да прашам дали има некој маж во оваа држава што ќе застане на патот на дивоградбата на разните таканаречени културно-историски споменици во Република Македонија. Сведоци сме, почитувани колеги, и почитувани претставници на Владата дека во Република Македонија последните години или последната година наназад ни се случуваат масовно никнување како печурки по дожд од разни повеќе историски отколку културни споменици од разни историски личности, според некој. Таков пример имавме можност и преку средствата за информриање целата македонска јавност да разбере кога се отвори, како да го наречам, споменикот на балистите во село Блаце и правната држава во Република Македонија преку Владата и нејзините институции освен што не извести дека таков споменик е никнат, други мерки не презеде. Се би било нормално во оваа наша држава, бидејќи е се ненормално, доколку овие денови не слушнавме повторно преку средствата за информирање, дека е на повидок повторно никнување на такви историски споменици овој пат во село Селце Тетовско каде се планира албанската заедница да изгради споменик во вид на двоглав орел, што би асоцирал на нивното државно знаме од соседна Албанија. Повторно ќе кажам дивоградба, на див начин, без да се почитуваат законите и без да се почитува она што значи институција во Република Македонија.

Затоа прашањето го поставив, немам ништо против да се градат споменици, тоа е обележје на културата или на историските настани во една држава, но ова мене ми звучи претенденциозно затоа што и регионот и спомениците кои се бираат мене ме асоцираат на она што имавме прилика да го зборуваме кога беше Законот за територијална поделба на овој начин некој сака да направи разграничување помеѓу два ентитета со тоа што на едниот ќе му ги даде историските улоги кои фактички ги нема.

Затоа прашав има ли некој маж во оваа држава, можеби се послужив со цитат на некој друг, но во суштина е токму така прашањето.

Второто прашање исто така до Владата, претставникот на Владата нека одлучи кому ќе му го препрати.

Почитувани претставници на Владата, почитувана вице-премиерке, ова не е директно до вас, би сакал да беше тука премиерот, тој е покомпетентен да одговори на ова прашање, затоа што имавме можност сите, а и јас како пратеник деновиве на онаа прес-конференција која имаше можност Владата да ја соопшти до јавноста кога го изнесе пакетот на економски мерки кои ги најавува во наредниот период на која имавме можност да слушнеме за разни економски мерки кои би требало оваа Влада во наредниот период да ги прави.

Јас на претходните седници поставив исто така прашање до премиерот што оваа Влада сработи во оние сто дена кои денови, според некое правило, ги почитуваме да не ја критикуваме,

премиерот најави дека ќе достави извештај до Собранието и ќе бидеме запознаени со сето тоа, но до ден денеска таков извештај не дојде и сега се прави дилема помеѓу тоа зошто извештајот не е дојден дали заради тоа што нема што да се каже или заради тоа што некој заборавил.

Со оглед на тоа да беа најавени така помпезни мерки кои би требало да уследат, меѓу кои 60 илјади нови вработени, а поучени од искуството на вработување по еден член од семејството и поучени односно во тек со настаните кои ни се случуваат во ист период, тука е Мисијата на ММФ, преговорите, разговорите, кои ги водиме во однос на аранжманот за кое вчера или некни имавме прилика да го слушнеме министерот за финансии од прилика што се договориле, едно со друго она што можев да го слушнам од министерот за финансии и она што го најави премиерот, не ми оди заедно односно ова најавување особено во делот на 60 илјади нови вработувања, ми личи на две различни работи.

Би сакал некој од Владата, јас пак ќе кажам тука можеби беше најкомпетентен премиерот, да каже дали она што го најави е само маркетинг или илузија или е реално она што министерот за финансии вчера го соопшти на прес-конференција по однос на Мисијата со ММФ.

Моето трето прашање повторно ќе го упатам до Владата на Република Македонија, овој пат мислам дека вице-премиерката може да одговори, нормално доколку сака.

Сите сме сведоци почитувани колеги дека во Република Македонија имаме состојба на судир помеѓу две надлежни институции кога станува збор во борбата против корупцијата. Од една страна ни е Антикорупциската комисија, од друга страна ни е Јавното обвинителство. Тие функционираат како рогови во вреќа, едните си делат лекции на други, другите си делат лекции на првите, а за сето тоа време корупцијата во Република Македонија цути претседателе се повеќе и повеќе.

Помина она време кога пред вас беше претседател господинот Поповски кога изјави во Република Македонија нема повеќе корупција, но, за жал, еве настаните зборуваат сосема нешто друго.

Ако го додадеме на тоа и другите институции во Република Македонија како што е Народниот правобранител кој исто така констатира дека односот со Јавното обвинителство е катастрофален. Ако ја земеме изјавата на госпоѓата Слаѓана Тасева која вели дека Прчевски е главниот кочничар во борбата против корупцијата, би сакал да го поставам следното прашање до Владата.

Дали воопшто Владата размислува, дали воопшто и текнало дека овој човек, со оглед на тоа што таа го предлага кога го именува Собранието, овој пат да предложи да го разреши. Предлогот да го достави до Собранието, па ние овде да гласаме да го разрешиме. Ако повеќе институции упатуваат на тоа дека Јавниот обвинител во Република Македонија освен што можеме да го видиме на разни прес-конференции каде очигледно само се фали, во однос на другата работа апсолутно немаме ништо.

Значи, има ли размислување во Владата по однос на разрешување, поточно доставување предлог до Собранието на Република Македонија за разрешување на господинот Прчевски, или можеби Владата ќе ја чека нашата интерпелација која како пратеничка група ја најавуваме подолго време, евентуално ние како пратеници да го разрешиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е до Владата во врска со спомен обележјата.

Има збор Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би сакала само да го информирам и пратеникот дека прашање со иста содржина беше претходно поставено на премиерот. Мислам дека не е упатно два пати да одговараме. А се надевам дека нема да ви пречи и ако некоја жена го реши проблемот, а не само маж. Меѓутоа, ова повеќе само како забелешка.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволен од одговорот.

**Жарко Караџоски:** Задоволен, со оглед дека жените очигледно можат да го решат проблемот.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не се уверивте во Парламентот дека е така?

Второто прашање е до Владата.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

**Никола Поповски:** Во врска со второто прашање веднаш да кажам дека нема никаква контрадикторност помеѓу програмата што ја презентираше премиерот и склучениот договор со ММФ, ниту пак во јавноста се дадени различни изјави. А попрецизно кажано, програмата што премиерот ја соопшти во јавноста повеќе се осврнува на целите што треба да постигне, додека договорот со ММФ традиционално и во овој случај со оглед дека се работи за обемен договор, повеќе, или најмногу се осврнува на мерките што треба да се преземат за да се постигне тоа. Се разбира, дека тие две не се во контрадикторност, туку се во хармонија, целите што се прокламирани и мерките кои ги преземавме и кои ги договаравме со договорот и аранжманот со ММФ, двете се во основна насока да се зголеми растот и да се намали невработеноста во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволен од одговорот.

**Жарко Караџоски:** Господине министре, нели како главен благајник во Владата бидејќи е под вас надлежноста на парите, всушност се во исклучива ваша надлежност, лично би ве прашал, дали вие верувате во сето она што го искажа премиерот?

**Љупчо Јордановски:** Ова е дополнително прашање.

**Никола Поповски:** Во Владата сме ориентирани да работиме. За верување има други институции.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е до Владата во врска со Јавниот обвинител и Комисијата за борба против корупцијата.

Има збор Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван господин пратеник, почитуван господине претседателе, се разбира дека во насока на поефикасна борба против корупцијата, не само оваа Влада, туку и претходните Влади требаше и до одредена мерка водеа политика во која што ќе создаваат, ќе зајакнуваат институции кои што треба да бидат независни дури и од Владата. Еден од инструментите кој што се користи за да се подобри борбата против организираниот криминал и корупцијата меѓу другото е јакнење на независноста на судството, но и јакнење на независноста на другите органи и институции кои што се вклучени во борба против корупција. А каков орган е во одредена мерка Државната комисија за борба против корупцијата, таков орган е и Јавното обвинителство согласно закон. Овие две институции немаат конфликт на надлежностите, или не би требало да го имаат тој конфликт, бидејќи нивните надлежности се дефинирани во законот. И навистина сметаме како Влада дека односите, дали лични, меѓутоа се повеќе и повеќе меѓуинституционални кои што се влошуваат во одредни моменти, дека се штетни и за Република Македонија, штетни се и за нашата борба против корупцијата. Апсолутно не мислам дека треба да ги персонализираме институциите, ниту пак да ги сведеме на лични борби на изјави и контраизјави. Сметаме дека тоа е лошо за нашите капацитети како држава, тоа остава лош впечаток и во државата, меѓутоа и надвор од државата. Очекуваме дека овие две институции кои што независно согласно закон треба да си ги исполнуваат своите задачи, дека оваа тенденција на лоши меѓучовечки и меѓуинституционални односи ќе ја завршат и дека ќе се свртат повеќе кон работата, а помалку кон јавните изјави и јавните престрелки. Се разбира дека согласно закон одговорноста на секој од носителите на функции е јасна и дека тука и Владата има одредени ингеренции, меѓутоа многу ограничени, колку што знаете со новиот Закон и за Јавно обвинителство и Собранието до одредена мерка. Меѓутоа, велам, не сакаме ние како Влада да влегуваме во конфликтот кој што беше очигледен помеѓу овие две институции. Сметаме дека тие самите мора да го решат бидејќи со закон им беа дадени големи овластувања и на едната и на другата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски дали сте задоволни од одговорот?

**Жарко Караџоски:** Не сум задоволен. Јас бев многу конкретен. Дали планира Владата да пушти предлог до Собранието на Република Македонија да биде разрешен господинот Пржевски. Од она што можев да разберам од почитуваната вице премиерка, не разбрав ништо освен дека треба да седнат и да работат институциите. Меѓутоа заборавате една работа дека Јавниот обвинител на Република Македонија е институција во ликот на господинот Прчевски, таа функционира по принципот на хиерархија и субординација.

Според тоа, тој не е било која личност, туку вистинската институција. Вие очигледно не размислувате, или можеби тоа ќе ни го препуштите нас како пратеници, затоа што сеуште тие измени за самостојност на Јавното обвинителство се уште не се дојдени. Додека не дојдат ние имаме право тоа да го направиме. Значи, конкретно беше дали Владата размислува да поднесе предлог? Ништо повеќе.

**Радмила Шекеринска:** Во Владата се разбира дека се дискутираат различни теми, меѓутоа вие знаете во моментот кога ќе почнат да се дискутираат кадровски прашања веднаш и пратениците и јавноста дознаваат. Така што бидете мирен, во моментот кога Владата ќе одлучи, а не ќе планира, веднаш ќе ја имате информацијата.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседател, јас имам само едно прашање упатено до министерот за култура, односно заменик министерот за култура госпоѓа Корнети. Прашањето го поставувам по укажување на сопственици на видеотеки, а се однесува за употребата и заштитата на македонскиот литературен јазик пред се, бидејќи за тоа постои законска обврска за филмовите кои што легално се увезуваат и дистрибуираат во ДВД и видео формат, а потоа преку мрежата на видеотеки се издаваат до македонските љубители на филмовите, значи станува збор за странските филмови и преводот на македонски јазик. Според нивните укажувања увозниците и дистрибутерите на овие филмови многу често не ја почитуваат обврската да обезбедат титлови на македонски литературен јазик, или пак ако веќе има превод на македонски јазик тој е направен несоодветно, значи не е според стандардите на литературниот јазик. Според нивните тврдења што мене посебно ме интригираат, така на пример еден од тие дистрибутери СВР, СА, не знам дали точно го изговарам името на дистрибутерот располага со 800 наслови на странски филмови кои ги издава и продава преку свои видеотеки, или пак ги продава на сопствениците на помалите видеотеки низ државата, кои што потоа ги издаваат на свои клиенти од кои што само 200 се преведени на македонски јазик и околу 20 на албански јазик. Повеќето други од оваа вкупна бројка имаат превод и титлови само на српски, или на хрватски јазик, особено во ДВД форматот имате можност за повеќе опции што ја прави својата проблематика уште понеразбирлива.

Прашањето е до Министерството за култура, односно до заменик министерот за култура, дали ваквите состојби Министерството ги следи, кои се механизмите и мерките што ги преземаат да се обезбеди заштита и употреба пред се на

македонскиот јазик на филмовите во ДВД и видео формат што се дистрибуира до видеотеките, а потоа се издаваат на македонските граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Мелпомени, имате збор.

**Мелпомени Корнети:** Благодарам.

При увоз, односно откупување на слика и звук, на филмови за користење во видеотеките, купувачот, значи сопственикот на видеотеката должен е да склучи договор со оној што им ги предава правата, кој што ги продава касетите во кој договор освен другите прашања финансиски итн. треба да се регулира прашањето на почитување на Законот за македонски јазик, односно со договорот да се обезбедат дека касетата која ќе ја продаваат, оној што им ја продава должен е да им ја даде, или по други услови да се договорат дека таа ќе биде преведена, синхронизирана, или титлувана на литературен македонски јазик. Значи, тоа е јасно.

Доколку тој што набавува касети не се обезбедил со оваа клаузула, тогаш самиот прави прекршок на некој начин и дистрибуцијата на вакви касети подлежи на примена на инспекцијата при Министерството за култура која во тој случај постапува по Законот за македонски јазик. Кај нелегални копии, примероци, се прекршува и Законот за авторски права, бидејќи во тој случај некому не се исплаќаат авторските, односно сродните права.

Во случајов за кој зборувате дека станува збор за лоши преводи, значи преводи кои не го почитуваат стандардизираниот македонски јазик, не се преведени на литературен македонски јазик, а би требало откупувачите, значи видеотеките да направат пријави до инспекцијата во Министерството за култура при што понатаму ќе се преземат мерки кои следуваат според Законот за македонски јазик. Со тој закон меѓу другото е предвидено дека секој текст што се објавува јавно, што служи за јавно користење преведен на македонски јазик треба да помине низ постапка на стручна лектура.

Значи, тоа се се одредби во законот кои дистрибутерите и видеотеките, односно оние кои изнајмуваат, продаваат видео касети се должни да ги почитуваат. Во спротивно како што веќе реков, инспекцијата по пријава, или при инспекциска контрола и наоѓање на такви примероци има право да ги заплени и да преземе соодветни мерки за санкции.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволна од одговорот?

**Каролина Ристова:** Јас сум задоволна од одговорот во делот дека постојат механизми законски за овој проблем да се надминува. Меѓутоа, повторно сакам да укажам на фактот дека постои таков проблем, значи треба поголема ангажираност на инспекциските служби. Мене сопствениците на видеотеките ми имаат покажано копии на филмови каде што има таков проблем. Впрочем и јас многу често сум корисник на такви изнајмени ДВД филмови каде што сама можам да го воочам проблемот. Значи, апелот е да се обезбеди многу поголема фокусираност за надминувањето на овој проблем и таму каде што постојат слабости да се најдат механизми за да се надминува ваквиот проблем.

**Љупчо Јордановски:** Имате додатен коментар?

**Мелпомени Корнети:** Фактот дека, еве сопственици на видеотеки самите реагираат, иако касетите се наводно преведени на македонски јазик, меѓутоа не лекториран, значи нелитературен македонски јазик говори за нараснување на свеста за значењето на чувањето и почитување на јазикот. Исто така познат е фактот дека Министерството за култура има проблеми со кадровско доекипирање на своите инспекции, на својата инспекциска служба. Оттаму можам само повратно да упатам апел до оние што ги даваат овие забелешки директно да се обраќаат до нашата инспекција со што значително ќе олеснат со точно определување на тие точки на кои се случува прекршување на законот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе, имав намера првото прашање да го поставам до Владата, односно до министерот за внатрешни работи, меѓутоа бидејќи не е овде, ќе го упатам до Владата на Република Македонија. Пред скоро три години на 20 актомври 2002 година во Тетово под маалскиот кош таму каде што играше со своите другарчиња беше убиен матурантот Ванчо Јосифовски. Од тогаш па до денес и полицијата и македонската јавност знае кој е убиецот на матурантот Ванчо Јосифовски, кој е извршител на овој грозоморен чин. Но, сеуште правдата не е задоволена. Објавена е потерница за сторителот, за сите во тетовскиот регион познат е извршителот и го гледаат многу често, дури тврдат дека и како другарува со полицијата, но сепак, не се наоѓа онаму каде што му е местото, зад решетките.

И повторно ќе кажам, за да биде задоволена правдата и Македонија да се декларира како правна држава. Мене ме интересира што прави Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи дали работи воопшто на овој случај и дали има намера да го затвори овој случај, бидејќи повторно ќе кажам, општо познато е дека сторителот се наоѓа во тетовскиот регион од село Порој до Тетово и многу лесно е доколку навистина има добра волја полицијата да ја спроведе правната држава и да го одведе сторителот пред судот. Мислам дека треба да реагира и дали воопшто Владата има намера да реагира за конечно да биде остварена, реализирана правдата. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за образование и наука. Тука е господинот Тале Герамитчиоски и би сакала и на ова Министерство да поставам прашање. Во оваа учебна 2005/2006 година колку што имам сознанија во Државните средни училишта за стручно образование

планирано е целосно воведување на ФАРЕ Програмата. Сега ФАРЕ Програмата во Република Македонија беше спроведена како пилот проект во 16 средни училишта. Знаеме дека доколку се спроведе на територијата на цела Република Македонија, значи во сите средни училишта тоа ќе доведе да се намали бројот на образовните профили. Понатаму, се заинтересирани и вработените во средните стручни училишта, меѓутоа и родителите и децата, врз основа на што се должи одлуката на Министерството, насекаде да биде спроведена ФАРЕ Програмата бидејќи досега нема направено никаква анализа, барем јавноста нема чуено, ниту пак училиштата имаат добиено написмено анализа кои се позитивните, а кои се негативните работи од примената на ФАРЕ Програмата.

Бидејќи веќе однапред штом се каже дека ФАРЕ Програмата ќе биде имплементирана во наредниот период во сите државни средни стручни училишта, тоа значи дека не се дава можност за нови предлог програми кои што ќе ги надминат негативностите кои што се веќе осознаени од имплементацијата на оваа ФАРЕ Програма. Токму заради тоа навистина е потребно заради јавноста, заради вработените во образованието, родителите и децата да кажете каде и кога е објавена анализата на успешноста на пилот проектот и кој го оценил. Зошто овој проект како успешен за нашето образование тој е воведен на територијата, односно ќе биде воведен во средно стручното образование за цела Република Македонија, уште повеќе заради тоа што знаеме дека очекуваме закон за средно стручно образование.

Доколку се носи ваков закон, ако оваа информација што е стасана до мене е вистинита, тогаш не може краткорочно да се имплементира, прво ФАРЕ Програмата, а после тоа да носиме закон, бидејќи можеби со законот ќе дефинираме нешто сосема трето. Тоа е до Министерството за образование и наука.

И третото прашање е до Министерството за труд и социјална политика. Сосема накратко. Нема претставник, меѓутоа најверојатно ќе треба да добиеме писмен одговор. Имавме можност и во медиумите, меѓутоа и во контактите со лицата со инвалидност да добиеме сознанија дека центрите за социјални грижи низ Република Македонија подолг период од неколку месеци воопшто не упатувале лекарски комисии по домовите на луѓето на кои што им е потребна нега и грижа од трето лице.

Значи не биле упатувани вакви комисии по домовите на овие лица со месеци под изговор дека недостасувале формулари или пак било кажувано дека е зимски период па не може Комисијата да оди по домовите на овие луѓе. Сите сме свесни што значи надоместокот за нега и грижа на луѓе кои се неподвижни, кои се инвалиди и што значи одлагањето од неколку месеци на ваквата исплата на надоместокот со кој тие треба да преживеат.

Токму заради сериозноста на проблемот кои го имаат илјадници луѓе во Република Македонија, го прашувам Министерството за труд и социјална политика кои мерки ќе ги преземе за заштита на корисниците на заштита на грижа и нега од трето лице, а против непрофесионалниот пристап на центрите за социјална грижа и кој ќе понесе одговорност за малтретирањето на инвалидизираните лица.

Благодарам, тоа се трите прашања.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Во однос на третото прашање имаме известување од министерот дека тој е во Охрид на советување во врска со Законот за работни односи, кој веќе е влезен во собраниска процедура.

Првото прашање е упатено до Владата и ќе одговори потпретседателот на Владата на РМ госпоѓица Радмила Шекеринска.

Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Само две реченици да кажам. Навистина се работи за многу сериозно прашање и мислам дека е апсолутно несоодветно овде јавно да даваме некои половични информации за една лична семејна и државна трагедија.

Затоа, би понудила Владата односно Министерството за внатрешни работи да изготви писмено одговор, меѓутоа, мислам дека не е соодветно и е апсолутно неприфатливо и неточно да се каже дека Министерството за внатрешни работи или било кој во оваа држава нема добра волја да го реши проблемот. Меѓутоа, да не влегувам и јас во дискусија, ќе има писмен одговор по ова прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Шекеринска.

Госпоѓо Бонева, ќе добиете писмен одговор на поставеното прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за образование и наука.

На прашањето ќе одговори заменикот министер за образование и наука Тале Герамитчиоски. Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана пратеничке, ФАРЕ програмата е започната од 1999 година. 2002 година кога се оствари трансферот на власта над 60 училишта од Средното стручно образование беа опфатени со таа програма. Можам на широко да ви објаснувам, но во интерес на времето сосема кратко ќе кажам дека тоа е изворно наша програма, наставните планови и програми ги создавале домашни стручњаци по предлози и сугестии на надворешни консултантски куќи и е финансирана од страна на ФАРЕ проектот. Таа на почетокот била експериментална со 16 опфатени училишта, но потоа било потпишано да се воведува во фази во сите други училишта и како што ви кажав до 2002 година веќе 60% од училиштата беа опфатени.

Зошто се пристапи кон имплементација во сите училишта? Затоа што дојдовме до апсурдна нелогичност, исти струки и образовни профили во различни училишта учат по различна наставна програма, што е недозволиво, бидејќи сите имаат иста диплома и исто звање на струка, односно образовен профил.

Второ, бидејќи станува збор за домашна, значи креирана програма од стручњаци во Бирото за развој на образованието, но и надворешни домашни експерти, тоа е иновирана прогрма која ја форсира практичната обука на наставникот, на ученикот и растоварува одделни програми и содржини. Значи тоа е нејзината позитивна страна. Понатаму, ако станува збор за негативност, претпоставувам дека прашувате за тоа што одредени часови по предметите Физика и Хемија се намалуваат, бидејќи тие предмети не егзистираат во новите наставни програми за трета и четврта година и одделен дел од предметите кои биле застапени со одреден фонд на часови се намалува, односно влегува во изборниот дел кој што ученикот го избира за матурата. Овде треба пошироко да се елаборира, а доколку сум нејасен може во друга прилика дополнително да одговорам на прашањето.

Кажавте нешто за Законот за средно стручно образование. Тој не ја третира проблематиката на наставните програми и планови. Во Законот не се дефинира кои наставни планови и програми се работат, тој ги регулира односите внатре и начинот на организирање на наставата, начините, условите и постапките на избор на наставниците и тн. Значи не е предмет на закон третирањето на наставната програма, наставните планови и програми во образованието. Како што и самите знаете, во националната програма за развој на образованието во наредниот десетгодишен период се прават напори конечно да се направи еден долгорочен модел на стручно образование во Републилка Македонија и за таа цел ќе биде етаблиран и центар за стручно образование од неколку министерства, така што и таа материја е регулирана во идниот закон за стручно образование кој ќе се најде пред вас на маса. Дали ова ќе биде преодно решение или не ова што сега егзистира, сепак ќе покаже јавната расправа во која и индивидуалци и институции во разна форма ќе можат да учествуваат и да даваат предлози и сугестии, а во крајна линија и во самиот Предлог на закон кога ќе биде во собраниска процедура на комисиите ќе може секој пратеник амандмански да реагира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволна од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање?

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Герамитчиоски, не се работи за тоа дали пратеничката Силвана Бонева ќе биде убедена дали ФАРЕ програмата е најдоброто решение за сите средни училишта во Република Македонија, туку се работи за тоа сите позитивни работи од ФАРЕ програмата и сите негативни работи да ги имате добиено од средните стручни училишта, врз основа на тоа да се изготви една анализа и да се достави до сите средни училишта, да бидат убедени и вработените и учениците и нивните родители дека го избрале најсоодветното решение и најдобрата програма и врз основа на тоа да велиме дека тоа е најдобрата програма за учениците од средното стручно образование во Република Македонија. Тоа беше моето кажување, бидејќи вработените, директорите, родителите и учениците не знаат зошто оваа програма е преземена, да биде не веќе експериментална програма и пилот проект, туку програма која ќе се применува во сите средни стручни училишта во Република Македонија. Прашањето е сосема конкретно, да има јасна анализа со учество на сите училишта, секој да ги каже предностите и слабостите на проектот кој бил до сега и врз основа на тоа да се изгради концептот понатаму.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Дополнително ќе одговори господинот Герамитчиоски,повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Се извинувам доколку не бев разбран. Ова е програма, процес кој што беше наследен и бидејќи било потпишано, биле превземени обврски, требало да биде завршен. Како континуитет, се согласувам со вас дека и ние на почетокот констатиравме дека фали еваулација на процесот и ние од петни жили настојувавме да побараме дополонителни средства од оние кои ја финансираат програмата, да се обезбеди таков процес. Започнат е таков процес на екстерна евалуација на ФАРЕ програмата. Резултатите уште не се пристигнати, а ви ја кажав причината зошто се воведе во сите училишта, бидејќи не беше недозволено електротехничар во едно училиште да работи по една програма, а во друго училиште да работи по друга програма и на крајот едноставно се создаде хаос во струката, односно во образовниот профил.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, знам, три прашања треба да поставам за десет минути.

Ќе почнам со Министерството за транспорт и врски и да го изложам она што ги мачи сите граѓани во источниот дел на Република Македонија, а тоа е патниот правец Струмица-Велес. Колку што се сеќавам поранешниот пратеник и сегашен актуелен градоначалник на Свети Николе, господинот Слободан Даневски, имаше информација за патниот правец преку Свети Николе, меѓутоа, за малку како да ги заборавивме граѓаните од Радовиш, Струмица и

останатите жители во тој регион. Ако ги споредиме податоците или патиштата кои постојат во западниот дел на Македонија со оние кои постојат во источниот дел на Македонија и веројатно со податоците кои ги има Министерството за внатрешни работи за бројот на сообраќајни несреќи кои се случуваат на тој дел од патот и истовремено ако знаеме дека тоа е единствен дел од патот кој ја поврзува Источна Македонија со главниот град на Република Македонија, Скопје, сакам да прашам какви се намерите на Владата, иако досега барав и од поранешниот министер за финансии Петар Гошев и од актуелниот министер за финансии во Буџетот да се предвидат средства за изградба на уште една лента за тој патен правец да не биде оптоварен, секогаш немаше пари за нешто друго освен за реконструкција. Јас се согласувам со колегата Јордан Михајловски дека треба да го изградиме автопатот Скопје - Софија, меѓутоа, ние да си ги завршиме прво нашите работи тука во Македонија, па ако можеме паралелно и тој пат да го градиме.

Значи прашањето е упатено до Министерството за транспорт и врски дали имаат намера да го прошират тој патен правец и да го изградат така како што треба, затоа што еден дел е коцка, еден дел е асфалт, а е единствен пат кој води од Источна Македонија до Скопје.

Второто прашање е, за да не ми се лути министерот за финансии дека еве го викаме и присуствува на денешната седница, да му поставам едно прашање во врска со процесот на денационализација. Според информациите кои јас ги имам дека повеќе од две години во Владата не работи Комисијата на Владата за решавање на предмети од втор степен во постапката за денационализација, жалбите кои се изјавени по првостепените решенија на комисиите не се решени и ако го имаме предвид фактот дека еден дел од граѓаните кои ја повеле таа постапка имаат намера да ја продолжат постапката и до меѓународните судови, би сакал да го прашам министерот за финансии каква е намерата на Владата во врска со започнатите постапки за денационализација и кога планира да завршат тие веќе започнати процеси.

Третото прашање го упатувам до Владата на Република Македонија. Она што го опфати во еден дел колегата Караџоски малку ќе го проширам. Се работи за Антикорупциската комисија. Како што таа тргна и почна да ги напаѓа сите институции, веројатно оправдано, и Јавното обвинителство и Владата и комисиите во Собранието на Република Македонија и министрите, скоро може да биде прогласена од власта не само за антикорупциска туку и за антидржавна комисија и сега најновата, експертски да ја наречам, иницијатива што во превод всушност значи афера во вистинска смисла на зборот е укажувањето дека договорот или непосредната спогодба што сака Владата да ја склучи со некоја фирма од Уругвај или Парагвај, не е важно од која земја доаѓа, за пренесување или за користење на мрежата на Електростопанство на Македонија за втор фиксен оператор, за да немаме замајување и на јавноста, за да нема повеќе работа Антикорупциската комисија затоа што самата укажа дека таков вид на непосредна спогодба не смее да склучи Владата, ја прашувам Владата дали има намера - јасно и гласно да каже - да ја склучи таквата непосредна спогодба или пак нема намера да ја склучи. Ако сака да ја склучи, што ќе добие, кои се всушност мотивите за склучување на таквата спогодба и што ќе добие во крајна линија Република Македонија, ако се знае или се претпоставува дека Владата се грижи за интересите на целата држава, не само за одредени групации, лоби или луѓе. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, госпоѓо Којзеклиска.

Првото прашање беше упатено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски Дејан Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Во целина се согласувам со почитуваната госпоѓа пратеник за нивото на инфраструктурата и патната инфраструктура во Источна Македонија. Имено, во неколку наврати и во самото излагање на премиерот беа искажани плановите и идеите на Владата на Република Македонија во наредниот период, претежно плановите и концентрацијата пред се на Министерството за транспорт и врски, а со самото тоа и на Фондот за магистрални и регионални патишта, да се пренасочи во плановите кон источната инфраструктура и со самото тоа што правиме интензивни активности на Владата на Република Македонија, заедно со колегите од Владата на Република Бугарија околу отворање на новите гранични премини, со самото тоа полека се движиме кон создавање предуслови за изготвување на еден одговор, според мене, бидејќи ова се провлекува во изминативе година, две, редовни пратенички прашања се за состојбата на источната патна инфраструктура, сметам дека се создадени услови полека да се пренасочиме кон размислувањето за нив, бидејќи се објективни не само заради прашањата на граѓаните, туку генерално како за граѓаните така и за комплетната економска инфраструктура во источниот дел, така што сметам дека многу брзо ќе имаме конкретни проекти и размислувања врз основа на кои би се изготвувал тој план за реконструкција на источната патна инфраструктура.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кошутиќ.

Госпоѓа Којзеклиска, дали сте задоволна од одговорот или имате дополнително прашање?

**Марија Којзеклиска:** Ќе бидам задоволна кога ќе го видам реконструиран тој дел.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски. Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Мора да направиме разлика меѓу надлежностите на Министерството за финансии и Второстепената комисија. Колешката Којзеклиска знае дека Второстепената комисија не е во состав на Министерството за финансии, напротив, е повисок орган во смисла на денационализацијата.

Тоа што можам да го кажам сега е следното. Имено, во Министерството за финансии процедурите одат релативно брзо затоа што има 11 комисии, меѓутоа, дека владината Второстепена комисија е само една, таму не може според законот да има повеќе второстепени комисии и практично сите решенија кои одат во второстепена постапка одат од 11-те наши комисии во една, во второстепената постапка која традиционално во Македонија е поставена волонтерски уште пред десет години, односно не се професионално вработени лица и се согласувам дека тоа малку го успорува таквиот процес во Второстепената комисија. Со оглед на ваквиот развој на настаните, Владата на Република Македонија последниве месеци неколку пати расправаше за проблемите со работата на второстепените комисии со цел таму да се забрза работата. Некои мерки и предлози се разгледуваат и сега нема потреба за нив да разговараме овде, но целта е да се забрза процесот на разгледување на жалбите во Второстепената комисија, откако ќе завршиме во Министерството за финансии. Се надевам дека тоа ќе вроди со плод. Инаку, таму, еднаш соопштив на Парламент, во текот на последните 4-5 години предметите се кумулираат, не е широко грло туку е тесно грло на процесот. Се надевам дека во месеците што доаѓаат одреден напредок ќе се постигне.

Инаку, само да ја известам госпоѓа Којзеклиска која сигурно тоа го знае, доколку и на Второстепената комисија има некој поплака или не е задоволен, следната станица не е Меѓународен суд туку е управна постапка во Врховниот суд. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпдине Поповски.

Госпоѓо Којзеклиска, дали сте задоволна од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Почитуван министре, јас би сакала вие да се заложите, со оглед на тоа дека комисиите работат во состав на Министерството за финансии, меѓутоа, и самите рековте дека таа е една и единствена комисија од втор степен при Владата за решавање на предметите во постапка за денационалнизација, работи споро, а предмети се трупаат, како што велите, би сакала лично вие да се заложите да може таа комисија конечно да почне поажурно да ги решава тие предмети, затоа што факт е дека многу луѓе чекаат, всушност предмети се решаваат кај таа второстепена комисија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ете, после толку време заедно во Парламентот за нешто да се согласиме со госпоѓата Којзеклика. Ја прифаќам таа иницијатива и ја уверувам дека и моја заложба е тоа, затоа што после Второстепена комисија тие повторно се враќаат на Првостепена комисија, ако ги прифати и нам исто ни создаваат понекогаш проблеми. Тука сме на исто, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Третото прашање е поставено до Владата.

Има збор потпретседателот на Владата на Република Македонија госпоѓица Радмила Шекеринска. Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Најпрвин би сакала да демантирам дека Владата во било која форма или во било која прилика кажала дека една државна институција е антидржавен елемент, ниту за другите институции ниту за Антикорупциската комисија таков став не сме изнеле. А кога веќе броиме против кого се зборувала и кога се критикувала Државната комисија за борба против корупцијата не е на одмет да спомнеме и дека некои пратеници од опозицијата кои не сакаа да достават во првиот момент анкетни листови исто така беа под удар, под оправдана критика на Антикорупциската комисија. Меѓутоа, главното е дека не ја гледаме Комисијата ниту како противник ниту како непријател на државата или Владата, туку напротив како наш партнер во борбата против корупцијата и ако некогаш имаме различни мислења, тоа е резултат на некои објективно поинакви процеси. Меѓутоа, тоа го спомнавте само како вовед во реалното прашање, а тоа е кој е ставот на Владата во врска со понудата на една домашна регистрирана фирма да ја користи постојната електроенергетска мрежа заради обезбедување на услуги за втор фиксен оператор, меѓутоа, и некои други комуникациски услуги. Јас сакам само да кажам дека Владата ја анализира оваа понуда или овој предлог и токму поради фактот што имаме одредени дилеми сеуште не сме го донеле нашиот став. Од една страна стои потребата од позабрзана либерализација на телекомуникацискиот сектор. Имено, прво тоа е интерес на Владата да го спроведе тоа што го ветила, а тоа е конкуренција и второ, тоа е пред се во интерес на граѓаните, кои со таква конкуренција би добиле и поефтини телефонски импулси. Во таа смисла предлогот е добар, влијае на либерализација на овој сектор, меѓутоа, се разбира дека Владата ќе поддржи само еден проект кој што ќе значи и транспарентна постапка,

односно постапка во која што можеби и други заинтересирани ќе ја изразат својата волја или барање да учествуваат во еден ваков процес на либерализација. Велам заради овие дилеми сеуште овој проект и овој предлог се анализира од страна на надлежните органи во Владата. Беше споменато дека ќе се побара и Антикорупциската комисија да даде свое мислење, а тоа оди само во насока на она што го кажав претходно, односно дека оваа Комисија ја гледаме како партнер, не сакаме да ја заобиколуваме ниту пак сакаме анблок да ги одбиеме нејзините мислења. Штом Владата ќе ги земе предвид сите овие аргументи за или против, ќе излезе пред јавноста и ќе го брани својот став и се разбира дека и пратениците ќе бидат информирани за таа одлука.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате некое дополнително прашање?

Повелете, има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да бидеме на јасно дека јас не сум против либерализација на вториот фиксен оператор, односно конкуренцијата која ќе се спроведе доколку дојде до вклучување или појавување на повеќе лица во однос на таквиот начин на определување на втор фиксен оператор, меѓутоа сакам да ја предупредам Владата, кога ќе ги земе сите аргуменити за и против, немој на крајот да излезе дека најголем аргумент требало да биде токму склучувањето на непосредната спогодба, само како предупредување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Госпоѓице Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Денес ни тргна со консензус власт - опозиција, ќе кажам само дека и лично мислам дека како Влада се согласуваме со пратеничката од опозицијата, целта ќе ни биде да обезбедиме и постапка и резултат кој нема да биде спорен во делот на транспарентност и во делот на евентуален конфликт на интерес, така што мислам дека тоа е добра сугестија која ќе ја прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека повеќе нема пријавени пратеници за поставување на пратенички прашања.

Ја заклучувам Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,10 часот).